УНИВЕРЗИТЕТ СВ„КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за социјална работа и социјална политика

Елизабета Тодор Куновска

# ИНОВАТИВНИ ПРИСТАПИ ВО ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА: ПЕРЦЕПЦИИ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И КОРИСНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Докторски труд

Скопје, 2024

**На моите баба Софија и мајка Цветанка,**
**мојата безрезервна поддршка и поттик**

Докторанд:
Елизабета Тодор Куновска

Тема:
ИНОВАТИВНИ ПРИСТАПИ ВО ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА: ПЕРЦЕПЦИИ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И КОРИСНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Ментор:
Проф. д-р МАЈА ГЕРОВСКА МИТЕВ
Филозофски факултет

Комисија за одбрана:

Проф. д-р ВЛАДИМИР ИЛИЕВСКИ (претседател)
Филозофски факултет

Проф. д-р МАЈА ГЕРОВСКА МИТЕВ
Филозофски факултет

Проф. д-р НАТАША БОГОЕВСКА, член
Филозофски факултет

Проф. д-р СУЗАНА БОРНАРОВА, член
Филозофски факултет

Проф. д-р ИВАН ТРАЈКОВ, член
Филозофски факултет

Научна област:
Социјална политика

Датум на одбрана:

Изјавувам дека докторскиот труд е оригинален труд што го имам изработено самостојно.

-----------------------------------------------------

Елизабета Куновска

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со испечатениот докторски труд.

-----------------------------------------------------

Елизабета Куновска

**ВОВЕД**..........................................................................................................8
ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ.............................................................................................10
1. Перспективи и парадигми за раниот детски развој и детската заштита..............13
1.1. Развојни перспективи ...................................................................................13
1.1.1. Формативните години од животот...........................................................13
1.1.2. Невронаука...................................................................................................16
1.1.3. Време на ранливост и издржливост .........................................................17
1.2 Политичко-економски перспективи ...............................................................18
1.2.1. Компензирање на недостатоците и изедначување на пристап до образование ..............................................................................................................18
1.2.2. Оценување на долгорочните резултати од раната интервенција............18
1.2.3. Рано детство и човечки капитал ...............................................................20
1.2.4. Човечки капитал, етика и политика..........................................................21
1.3. Социјална и културна перспектива ...............................................................22
1.3.1. Практики што се развојно соодветни........................................................22
1.3.2. Квалитет, критички перспективи и политика на раното детство ...........26
1.4. Перспектива за човекови права ....................................................................27
1.4.1. Нова, универзална парадигма....................................................................27
1.4.2. Спроведување на детските права во раното детство..............................28
1.4.3. Партиципативни права во теорија и практика .........................................30
1.4.4. Права и развојни капацитети .....................................................................31
2. Влијанието на сиромаштијата врз раниот детски развој..................................34
2.1. Дефиниција на сиромаштија..........................................................................34
2.2. Влијание на сиромаштијата врз развојот на детето и образовни резултати......35
2.2.1. Интервенции за подобрување на развојот и образовните резултати на децата ......................................................................................................................38
2.3. Влијанието на сиромаштијата врз семејствата и заедницата............................39
2.4. Родителство и сиромаштија ..........................................................................40
3. Иновативни пристапи кон раниот детски развој и детска заштита: меѓународни искуства.........................................................................................................44
3.1 Иновации за континуираниот професионален развој во раниот детски развој и заштита..........................................................................................................44
3.1.1. Рефлексивност, рефлексија и критичко размислување...........................47
3.1.2. Заедници на пракса и мрежи.....................................................................48
3.1.3. Иновации во континуираниот професионален развој што се насочени кон социјалната нееднаквост ......................................................................49
3.2. Иновации во курикулумите/наставните програми ........................................50
3.2.1. Последни трендови во праксата во рано детство ....................................51
3.2.2. Јазици и појавна писменост .......................................................................54
3.3 Креативност и културни иновации во раниот детски развој и заштита ............57
3.4. Употреба на информатички технологии (ИТ) во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ...................................................59
3.5 Употреба на мултидимензионално мерење на детска сиромаштија и благосостојба како иновативен пристап ...........................................................60
3.6. Иновирање преку универзални детски додатоци.............................................65
3.6.1. Универзални надоместоци ........................................................................67

3.6.2. Квази-универзални надоместоци.....67
3.6.3. Шеми/програми на универзалните и квази универзалните надоместоци .....68
3.6.4. „Пакети“ за детски додаток и парични и даночни ослободувања.....70
3.6.5. Таргетирање и видови механизми за таргетирање .....71
3.6.6. Условеност.....75
3.6.7. Покриеност.....76
3.6.8. Износи на трансфери.....77
3.6.8. Администрација на надоместоците.....79
3.6.9. Трошоци и финансирање.....82
4. Реформи во системот на социјална и детска заштита во Република Северна Македонија .....84
4.1. Систем на социјална и детска заштита.....84
4.1.1 Реформа на паричните надоместоци во системот за социјална и детска заштита.....85
4.1.2. Реформа на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.....88
ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ.....91
5. Методологија на истражувањето.....92
5.1. Предмет на истражување .....92
5.2. Дефинирање на клучните поими.....92
5.3. Цели на истражувањето.....94
5.3.1. Образложение на работните хипотези и тези.....94
5.4. Научни методи што ќе се применуваат.....95
5.5. Очекуван научен придонес .....95
5.6. Примена на резултатите од истражувањето .....95
6. Резултати од емпириско истражување .....96
6.1. Резултати од истражувањето со стручни работници во ЦСР и установи за деца98
6.2. Резултати од истражување на корисници на права од Законот за заштита на децата .....108
6.3. Резултати од истражување на корисници на услуги во установи за деца ..... 113
6.4. Заклучоци со препораки.....118
Прилог 1 - Структуриран прашалник за стручни работници во цср и установи за деца.....121
Прилог 2 - Структуриран прашалник за корисници на права од Законот за заштита на децата .....124
Прилог 3 - Структуриран прашалник за корисници на услуги во установи за деца .....126
Библиографија.....132

**ВОВЕД**

Заштитата на децата во Република Северна Македонија се остварува преку обезбедување определени права, услуги, средства и облици за заштита на децата.

Во Република Северна Македонија, системот за заштита на децата е уреден со два закони, и тоа со Законот за заштита на децата (ЗЗД) и Законот за социјална заштита (ЗСЗ).

Согласно Законот за заштита на децата, заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард, што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата.

Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување развој на установи и служби за заштита на децата.

Во примената на одредбите на законот се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување други социјални права и слободи на детето.

Парични права за заштита на децата, кои се регулирани со Законот за заштита на децата се: детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, додаток за образование и партиципација, Другите права, кои, исто така, се утврдени со законот, ги обезбедува државата. Облици на заштита на децата, во смисла на ЗЗД, се: згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на деца и други облици на заштита[1].

Заштитата на децата, исто така, е опфатена и со Законот за социјална заштита (ЗСЗ). Имено, со ЗСЗ се предвидени социјални права и услуги, кои се директно насочени кон детето или, пак, детето како член на семејството/домаќинството се јавува како соуживател/индиректен корисник.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување права на парична помош од социјална заштита и обезбедување социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон. Социјалната заштита се остварува и преку преземање мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствена заштита, воспитание и образование и во други области во согласност со законот. Установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги во остварување на социјалната заштита соработуваат со установите за деца, училиштата, здравствените установи, полицијата, правосудните и другите државни органи, здруженија и други правни и

[1] Закон за заштита на децата, консолидиран текст - 2022 година

физички лица[2].

Права на парична помош од социјална заштита во кои децата се јавуваат како соуживатели се: гарантирана минимална помош, надоместок на плата за скратено работно време и додаток за домување.

Научниот труд „Потреба од иновации во системот за заштита на децата во Република Северна Македонија: перцепции на стручните работници и корисниците“ има за цел да ги идентификува потребите за иновации во системот за заштита на децата.

Теоретскиот дел од трудот е фрагментиран во поглавја, кои го контекстуализираат докторскиот труд во истражувањата за раниот детски развој, во истражувањата за сиромаштијата, во истражувањата и пристапите за иновациите во детската заштита, како и врамување на проблематиката на докторскиот труд во однос на легислативните и реформските специфики во доменот на детската и социјалната заштита во Република Северна Македонија.

Истражувачкиот дел дава приказ на применетата методологија на истражувањето, целите на истражувањето, резултатите од истражувањето, кои се поделени во два дела: резултати од истражување со корисници на права од Законот за заштита на децата и резултати од истражување на корисници на услуги во установи за деца.

Овој труд ќе даде голем научен придонес бидејќи мислењето и ставовите на стручните работници и корисниците во однос на потребата од иновации во системот на заштита на децата досега не е предмет на ниту едно истражување.

Податоците од емпириското истражување ќе придонесат за идентификација на недостатоците во системот, како и можни области за интервенција, кои ќе доведат до унапредување на системот за заштита на децата во Република Македонија.

Добиените резултати ќе се искористат за унапредување на системот за детска заштита, односно воспоставување систем, во кој ќе се надминат идентификуваните пропусти и недостатоци во остварувањето на правата и обезбедувањето услуги.

[2] Закон за социјална заштита, 2019 година

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Подобрувањето на квалитетот на животот на децата на предучилишна возраст преку почитување на правата на децата, подобрување на програмите за рано учење и развој и креирање политики по мерка на децата е приоритет на национално и меѓународно ниво.

Филозофскиот и научниот интерес за раното детство има многу долга историја, а релевантните придонеси го опфаќаат целиот опсег на академски дисциплини, (вклучувајќи биологија, психологија, социологија, антропологија, економија), како и главните области на применети истражувања (особено образование, социјална политика, здравствени истражувања, право, развојни студии). Раниот детски развој, како област на интерес, може да изгледа прилично фрагментиран, со конкурентни теоретски рамки поврзани со длабоки разлики во научната и епистемолошката перспектива, а во некои случаи тесно усогласени со одредени цели и наративи на политиката (на пр. рана интервенција и училишни резултати, родители што работат и услуги за грижа за деца итн.) и пристапи кон курикулумот/наставната програма и педагогијата (на пр. развојни модели насочени кон детето, еколошки модели базирани на заедницата).

Покрај тоа, доминантните парадигми, во голема мера, се поврзани со неодамнешната историја на економски, образовни и општествени промени во западните општества. Критиката на овие доминантни парадигми, сама по себе, беше поттик за многу иновативни теоретски студии. Неодамнешното појавување на многу посилен пристап заснован на права во развојот на политиките го привлекува вниманието на глобалните неправди во раното детство, кои се однесуваат на милиони мали деца на кои секојдневно им се ускратувани најфундаменталните права на опстанок, здравје и благосостојба. Тоа се совпаѓа со зголемениот интерес меѓу научниците за интердисциплинарни, меѓународни студии за детството, заедно со преземање други чекори, кои ќе обезбедат избалансирани капацитети за истражување, иновации и евалуација.

Односите меѓу истражувањето и политиката ретко се линеарни, почесто се чини дека функционираат како паралелни, но понекогаш и меѓусебно поврзани заедници на интерес, понекогаш обликувајќи, а понекогаш искористувајќи се меѓусебно, а другпат политиките спорат за импликациите на истражувањето или истражувањата за оправдувањата за политиката. Во меѓувреме, и двете се обликуваат или се обликувани од поширокиот политички/економски/културен контекст на раното детство, национално и регионално, и се во согласност со глобалните економски, политички, демографски, технолошки и културни промени. Одвреме-навреме, истражувањата може да имаат значително влијание врз политиката, како што е примерот во 1980-тите, кога се појавија нови докази за придобивките од раната интервенција. Приоритетите во истражувањата често се водени и од образовни или од научни агенди, не само од политиката

За да се стави одреден ред во различните пристапи кон теоријата и истражувањето на раното детство, ќе се осврнеме на четири широки перспективи или парадигми.

Во првото потпоглавје разгледани се развојните перспективи во контекст на формативните години, невронауката, како и ранливоста и издржливоста. Елаборирани се аргументи, кои ги поврзуваат повеќекратни негативни ефекти врз добросостојбата на децата од материјални лишувања, нарушени, искривени и

навредливи односи, конфликти, раселување и принудени миграции. Исто така, ова потпоглавје се осврнува и на аргументи низ истражувачки сознанија поврзани со општата отпорност на развојните процеси и на опсегот за компензирање на негативните последици. Аргументите нудат пооптимистичка слика за раното детство, истакнувајќи ја раната интервенција како најефикасна основа за обезбедување позитивна долгорочна благосостојба на децата. Второто потпоглавје ги разгледува политичко-економските перспективи, како: компензирање на недостатоците и изедначување на пристапот до образование, оценување на долгорочните резултати од раната интервенција, раното детство и човечкиот капитал, како и човечкиот капитал низ призмата на етиката и политиката. Во третото потпоглавје даден е осврт на социјалните и културните перспективи низ призма на практики што се развојно соодветни наоди поврзани со различностите во раното детство; развојот како социјален и културен процес и раното детство што е општествено изградено. Четвртото потпоглавје ги анализира перспективите низ призма на човековите права. Во завршниот дел на ова поглавја сумирани се анализираните теоретски пристапи каде што е констатирано дека секој од четирите теоретски дискурси кон раниот детски развој нуди можности за специфично насочување на истражувањата во домен на детската заштита.

# 1. Перспективи и парадигми за раниот детски развој и детската заштита

## 1.1. Развојни перспективи

### 1.1.1. Формативните години од животот

Една од најстарите и највлијателни теми што ја обликуваат политиката за раното детство е дека интервенциите во раните години ги формираат долгорочните перспективи на децата. Секако оваа тема има специфична резонанца со програми, кои имаат за цел да интервенираат во надминувањето на социјалните/економските неповолности и други пречки, кои имаат негативни последици за детската добросостојба. Мора да истакнеме дека реперкусиите се изразени многу пошироко, вклучувајќи ги наставните програми и педагошките претпоставки за постигнувањата кај децата согласно нивните развојни потенцијали, економските теории за човечкиот капитал и политичките теории за социјална правда.

Основната идеја може да се пронајде во минатото дури кај Платон (428-348 п.н.е.):

„И првиот чекор... секогаш е она што е најважно, особено кога имаме работа со млади и ранливи. Ова е време кога тие се обликуваат и кога секоја интервенција што ќе ја преземеме остава трајна трага“ (цитирано во Clarke and Clarke, 2000).

Идејата имала големо влијание во тврдењата на Џон Лок од осумнаесеттиот век за „табула раса“, како и преку многубројни влијателни реформатори и педагози за раното детство низ вековите. Првите детални систематски набљудувања на развојот на доенчињата и децата биле спроведени во научна рамка кон крајот на деветнаесеттиот век и ова поле на истражување било цврсто воспоставено и станало влијателно во текот на дваесеттиот век. Неколку клучни теоретичари доминираат во учебниците, особено Пјаже, Брунер и Виготски, чија работа директно влијаела врз содржината на низа наставни програми и педагогии.

Оставајќи ги настрана специфичните акценти на влијателните теории, развојните перспективи ги опфаќаат следните теми:

- Физичкото, менталното, социјалното и емоционалното функционирање на малите деца е изразито различно од она на постарите деца и возрасните, што опфаќа карактеристични фази, нивоа и пресвртници во развојот.
- Бројни прогресивни трансформации се случуваат во физичките, менталните, когнитивните и во социјално-емоционалните компетенции на децата, од најраното детство до почетокот на основното образование. Овие трансформации го означуваат стекнувањето вештини и капацитети, начини на воспоставување врски, поврзување, комуникација, учење и игра итн.
- Раното детство е периодот од животот кога децата се најмногу зависни од

безбедни, одговорни односи со другите (возрасни, браќа и сестри и врсници), не само за да се обезбеди нивниот опстанок, туку и нивната емоционална сигурност, социјална интеграција и стекнување когнитивни и културни компетенции.

- Развојот на малите деца е особено чувствителен на негативните влијанија од раната неухранетост, лишувањето од родителска грижа и одговорното родителство или, пак, нарушениот и несоодветен третман;
- Онаму каде што основните потреби на децата не се задоволени или ако се малтретирани или злоупотребувани, последиците често се видливи во текот на детството, но и подоцна во текот на животот.
- Додека раниот развој може да се сумира во смисла на универзални општи принципи, контекстот за искуствата и патеките за соодветен развој се многу променливи, особено поврзани со индивидуалните капацитети и посебните потреби на малите деца, нивниот пол, етничка припадност, како и економската, социјалната и културната средина.

Резултатите од истражувањата за раниот детски развој долго време се главен извор на теории, докази и контроверзии околу грижата и образованието на малите деца. Брзата индустријализација, урбанизација и воспоставувањето универзално образование во западните општества создадоа широка побарувачка за знаење за потребите на децата и нивните развојни капацитети согласно возраста, но не само за програмите за образование на нови наставници, туку и за прирачници за совети за родителите (Walkerdine, 1984; Rose 1985; Woodhead, 2003).

Препознавањето на специфичните потреби на најмалите деца е во фокусот на интерес при што застапниците за рано учење и развој се потпираат на резултатите на истражувања за развојот, особено истакнувајќи ја потребата за неформални, холистички активности, кои го ставаат детето во центарот на вниманието и учење преку игра.

Подеднакво долга политичка дебата се фокусираше на емоционалните потреби на малите деца, значењето на раните врски и соодветната грижа во установите за згрижување и воспитание од страна на воспитувачите и негувателките. Голем дел од првичните истражувања потекнуваат од студиите на деца чии животи биле нарушени од Втората светска војна, како и деца сместени во резиденцијални институции и во болници. Ова е особено поврзано со концептот на „мајчинско лишување“ и работа на рани емоционални врски (Bowlby 1953; Ainsworth et al 1978; ревидирано од Schaffer 1996).

Загриженоста за благосостојбата на малите деца во институции покрена широки дебати за улогата на жената во семејството и економијата (Singer, 1992; 1998). Нејасно е колку ова истражување влијаело врз политиките за рана грижа на деца од предучилишна возраст и колку само ги зајакнало конкурентните идеологии, особено затоа што силното истакнување на ризиците за благосостојбата на малите деца била изразена многу посилно во некои европски општества, како што е Велика Британија, отколку што било во Шведска, каде што услугите за дневен престој почесто се гледаат како позитивно искуство за децата и родителите.

Дебатата повеќе не е толку поларизирана како во минатото и почнува да се осврнува на различноста во формите на згрижување деца на глобално ниво,

прашањата за соодветноста и квалитетот на грижата продолжуваат да бидат главен фокус на истражување и политика, особено кога се во прашање многу мали доенчиња (Belsky 2001; 2003).

Истражувањето што го истакнува формативното значење на раното детство ја поттикнало работата на политиките најмалку пред еден век. Во дебатите кристализирано е колку раните години се „чувствителна фаза“ наспроти „критичен период“, со што се наметнува прашањето колку искуствата во раното детство имаат одлучувачко и неповратно влијание врз иднината на децата. Индивидуалните и социјалните последици од несоодветните услуги и заштита се застрашувачки, а импликациите врз политиките за раното детство се евидентни. Оваа дебата е научно изразена преку неколку студии за влијанијата на екстремното лишување, злоупотреба и занемарување, заедно со проценките на влијанието на интервенциите на различна возраст, со цел да се утврди „реверзибилност“ - или на друг начин - на негативните влијанија од раните несакани искуства. Ова главно се фокусира на психо-социјалните димензии на раните предизвици, но важно е да се нагласи дека влијанието на раните здравствени ризици, болести и неухранетост е, исто така, утврдено како влијае врз физичкиот раст, когнитивното функционирање и училишните достигнувања.

Сеопфатните програми за раното детство се главно средство за борба против здравствените ризици и намалување на долгорочните неповолни исходи (Pollitt et al 1993), укажувајќи на потребата на малите деца да им се обезбеди соодветна исхрана и на нивните родители да им се обезбедат соодветни информации и поддршка. Во многу контексти на сиромаштија, физичките и психо-социјалните ризици се појавуваат заедно и имаат интеракција со долгорочни исходи. Главните докази за овие психо-социјални ризици доаѓаат од малите деца што се лишени од соодветна родителска грижа и одгледувани во институционална средина. Деценискитe истражувања даваат неоспорен доказ за сериозно доцнење во развојот и емоционални нарушувања. Сепак, лонгитудиналните студии покажуваат дека децата што се преселиле во позитивна средина со посвоители даваат пооптимистичка слика, покажувајќи подобрувања во социјалното, емоционалното и интелектуалното функционирање на децата.

Студија за деца сместени во институции, кои биле посвоени меѓу две и седум години, откри доказ за емоционална поврзаност со посвоителите, што било спротивно на доминантните теории во тоа време. Подобрувања се идентификувани и во когнитивните и социјалните вештини, и покрај проблемите, како што се социјалното приспособување, особено со врсниците, остануваат карактеристика за овие деца, наспроти децата од контролната група што потекнуваат од семејства (Tizard, 1977).

Поновите студии, кои се однесуваат на деца кои најраните години ги поминале во дом за деца без родители и родителска грижа во Романија во текот на 1980-тите, но кои потоа биле посвоени во британските семејства обезбедуваат дополнителен увид во „делумната вистина“ на хипотезата за критичниот период. Со оваа студија може да се споредат резултатите за деца посвоени пред двегодишна возраст со резултатите на подоцна посвоените деца, покажувајќи дека сите направиле забележителни подобрувања, но раната интервенција (т.е. пред 2-годишна возраст) придонела за побрзо и поцелосно стекнување вештини (Rutter et

al 1998). Заклучокот што се наметнува е дека колку порано ќе се почне со грижа и интервенција, толку е подобро за децата, но, сепак, и мотото никогаш не е доцна е во прилог на оваа студија.

### 1.1.2. Невронаука

Научните аргументи за препознавање на раните години од животот на поединецот како чувствителен период („клучно време“) добија примамливо одобрување во последниве децении преку напредокот во невронауката (Shonkoff and Phillips 2000). На пример, една широко цитирана статија на „Њузвик“ го изнесе драматичното тврдење дека: „Мозокот на новороденчето е составен од трилиони неврони... Искуствата од детството одредуваат кои неврони се користат, кои ги поврзуваат струјните кола на мозокот. Оние неврони што не се користат, може да изумрат“ (Begley 1996, цитиран на http://web.worldbank.org).

Човечкиот мозок најбрзо расте за време на пренаталниот период и во првите неколку години од животот, достигнувајќи 50 проценти тежина за шест месеци и 90 проценти до осумгодишна возраст. Физичкиот раст на децата е, исто така, многу брз во текот на раните години, но физичкото созревање е многу попроширен процес, во споредба со промените што се случуваат во нервниот систем (Rutter and Rutter, 1993). Најраните месеци од животот се, исто така, период на најбрзо формирање синапси - конструирање на густи мрежи на нервно поврзување од кои зависи кортикалната активност. Синаптичката густина најмногу се зголемува помеѓу раѓањето и 1-та до 2-та година (кога е 50% повисока отколку кај позрелите возрасни лица). Густината постепено се намалува во периодот од 2 до 16 години. Некои популарни толкувања на сегашните сознанија одат многу подалеку од доказите, под наслови како „Користете го - или изгубете го!“. Се претпоставува дека синаптичката густина е показател за интелигенција и дека максималната стимулација на доенчињата ќе придонесе за оптимална поврзаност и дека поврзувањата на синапсите воспоставени во најраните години „остануваат“ во текот на животот (Bruer, 1999). Сите овие констатации бараат понатамошно истражување, како и хипотезите за невропсихолошките барања на доенчињата за одговорни меѓучовечки врски на приврзаност (Schore, 2000) и тврдењата за специфичните ефекти од злоупотреба и траума врз мозокот на доенчето (Teicher, 2002).

Истражувањата за раниот развој на мозокот се особено значајни за истакнување на важноста на пренаталниот период и најраните месеци и години од животот и нагласување на клучната важност на соодветна исхрана, соодветна грижа и средина. Додека развојот на политиката за раниот детски развој има тенденција да им дава приоритет на предучилишните години, доказите од развојната неврологија тврдат посеопфатна стратегија за ран детски развој, која ја опфаќа благосостојбата на децата и семејствата и треба да го вклучи и периодот уште пред раѓањето на детето.

Имајќи го тоа предвид, сè уште има многу недоречености за импликациите на оваа релативно нова област на истражување. Една област од дебатите се фокусира на прашањето: колку созревањето на нервниот систем на доенчето бара стимулативна средина за оптимален развој. Голем дел од теориите се надоврзуваат

на докази од истражувања на луѓе и животни, кои го демонстрираат влијанието на сензорните оштетувања врз невролошкиот развој (на пр. визуелниот кортекс „очекува“ изложеност на визуелна стимулација за нормално функционирање). Сличен е и аргументот за областите на мозокот што се занимаваат со социјално, емоционално и когнитивно функционирање, при што се „очекува“ специфична стимулација, особено рани интерактивни искуства, кои вообичаено се обезбедуваат преку посветено родителство, кои се основа за приврзаност, комуникација и учење.

### 1.1.3. Време на ранливост и издржливост

За среќа на човечкиот вид и иднината на децата што се соочуваат со неволји и трауми, детскиот мозок вообичаено не се „исклучува“, а развојот вообичаено не се „закочува“, ниту буквално, ниту метафорично, освен на краток рок или најмногу во екстремни околности за најранливите деца. Има многу докази за повеќекратни негативни ефекти врз добросостојбата на децата, како резултат од материјални лишувања, нарушени, искривени и навредливи односи, конфликти, раселување и принудени миграции. Сепак, сè повеќе истражувачите тврдат дека генерализираните докази нудат нецелосна слика за влијанието на неволјите во животот на децата, со занемарување на значителен број мали деца што напредуваат - и покрај неволјите со кои се соочуваат (Masten, 2001; Lutar, 2003). Концептот на издржливост е широко применет во околности кога децата се способни да се справат со стресот отколку нивните поранливи врсници.

Личните карактеристики на децата што им помагаат да се справат со различните ситуации се темпераментот, снаодливоста, флексибилноста, нивната возраст и зрелост, социјалната компетентност и сл. Поранливи се помалите деца и децата чие општо здравје и издржливост се послаби. Но, лонгитудиналните студии, исто така, идентификуваат „заштитни фактори“ во детската средина, кои им помагаат на малите деца да се справат со тешки ситуации, а тоа се родители што ги поддржуваат, наставници или други возрасни лица, солидарност на врсничката група итн. Во однос на импликациите на политиката, јасно е дека доколку во раниот детски развој има добри ресурси што се дел од сеопфатната програма за поддршка на децата и семејствата можат да бидат многу значаен „заштитен фактор“, кој им помага на малите деца, родителите и воспитувачите да се справат со неволјите. На ист начин, отсуството на заштитни фактори може да ги зголеми ризиците за благосостојбата на малите деца, особено кога децата се лишени од можности за ран детски развој или, пак, кога децата и семејствата се жртви на социјална исклученост или дискриминација. Студиите укажуваат на општата отпорност на развојните процеси и на опсегот за компензирање на негативните последици и нудат пооптимистичка слика за раното детство, истакнувајќи ја раната интервенција како најефикасна основа за обезбедување позитивна долгорочна благосостојба на децата, обезбедувајќи рамка за политика, во смисла на идентификација на „заштитните“, но и на „ризичните“ фактори во раното детство и идентификацијата на децата што се најмногу изложени на ризик поради недостапноста на заштитните фактори во нивната околина, како и нивната ранливост, поврзана со нивното здравје, социјални вештини, подложност на

занемарување или злоупотреба итн. Оваа парадигма може да се примени за низа предизвици, вклучувајќи природни катастрофи, сиромаштија и распаѓање на семејството, ХИВ/СИДА итн. Релевантноста на политиката се однесува конкретно на програмите за ран детски развој, кои често се клучни заштитни фактори и во голема мера релевантни за обезбедување заштита на децата изложени на ризик од злоупотреба и обезбедување поддршка на родителите или згрижувачите, лица кои се грижат за нив во тешки околности.

## 1.2 Политичко-економски перспективи

### 1.2.1. Компензирање на недостатоците и изедначување на пристап до образование

Областите на истражување и теорија накратко сумирани во делот за развојните перспективи обезбедуваат важен теоретски и емпириски приказ на насочени истражувања и политички студии во рамките на раниот детски развој, од кои многу се однесуваат на директно тестирање на хипотезата дека интервенциите за време на критичните или барем формативните рани години можат да ги компензираат недостатоците, да ги изедначат можностите и да обезбедат почеток за децата што растат во сиромаштија или во други неповолни состојби. Оваа визија за образование во раното детство беше особено пионерска во рамките на американската програма, лансирана во 1964 година, како дел од „Војна против сиромаштијата“. Целта за постигнување социјални и економски промени преку раната интервенција беше експлицитна: „Ние бевме заинтересирани да се обидеме да ги промениме сиромашните за да можат да станат независни човечки суштества“ (Sargent Shriver, цитиран во Woodhead, 1985).

Потврдувањето на содржината на програмите за раното детство, во смисла на училишна подготвеност, изедначување на можностите и промовирање на социјалната правда, е нашироко цитирано како основа на образложението за ран детски развој (Myers, 1992) и широко реплицирано.

### 1.2.2. Оценување на долгорочните резултати од раната интервенција

Интервенциите во раниот детски развој се директен резултат на влијанието што го имаат врз децата за кои се наменети и може да се категоризираат според влијанието што го имаат на три поштироки категории, иако треба да се напомене дека трите категории се меѓусебно поврзани и голем дел од интервенциите имаат влијание врз сите три категории:

- Подобрување на подготвеноста на децата за поаѓање во училиште и следствено на тоа и подобрување на резултатите во образованието. Како пример можат да се наведат подобриот успех на тестовите, намаленото предвремено напуштање на училиштето или неуспех, како и намалениот процент на деца што ја повторуваат годината. Подготвеноста за поаѓање во училиште ја подобруваат извесен број интервенции во раниот детски развој, вклучувајќи ги тие што се фокусираат на подготовка за читање, пишување и сметање, исхрана и родителски вештини и знаење.

- Подобрување на физичкото и психичкото здравје и намалување на користењето на услугите од системот за здравствена заштита. Иако не е изненадувачки тоа што програмите што се однесуваат на исхраната, имунизацијата и хигиената даваат значителни здравствени придобивки, важно е да се споменат и други типови интервенции во раниот детски развој, кои имаат директно влијание врз здравјето на децата. Програмите што ги зајакнуваат когнитивните и социо-емоционалните способности на децата, исто така, водат и кон помалку здравствени проблеми, делумно поради фактот што ја намалуваат веројатноста децата да развијат психосоматски заболувања, а делумно бидејќи ги водат децата кон донесување одлуки од кои произлегуваат здравствени придобивки, како што е на пример зголемената употреба на безбедносни појаси и свесноста за штетните влијанија на цигарите, алкохолот, седативите и наркотиците.
- Програмите за подобрување на когнитивните и социо-емоционалните способности на децата го градат и нивниот капацитет за самоконтрола на однесувањето и емоциите. Програмите директно влијаат врз намалувањето на вклучување во високоризични активности на децата и младите, како на пример пушењето, ризичното сексуално однесување, користењето психотропни супстанции и зависност, како и криминалното и насилното однесување. Овие однесувања, доколку се присутни, ги намалуваат шансите да се направи успешен премин во зрелоста и ги зголемуваат шансите за бројни негативни исходи, вклучувајќи ги болестите, невработеноста, адолесцентната бременост, сексуално преносливите болести, зависностите, затворските казни и социјалното исклучување.

Освен директното влијание на интервенциите во раниот детски развој врз децата, постојат и дополнителни економски придобивки. Засега постои мал број докази, иако тој број постојано се зголемува, укажува на тоа дека интервенциите што обезбедуваат згрижувачка компонента за деца им даваат можност на мајките да се вработат, особено мајки што имаат повисок степен на образование. Еден од најголемите аргументи за инвестирање во раниот детски развој е влијанието на интервенција на способноста на децата да постигнат добри резултати во училиште. Од системски аспект, влијанието на интервенциите во раното детство има значајни импликации за образовниот систем и економската добросостојба на населението.

Децата што ќе го почнат образованието со неразвиени социјални, емоционални, физички и когнитивни способности се подложни на голем број проблеми, кои го нарушуваат успехот во образовниот процес и подоцна во текот на животот. Еден таков пример може да бидат децата што манифестираат агресивно однесување, често овие деца не се прифатени од соучениците во првите години од образованието и се соочуваат со голем ризик за понизок училиштен успех, поголеми шанси за повторување учебна година, поголеми шанси за осипување и поголеми шанси за деликвентно однесување, како и извршување криминални дела во текот на адолесценцијата.

Некои од наодите од истражувањата упатуваат на врската меѓу подготвеноста на детето за поаѓање на училиште со подоцнежните академски достигнувања, и тоа помалиот коефициент на интелигенција (IQ) на 5-годишна

возраст укажува на можноста од повторување година во основното училиште; резултатите од тестовите за когнитивните вештини и почетното читање во градинките укажуваат на можните резултати од читање во четврто одделение; оценките на наставниците за прилагодувањето во училиште, себевидување за способностите, јазичното изразување и коефициентот на интелигенција на возраст од три години го предвидуваат успехот во читањето, познавањето на јазикот и математиката во трето одделение, проблематичното однесување во градинка го предвидува можното повторување на некое одделение во основно училиште, хроничните здравствени проблеми го предвидуваат зголемениот број денови на отсуство во училиште. како и послабиот училиштен успех, а раното одбивање на воспоставување релации со врсниците укажува на можно понатамошно одбивање да се оди на училиште.

Експерименталните докази за ефективноста на програмите за раното детство најдобро се толкуваат во рамките на животниот тек. Сеопфатната рамка, не само што би ги зела предвид развојните капацитети на децата од различни возрасти и фази, туку од клучно значење, исто така, се одредени семејни и училишни услови и практики преку кои тие компетенции се препознаваат и негуваат, или, пак, спротивно во нивно отсуство, што секако може да биде случај. Дури и програмата за раното детство со најдобри ресурси, со висок квалитет, веројатно нема да донесе долгорочни позитивни резултати за децата ако се запишат во основно училиште каде што учат во големи одделенија со несоодветно обучени наставници и каде што слабите оценки, повторување на одделението, напуштањето на училиштето се зачестени појави. Ваквите докази укажуваат на важноста од интегрирање на политиките и стратегиите за инвестирање за грижа и образование во раното детство, во рамките на сеопфатна политика за подобрување на основното образование и услугите за ран детски развој општо.

Дури и во САД, ригорозна експериментална студија, студијата Abecedarian (Campbell & Ramey, 1994), не успеа да ги идентификува долгорочните влијанија врз криминалот, еквивалентни на оние пронајдени кај децата со повисоки постигнувања (Schweinhart 1993, Penn et al. 2006). Согласно специфичните резултати од програмите за раното учење и развој не може да се претпостави дека резултатите може да се генерализираат. Специфичните модели на ефектите не можат да се анализираат издвоено од нивниот историски и културен контекст. Сепак, идентификувањето на оваа важна импликација не ги занемарува големиот број докази за ефектите од квалитетните програми за раното детство. Сега се достапни голем број квантитативни и квалитативни истражувања, кои анализираат голем број програми што се однесуваат на поддршка од семејствата на децата и ставањето на детето во центарот на вниманието, како и курикулумот, на пример, од Турција (Kagitcibasi et al., 1995), Чешка (Havlinova et al., 2004), Нов Зеланд (Wylie и Thompson, 2003) и ОК (Sylva et al., 2004), плус големата меѓународна студија на IEA (Montie, 2005; Montie et al. 2006).

### 1.2.3. Рано детство и човечки капитал

Првичната економска анализа објавена во 1982 година сугерираше дека програмите за ран детски развој резултираат со 400 отсто поврат на почетната

инвестиција, во смисла на намалени трошоци за специјално образование, младинска правда, социјална заштита итн. (Breedlove and Schweinhart 1982). Неодамнешното следење на експериментални и контролни групи до 27-годишна возраст покажува дека децата што учествувале во програмата за ран детски развој пријавиле повисоки месечни приходи, поседување сопствен дом и помала употреба на правата од социјална заштита.

Доказите од истражувањата покажуваат дека секој 1 американски долар инвестиран во раното детство има поврат, односно заштеди од 7,16 американски долари за општеството (Barnett, 1996; Schweinhart 2003). Други американски студии, исто така, нудат проценки на трошоците, особено Програмата Abecedarian и Центрите за родители на деца во Чикаго.

Моделот за човечки капитал од раното детство сега е силно изразен во меѓународните политички иницијативи за ран детски развој, особено од Светска банка (Penn 2002a). На веб-страницата на Светска банка графички е прикажана линеарната врска меѓу инвестициите во човечки капитал и стапките на поврат на инвестициите во раното детство, со придобивки, кои се значително повисоки од трошоците од интервенциите за раниот детски развој, но, исто така, евидентно е и намалувањето на повратот од инвестицијата доколку се случи во подоцнежните години на детето. Текстот, кој оди во прилог на изнесеното, гласи: „Здравиот когнитивен и емоционален развој во раните години се претвора во евидентни економски придобивки. Раните интервенции даваат поголеми придобивки како превентивна мерка во споредба со интервенциите подоцна во животот. Политиките што се обидуваат да ги поправат недостатоците, кои се резултат на немањето интервенции во раните години, се многу поскапи за разлика од раните интервенции во првите години на детето“ (Извор http://web.worldbank.org). Веб-страницата, исто така, нуди „калкулатор за раниот развој на децата“ развиен од Амстердамскиот институт за меѓународен развој (van der Gaag, 1996). Со оваа алатка се овозможува креаторите на политиките и менаџерите на програмите за ран детски развој да ги пресметаат економските придобивки од инвестициите во раните години.

### 1.2.4. Човечки капитал, етика и политика

Доказите сугерираат дека позитивните влијанија не се однесуваат само на зголемениот човечки капитал, како што се интелигенцијата, комуникациските и други вештини кај малите деца, туку, исто така, се однесуваат на социјалниот капитал, односно однос кон социјалната средина, приклучување на група на деца во училницата каде што владее позитивна клима, ставови и очекувања. Во најмала рака, ова бара обезбедување соодветни услуги, персонал и достапни и правични ресурси за сите деца, особено за најзагрозените, кои потекнуваат од сиромашните заедници и обезбедување континуиран квалитет во текот на раното детство и основното образование. Постигнувањето на оваа цел е далеку од едноставна. Искуството во Бразил сугерира дека програмите промовирани од Светска банка поставиле пониски стандарди за грижа за сиромашните деца отколку што е прифатливо за побогатите семејства од истата заедница (Penn, 2002b). Освен тоа, во земјите во развој, пристап до основно образование сè уште не може да се

обезбеди, особено за девојчињата. Во средини каде што децата имаат пристап до училиште, секогаш не значи дека условите во училницата, наставните програми и квалификациите на персоналот ќе бидат со задоволителен квалитет за да се осигури дека придобивките од програмата за раното детство ќе придонесат за остварување долгорочни резултати.

Истражувањата укажуваат на важноста од интегрирани политики за ран детски развој во рамките на сеопфатната образовна реформа со која ќе се опфатат сите деца, особено најранливите, децата во социјален ризик, и ќе се обезбеди лесен премин од едно во друго одделение, со цел да се обезбеди континуитет во интервенциите, а кои ќе придонесат во развој на умови.

## 1.3. Социјална и културна перспектива

Досега зборувавме за пристапите на ран детски развој, кои се надоврзуваат на развојната парадигма, нагласувајќи ги специфичните универзални карактеристики на раниот развој, како и формативното значење на раните години. Овие теми имаат јасни политички импликации, без разлика дали се однесуваат на оптимизирање на развојот на децата, промовирање еднакви можности за сите деца или инвестирање во човечкиот капитал.

### 1.3.1. Практики што се развојно соодветни

„Практики што се развојно соодветни“ е катализатор за многу значајни дебати околу основните рамки за политиката и практиката за раното детство. Идејата за „Практики што се развојно соодветни“ е најексплицитно формулирана од Националното здружение за образование на мали деца на САД, во текот на 1980-тите, делумно како „научна одбрана“ на неформални програми за мали деца базирани на игра (Bredekampf, 1987). Во најголем дел, „Практики што се развојно соодветни“ ги повторуваа традиционалните вредности насочени кон детето, засилени со Пијажејовата теорија, нагласувајќи: почитување универзални фази на развој, природна игра на мали деца, истражување и учење засновано на активности и водечката, поддржувачка улога на квалификуваниот кадар. Оваа оригинална формулација на „Практики што се развојно соодветни“ беше силно критикувана дури и во САД, поради нејзината нечувствителност на културната различност во семејните искуства на децата и родителските практики (Mallory and New, 1994). Последователно, Националното здружение за образование на мали деца издаде ревидирана изјава од 12 точки, која вклучуваше точка 6: „Развојот и учењето се случуваат и се под влијание на повеќе социјални и културни контексти“ (Bredekamp и Copple 1997). За жал, претпоставките за тоа што се смета за нормален развој често се применуваат неквалификувани во рамките на меѓународната политика и развојот на наставната програма. Светска банка предлага првите 8 години од животот да се сумираат во седум „развојни фази“, при што во секој еден случај, децата се опишани во смисла на „што прават“ и „што им треба“. На пример, „децата“ на возраст од 1 до 2 години „уживаат во приказните и експериментираат со предмети, стабилно одат, се качуваат по скали, трчаат, независни се... “, од 2 до 3,5 години бараат можности „да се вклучат во драматична

игра, сè покомплексни книги, пеење омилени песни, давање едноставни загатки... “ (www.worldbank.org).

За експериментите од раното детство, вкоренети во западните културни традиции и вредности, овие фази се земаат здраво за готово, како вистини за раниот развој. Во реалноста, овие описи се полни со културни специфични претпоставки, на пример за домашната средина на децата, достапноста до книги и загатки и истакнување на важноста за независност. Во исто време тие ги хомогенизираат „децата“, притоа не земајќи ги предвид индивидуалните разлики, родовите разлики, ниту кои било други аспекти на различности. Како последица на тоа, оваа визија за раниот детски развој има мала сличност со реалноста на животите на милиони деца во светот, а уште помалку со ресурсите што се реално достапни на децата за поттикнување на нивниот развој.

Еден начин да се спротивставиме на идеализираните, универзални развојни претпоставки имплицитни во рамките на „Практики што се развојно соодветни“ е со предлагање на алтернативната „Контекстуално соодветна практика“ (Woodhead 1996; 1998). Мултикултурното истражување на практиките за раниот развој и воспитувањето на децата е главен извор на теоретски и истражувачки докази за моќта на културата и контекстот, особено значајниот „Проект шест култури“ (Whiting and Whiting 1975). „Развојната нишка“ се јавува како клучен концепт, привлекувајќи внимание на три компоненти на детската средина: физичките и социјалните услови во кои живеат, културните обичаи и практики за воспитување деца и верувањата или „етнотеориите“ на родителите, наставниците и другите чинители одговорни за грижата и развојот на децата (Super and Harkness, 1986). Еколошката рамка на Бронфенбренер, исто така, беше многу влијателна во реконцептуализацијата на раното детство во контекст (Bronfenbrenner, 1979). Развојот на детето е вграден во низа системи на интеракција, обично прикажани како низа концентрични кругови. Микросистемите се најблиску до детето, опфаќајќи ги нивните секојдневни услови и односи во домот, училиштето и заедницата. Мезосистемите се однесуваат на меѓусебните односи меѓу микросистемите, како што се домот и училиштето, родителите и наставниците. Егзосистемите се однесуваат на моќни влијанија, кои индиректно влијаат врз детето, на пр. практики за вработување родители, кои генерираат приходи што можат да бидат насочени кон благосостојбата на детето, но, исто така, влијаат и врз начинот на згрижувањето. Конечно, макросистемите и хроносистемите го признаваат посредничкото влијание на доминантните верувања и вредности околу малите деца, плус фактот дека системите не се статични, туку се менуваат. Овие рамки имаат потенцијал да го опфатат значењето на повеќекратните услови и влијанија во животот на децата, иако тие се прикажани премногу поедноставено. Многу е тешко за кој било теоретски модел да ја опфати комплексноста во животот на малите деца, вклучувајќи го целиот опсег на односи и влијанија, особено во околности на семејни промени, урбанизација и културна разновидност во верувањата, практиките и дискурсите од раното детство, во рамките на една заедница, па дури и во рамките на една рана детска средина.

Може да се издвојат три клучни теми, кои имаат особено значење на политиката за раниот детски развој: (а) различности во раното детство; (б) развојот е социјален и културен процес; (в) раното детство е општествено изградено.

*1.3.1.1. Различности во раното детство*

Како што веќе беше истакнато, извештаите за „нормалното“ дете во развој не успеваат адекватно да ги истакнат различностите во животот на малите деца, впечатливите варијации во начинот на разбирање и доживување на детството и како тоа се применува на поединци и групи деца, притоа земајќи ги предвид нивната возраст, пол, зрелост, социјален статус итн. Мултикултурните студии на некој начин нудат противтежа за деконтекстуализацијата, идеализацијата и нормализирањето на одредени практики за развој на детето (Segall et al 1990). На пример, стилот на грижа на белите мајки од средна класа доминира во истражувањето, стил кој во глобална смисла е нетипичен (Whiting and Edwards, 1988).

Сепак, овој стил на интеракција стана дел за развој на детето, како нормален и навистина здрав начин за возрасните да се поврзат со своите деца. Студиите за приврзаноста мајка - доенче, исто така се однесуваат на одредени културолошки изрази на универзалните процеси за раната поврзаност и може премногу лесно да се генерализираат и да добијат статус на педагогија, информирајќи ги политиките за грижа за децата и советите за родителите (Singer, 1998). Рамката за „нормален“ развој е недоволна за да го вклучи влијанието на големите општествени промени врз системите за згрижување. На пример, пандемијата на ХИВ/СИДА резултираше со губење родители и/или браќа и сестри да стане „нормална“ карактеристика на детскиот развој, со последователно потпирање на алтернативни системи за грижа за милиони мали деца. Како илустрација, целите за ран детски развој обично ја вклучуваат претпоставката дека растечката независност и автономија се основна цел за развој, а тоа е поддржано од емпириското истражување за тоа како децата стекнуваат чувство за себе и за другите, учат за социјалните правила, кои го регулираат семејниот живот, и стекнување вештини за донесување одлуки. (Dunn 1988).

Kagitcibasi (1990; 1996) се осврна на овие прашања во контекст на општествените промени, кои ги погодуваат децата во Турција. Таа тврди дека современите погледи за развојот на детето се потопени во индивидуализам, со акцент врз психолошката вредност на детето за родителите, целите на социјализација поврзана со одвојувањето и независноста, како и стилот на воспитување што ја поттикнува автономијата и социјалниот развој. Ова е во конфликт со меѓузависниот поглед во традиционалните аграрни општества каде што е нагласено воспитувањето за послушност и со минорно охрабрување на играта. За да се постигнат целите на „модернизација“, може да се тврди дека колку побргу се усвои западниот модел на детски развој, толку подобро. Kagitcibasi предлага дека ова можеби не е неизбежниот, ниту нужно најсоодветниот модел што треба да се следи. Таа нуди трето гледиште, подобро карактеризирајќи го искуството на многу општества, во кои развојот на детето има психолошка вредност, но во контекст на семејните модели сè уште ја нагласуваат меѓузависноста и почитувањето на родителскиот авторитет.

Почитувањето на различностите помеѓу и во општествата, како и препознавањето на предизвиците на социјални промени, миграцијата и мултикултурализмот е суштинско прашање за креирањето политика и пракса на

ран детски развој.

*1.3.1.2. Социјален и културен процес*

Препознавањето на социјалните и културните димензии на раното детство не е само признавање на разновидните и променливи културни традиции, иако тоа е важно. Не се работи само за признавање дека „Развојот и учењето се случуваат и се под влијание на повеќе социјални и културни контексти“. Овие обиди да се приспособат на социјалните и културните фактори попуштаат ако сè уште се држат до основните претпоставки за развојот како главно универзален, природен, индивидуален процес на детето, кое прогресивно добива чувство за себе и околината низ релативно стабилни фази на развој. Всушност, научните докази за таквите суштински претпоставки (во голема мера произлегуваат од Пијажејовата „конструктивистичка“ теорија) се помалку цврсти отколку што обично се претпоставува, и се опширно критикувани во 1970-тите. Во исто време, развојните истражувачи сè повеќе се потпираат на алтернативна теоретска рамка, која се чини дека посоодветно ги опфаќа социјалните и културните димензии на раниот развој, информирани особено од теоријата „Социјален конструктивизам“ на Виготски, (Woodhead et al, 2003). Според ова гледиште, развојот на малото дете е исто толку културен, колку што е природен. Фазите се вградени во општествените практики, исто како и во процесите на созревање. Всушност, развојот на децата најточно може да се опише како „природно културен“. Моделите на воспитување, комуникација и настава не се нешто што само влијае врз развојот на децата, тие се суштински дел од развојниот процес доколку детето се вклучува и учествува во овие процеси од самиот почеток. Социјалниот и културниот контекст не треба да се гледа како нешто надвор од процесот на развој, „како она што опкружува“, туку „како она што се испреплетува“ (Cole 1996). Најзначајните карактеристики на опкружувањето на секое дете се луѓето со кои тие воспоставуваат блиски односи, нивните родители, воспитувачки, негувателки, браќата и сестрите, врсниците итн., кои даваат значење и насока на искуствата на малото дете, како ги запознаваат со културните практики и нивното стекнување на вештини и начини на комуникација, соработка, преговарање и натпреварување при заедничките активности и вклучување во заедничка игра и креативност.

Препознавањето на развојот како социо-културен процес има важни импликации за политиката, наставната програма и во педагогијата (MacNaughton 2003). Наместо раното детство да се гледа како универзален процес на развој, кој е основа за здрава зрелост, тоа се гледа од аспект на ангажираноста на малите деца со низа ограничувања, воспоставување врски, активности и вештини преку кои тие стекнуваат културно-лоцирани компетенции и идентитет. „Развојот“ се однесува на стекнување когнитивни алатки и културни компетенции, кои сами по себе се продукти на човечката цивилизација, форми на дискурс, писменост, математика и од неодамна информатичка технологија, а кои се приспособливи на одредени социо-економски контексти и историски епохи.

### *1.3.1.3. Конструкции и реконструкции на раното детство*

Социјалната и културната парадигма ја има предноста што карактеристиките на раното детство се сфаќаат како производ на специфични економски, социјални и културни процеси. Ова не е да се негира значењето на универзалните процеси на созревање, ниту, пак, да се негира ранливоста на малите деца. Социјалните конструкционистички, постмодернистички и постструктурни перспективи се особено влијателни, ослободувајќи го раното детство од тесната концептуализација на она што е природно, нормално и неопходно и отворајќи го патот кон историска и политичка перспектива на институциите, политиките и практиките, како и за начините на кои теориите, знаењата и верувањата за малите деца ги регулираат нивните животи (Qvortrup et al 1994; James and Prout 1990).

Интердисциплинарните студии за детството нудат место за средба за различни перспективи за раното детство и се поконзистентни со трендот кон покоординирани политики и поинтегрирани услуги и се повеќе поткрепени со сеопфатен поглед на меѓузависните права на децата.

## 1.3.2. Квалитет, критички перспективи и политика на раното детство

Прифаќањето на ставот дека однесувањето, размислувањето, социјалните односи и адаптацијата на децата се културно исто колку и биолошки конституирани, има длабоки импликации за начините на кои се разбира, дефинира и следи раниот детски развој. „Развојната соодветност“ на искуствата на децата, „штетноста“ или „придобивките“ од нивната околина не можат да се одвојат од општествените и културните процеси преку кои тие се развиваат, начинот на кој тие се третирани и разбрани, како и од политичкиот контекст во кој се обликуваат нивните животи. За разлика од рамките кои нагласуваат ригорозни критериуми за оценување на квалитетот на развојот на децата, како и соодветност на одредена средина или професионални практики, културните пристапи тврдат дека овие критериуми може и мора да бидат оспорени.

Во поново време, Далберг, Мос и други ја однесоа расправата на повисоко ниво. Тие ја оспоруваат идејата дека дефинирањето на квалитетот треба да се гледа како техничко прашање за усогласување на повеќекратните дискурси, кои ја обликуваат сликата на детството. Квалитетот е основно филозофско и етичко прашање, кое се однесува на вредностите и значењето што им се придава на малите деца, за улогата на детето како коконструктор на знаењето, идентитетот и културата и опсегот за педагогија на односите.

Накратко, општата импликација е дека одредниците за квалитетот во раното детство не се фиксирани и пропишани со научното знаење за развојот, иако науката очигледно има клучна улога во информирањето за квалитетот на развојот. Во догледно време, човечките општества може да почнат да споделуваат верувања за тоа што е „нормално“ и „природно“ и „соодветно“ за сите мали деца. Но, универзалниот консензус не би ги направил овие верувања или аранжманите помалку културни.

## 1.4. Перспектива за човекови права

### 1.4.1. Нова, универзална парадигма

Социјалните и културните перспективи за раното детство ги ослободија истражувањата и политиките за раното детство од прекумерното потпирање на развојните нормативи. Сега се достапни многу поинклузивни рамки, во кои се идентификуваат различни практики од раното детство и се идентификуваат повеќе засегнати страни во рамките на таканаречената „дебата за квалитет“. Но, патот на социјалниот конструктивизам доведе до тежок и контроверзен терен од гледна точка на политика, со обвинување дека социјалната и културната релативност може да изгледа како да ја оправдува моралната и политичката релативност (Evans and Myers 1994). Границите меѓу, од една страна „почитување на различности“ и „повеќе перспективи“, и од друга страна, борбата со тешкотиите, нееднаквостите и дискриминацијата, понекогаш изгледаат нејасни. Почитувањето на културниот контекст и традициите ја отвораат вратата за нееднаква распределба на ресурсите и услугите. Во најлош случај, тоа се смета за поткопување на обидите за регулирање на штетните и навредливи практики на воспитување деца. Во одбрана, пак, може да се тврди спротивното, а тоа е дека критиката на доминантните дискурси од раното детство е почетна точка за препознавање на структурите на социјална контрола, угнетување и социјална исклученост, социјална нееднаквост и неправди, со што се отвора вратата за политичка свесност за мали деца (Dahlberg and Moss, 2005).

Во меѓувреме, политичкиот пејзаж драматично се промени, при што застапувањето за раното детство сè повеќе се заснова на признавањето на универзалните права на малите деца. Конвенцијата на Обединетите нации (ОН) за правата на детето (UNCRC, 1989) бара сите деца да се почитуваат како личности сами по себе, вклучувајќи ги и најмалите деца. Притоа, воспоставен е нов вид универзален стандард. Четирите „општи принципи“ се особено значајни за претходните дебати: правото на опстанок и развој, на недискриминација, почитување на ставовите и чувствата и „најдобриот интерес на детето“ како примарен став (членови 6,2,12 и 3). Со оглед на тоа што меѓународното застапување во минатото, во голема мера, се потпираше на моќта на научни докази за универзалната природа на малите деца, потребите и развојот, силата на Конвенцијата на ОН за правата на детето почива на политичкиот консензус, што прави клучна разлика. Човековите права се потпираат на сосема различни етички и правни принципи, кои се дефинирани врз основа на истражувањата. Значењето на Конвенцијата на ОН за правата на детето за политиката за раното детство е во фактот што е ратификувана или прифатена од 192 држави. Иако државите-членки поднесуваат редовни извештаи до Комитетот на ОН за правата на детето за напредокот во спроведувањето на Конвенцијата, влијанието е силно бидејќи основните принципи за правата на децата постепено се вградуваат во политиките и практиките на сите што работат со и за малите деца.

Ставањето акцент врз „иницирање на јавен дијалог и акција“ е важен, особено во услови на глобална сиромаштија и нееднаквост во пристапот до институционалните и професионалните инфраструктури. Конвенцијата е веројатно

најзначајната почетна точка за развој на политиките во име на малите деца во светот.

Очигледно, тврдењето на правото на детето на развој е почеток, а не крај на која било политичка дебата, поради различните верувања, вредности и теории за тоа што се неопходни, природни или соодветни искуства и исходи за малите деца. За некои, овие генералности се слабости на алатката. За другите тие се нејзината сила. Прагматично, тие овозможија да се постигне речиси универзална согласност за Конвенцијата, како почетна точка за детална проверка на националните политики и практики преку процесот на известување на Комитетот на ОН. Општите принципи, исто така, создаваат простор за разновидни локални толкувања на квалитетот на развојот, под услов тие да бидат во согласност со другите членови од Конвенцијата, особено со поставување јасни граници поврзани со недискриминација, промовирање на најдобриот интерес на детето и почитување на нивните ставови и чувства.

И покрај аргументите за несовршеностите и непрецизноста на Конвенцијата, нејзиното потенцијално влијание во обликувањето на посилни политички агенди за раното детство е многу значајно, особено поради неговото скоро универзално усвојување, процедурите за одговорност, заедно со транспарентното самооценување преку обврската за доставување периодични извештаи што ги следи Комитетот на ОН за правата на детето. Овие процеси на мониторинг, известување и дискусија се и сè повеќе стануваат катализатор за локални, национални и меѓународни дебати околу клучните политички прашања (Santos -Pais, 1999). Но, и покрај тоа, за вградувањето на перспективата за правата во развојот на политиките треба да се помине долг пат бидејќи остварувањето на правата на секое дете не се само поефективни или посеопфатни услуги за децата и семејствата, туку остварувањето на правата, исто така, повлекува фундаментална промена во сликата за детето во општеството. Предизвиците се различни во многу од најсиромашните општества во светот, особено постконфликтните и транзициските општества, каде што инфраструктурите насочени кон децата и семејството често се најмалку развиени, каде што развојот на политиките и управувањето се слаби, а градењето основни капацитети е прв приоритет (Светска банка, 1998).

Спротивставените културни дискурси, поврзани со правата на детето, се нагласени како спротивставени ставови со Конвенцијата, а тоа е најдобро илустрирано во изјавата за „права и должности“, во рамки на Африканската повелба за правата и благосостојбата на детето. Како пример може да се посочи член 31 од Африканската повелба, кој вели дека: „Секое дете има одговорност кон своето семејство и општество... Детето, во зависност од неговата возраст и способност,... ќе има должност: да работи за кохезија на семејството, почитувајте ги неговите родители, претпоставените и постарите во секое време и да им помагате во случај на потреба... итн.“.

### 1.4.2. Спроведување на детските права во раното детство

Спроведувањето на детските права во рамките на политиките и практиките за раното детство сè уште е на самиот почеток. Една од главните причини што

Комитетот на ОН одлучи да го посвети својот Ден на општа дискусија во 2004 на раното детство беше минорно за импликациите врз малите деца. Како што објасни претседавачот на Комитетот: „Конвенцијата на Обединетите нации за детето се применува во однос на сите лица на возраст под 18 години, додека за спроведувањето на Конвенцијата во однос на децата на предучилишна возраст, често е многу ограничена. Вообичаено, за овие деца, извештаите опфаќаат само одредени аспекти на здравствената заштита, кои главно се однесуваат на смртноста на доенчињата, имунизацијата и неухранетоста, како и одредени прашања во образованието, главно поврзани со градинките и предучилишното образование. Други важни прашања ретко се истакнуваат“ (Doek, 2006).

Токму поради таа причина, по Денот на општата дискусија 2004, Комитетот одлучи да подготви документ за интерпретација, Општ коментар 7 за „Имплементација на правата на детето во раното детство“, ратификуван во септември, 2005 година (http://www.ohchr.org), каде што сеопфатно беа разгледани импликациите на Конвенцијата за развој на политиките во раното детство, опфаќајќи ги општите принципи, помошта за родителите и семејствата, развојот на услуги, посебна заштита, ресурси и градење капацитети.

Перспективата за малите деца во рамките на Конвенцијата радикално отстапува од конзервативните слики, кои се основа за истражувањата и политиките за раното детство. Воведувајќи го Општиот коментар 7, членовите на Комитетот на ООН објаснуваат дека основната цел е „да се нагласи дека малото дете не е само погоден предмет на добронамерност, туку напротив, малото дете е носител на правата како што е постарото дете, како и секое друго човечко суштество“ (Doek et al, 2006). Според тоа, преамбулата на Општиот коментар 7 потврдува дека „...малите деца се носители на сите права содржани во Конвенцијата. Тие имаат право на посебни мерки за заштита во согласност со нивните капацитети што се развиваат и прогресивно остварување на нивните права... Комитетот потврдува дека Конвенцијата за правата на детето треба да се применува холистички во раното детство, земајќи го предвид принципот на универзалноста, неделивоста и меѓузависноста на сите човекови права“.

Врамувањето на политиката за раното детство, во однос на правата на децата, радикално отстапува од конвенционалната, инструментална парадигма, особено преку инсистирањето на правото на секое мало дете на квалитетен живот, почитување и благосостојба. Секое право се вреднува како цел сама по себе, а не како средство за постигнување некоја далечна цел. Тоа се однесува на идентификување на одговорностите на негувателите, заедницата и државата за да му овозможат на малото дете да ги оствари своите права во пракса. Марта Сантос-Паис упатува на „нов етички однос кон децата“: „Признавањето на правата на децата значи признавање на човековите права, како прашање на право и целосна одговорност да се обезбеди нивно ефективно уживање. Како членови на семејството, сите деца имаат неотуѓиви човекови права и слободи, кои се својствени за достоинството на детето како личност. Правото како практична импликација подразбира создавање услови во кои децата можат ефективно да ги уживаат своите права. Правото се однесува на заложба на државата, општеството, семејството, за правата на детето да станат реалност, да се доживеат и да се практикуваат“(Santos - Pais, 1999).

Врамувањето на политиката за ран детски развој од перспектива на правата не се однесува на добротворни цели кон младите, сиромашните и ранливите. Децата повеќе не се замислуваат само како приматели на услуги, корисници на заштитни мерки или субјекти на социјални експерименти. Раното детство треба да се гледа како можност за инвестирање, за искористување на човечкиот капитал. Како што беше претходно изнесено, секоја од овие парадигми е поврзана со значајни теории и истражувања, кои во најмала рака бараат да се препознае фактот дека малите деца не се само во процес на развој, не се објекти за грижа и добротворни акции, ниту, пак, пиони во општествените експерименти за возрасни (Woodhead and Faulkner, 2000). Промената на статусот на малото дете во рамките на политиката и праксата е сигнализирана и со оддалечувањето од политиките засновани главно на возрасни конструкции за потребите на децата, (Woodhead 1990/97): „Фокусот заснован на потреби произведува визија насочена кон решавање конкретни проблеми… се концентрира на спецификите и го претвора граѓанинот во пасивен субјект, кој мора да се разгледува од аспект на проблемот. Спротивно на тоа, пристапот заснован на права негува визија за граѓанство при што граѓанинот е носител на правата...“ (Liwski, 2006).

### 1.4.3. Партиципативни права во теорија и практика

Втората главна карактеристика на развојот на политиките засновани на права се однесува на улогата на малото дете во остварувањето на сопствените права. Комитетот на ОН за правата на детето ги охрабрува државите-членки да изградат позитивна агенда за правата во раното детство, признавајќи дека малите деца се „…активни членови на семејствата, заедниците и општествата, со своите грижи, интереси и гледишта…“ (Општ коментар 7, став 5). Членот 12 од Конвенцијата на ОН е идентификуван како општ принцип, кој се применува и за помалите и за поголемите деца. Како што забележува Комитетот, почитувањето на малото дете често се занемарува или се отфрла како несоодветно врз основа на возраста и незрелоста: „Во многу земји и региони, традиционалните верувања ја нагласуваат потребата на малите деца за образование и социјализација. Тие се сметаат за неразвиени, без основни капацитети за разбирање, комуникација и правење избор. Тие се немоќни во нивните семејства, а честопати безгласни и невидливи во општеството. Како носители на правата, дури и најмалите деца имаат право да ги изразат своите ставови, на кои треба „да им се даде соодветна тежина во согласност со возраста и зрелоста на детето“ (Општ коментар 7, став 14). Општиот коментар 7 елаборира три партиципативни принципи, секој со импликации врз политиката и практиката:

(а) право на детето - детето да биде консултирано за прашања што го засегаат и да се почитува уште од најраната фаза на начини соодветни на капацитетите на детето, најдобриот интерес и правата на заштита од штетни искуства;

(б) право на изразување ставови и чувства - треба да биде втемелено во секојдневниот живот на детето во семејниот дом, во здравствените установи, установите за згрижување и воспитание за деца на предучилишна возраст, во правните постапки и во развојот на политики и услуги; и

(в) преземање соодветни мерки - за да се осигури дека сите оние што имаат одговорност кон малите деца ги слушаат нивните ставови и го почитуваат нивното достоинство.

Нагласувањето на права за учество на малите деца се однесува на добро воспоставените традиции на теорија и истражување, најчесто изразени во однос на активноста и самото дете, како и пошироко, нивната улога во обликувањето на сопственото детство. Конструктивистичките парадигми во развојната психологија сметаат дека децата активно се вклучуваат во нивната физичка и социјална средина, конструирајќи когнитивни модели за да го разберат светот и постепено стекнувајќи поголема софистицираност во нивното интелектуално, социјално и морално разбирање. Истражувањата на доенчињата нагласуваат дека новороденчињата се претходно прилагодени за социјален ангажман, активно бараат социјални односи преку кои се гарантира нивна безбедност, се регулираат емоциите и се поттикнуваат когнитивните и комуникациските вештини.

Во овој поглед, важно е да се забележи работната дефиниција за „раното детство“ на Комитетот на ОН, која се однесува на сите мали деца: при раѓање и во текот на детството, на предучилишна возраст, како и за време на транзицијата од системот на згрижување и воспитание во основно училиште“. Упатувањето на „при раѓање“ е признание дека доенчето е активно, растечка чувствителна индивидуа пред, за време како и по раѓањето, односно на периодот на животот, кој традиционално се нарекува „рано детство“. Дефинирањето на раното детство, како период на возраст на детето под 8 години, е во согласност со дефиницијата на Конвенцијата за детството „на возраст под 18 години“. Формулацијата на Конвенцијата не прецизира кога почнува детството. Комитетот на ОН го потврдува значењето на месеците пред раѓањето, притоа повикувајќи ги „државите-членки да ја подобрат перинаталната грижа за мајките и бебињата“.

Макросоциологијата ја нагласува моќта на општествената структура да ги обликува индивидуалните животи, додека микроанализата на општествениот процес ги открива начините на кои поединците придонесуваат во создавањето на општествениот живот. Интересот за детето како субјект продолжува да ги поткрепува студиите за социјализација на децата, со особен интерес за истражување на социјалните вештини на децата, како и за мапирање на начините на кои децата ја градат својата социјализација (Mayall, 1994).

Членот 12 бара да се почитуваат ставовите на малото дете, не како доказ за нивната релативна компетентност, туку како доказ за нивните уникатни искуства и удел во иднината на светот во кој живеат.

### 1.4.4. Права и развојни капацитети

Иницијативите за партиципација на децата се однесуваат на ефективни консултации со малите деца и зголемување на можностите за значаен придонес во донесувањето одлуки за прашањата што ги засегаат. На пример, Ланкастер 2006 година предложи пет принципи за слушање на децата: препознавање на многуте јазици на децата, доделување простор за комуникација, обезбедување време, обезбедување избор и рефлективна практика (Lancaster, 2006). Друг иновативен начин на работа доаѓа од студијата Мозаик, која развива техники за слушање на

перспективите на три и четиригодишни деца за нивното згрижување во градинка, базирани на детски цртежи, нивни фотографии и гласовни снимки (Clark and Moss, 2001).

Важно е да се нагласи квалификаторот во член 12 дека на ставовите на детето треба да им се даде „соодветна тежина во согласност со возраста и зрелоста на детето". Ова упатување на возраста и зрелоста повторно се поврзува со поконвенционалните погледи на детето, кое напредува низ развојни пресвртници, тесно поврзано со друг клучен концепт во рамките на Конвенцијата - „развивачки капацитети". Како пример, може да го посочиме член 5, кој се однесува на почитување на одговорностите и должностите на родителите и другите за да се обезбеди соодветни насоки и упатства „...на начин што е во согласност со развојните капацитети на детето". На сличен начин, членот 14 се однесува на правата и должностите на родителите и другите да му дадат поддршка на детето во остварувањето на правото на слобода на мисла, совест и религија „...на начин што е во согласност со развојните капацитети на детето…".

Политичките и економските перспективи се градат на теорија и докази за формативното влијание на интервенциите во раното детство, кои се клучни за идните перспективи на децата. На ист начин, перспективите за човекови права се надоврзуваат на знаењето и судовите за развивањето на социјалната и моралната свест на малите деца, а особено нивните капацитети за одлучување или потребата за заштита „во нивен најдобар интерес". Некои од најзначајните можности за понатамошно истражување и анализа лежат на пресекот меѓу овие перспективи. Прашањето што се наметнува е како ќе се постигне оваа рамнотежа, која е од клучно значење за практичното спроведување на партиципативните права, која зависи од огромен број размислувања поврзани со контекстот, индивидуалното дете и последиците од донесената одлука. Улогата на возрасните би била да ги следат фазите на развој на децата и да донесуваат одлука дали децата се подготвени да учествуваат, вклучително и земајќи ги предвид индивидуалните разлики во постигнувањата на децата во фазите. Алтернативното гледиште (во согласност со Виготската социо-културна теорија) му пристапува на прашањето сосема поинаку, прашувајќи каков вид поддршка му е потребна на детето за да може ефективно да учествува, да му помогне да ги изрази своите чувства. Со други зборови, наместо да прашуваат кога се подготвени децата да учествуваат во донесувањето одлуки за оваа или онаа област од нивниот живот, покорисно прашање би било: „Како се развиваат детските вештини преку соодветни нивоа на учество?" Овој начин на поставување на прашањето го привлекува вниманието на принципите на водено учество и заедниците на деца што се во процесот на учење. Се истакнуваат начините на кои повеќекратните вештини на децата можат да бидат водени и поддржани од возрасните и од покомпетентните врсници. (Smith, 2002; Woodhead, 2005a; Kirby and Geabs 2006). Според ова алтернативно гледиште, поддршката на партиципативните права на малите деца става нови одговорности на возрасните и со тоа да го насочува учењето кај малите деца за да се овозможи позитивно социјално учество на начини кои се во согласност со нивниот капацитет за разбирање, интерес и начини на комуникација, особено за прашањата што најдиректно влијаат врз нивниот живот. Комитетот на ОН за правата на детето е многу јасен за оваа точка во Општиот коментар 7, став 17:

„Капацитетите што се развиваат треба да се гледаат како позитивен процес на можности, а не како изговор за авторитарни практики, кои ја ограничуваат автономијата и самоизразувањето на децата, кои традиционално се оправдуваат со укажување на релативната незрелост на децата и нивната потреба за социјализација“. (Комитет на ОН за правата на детето, 2005 година).

*

Во ова потпоглавје разгледани се развојните перспективи во контекст на формативните години, невронауката, како и ранливоста и издржливоста. Повеќекратните негативни ефекти врз добросостојбата на децата од материјални лишувања, нарушени, искривени и навредливи односи, конфликти, раселување и принудени миграции се, исто така, презентирани во овој дел од трудот. Отпорноста на развојните процеси и на опсегот за компензирање на негативните последици се поткрепени со приказ на аргументи низ истражувачки сознанија, со што се нуди пооптимистичка слика за раното детство, истакнувајќи ја раната интервенција како најефикасна основа за обезбедување позитивна долгорочна благосостојба на децата.

# 2. Влијанието на сиромаштијата врз раниот детски развој

Сиромаштијата влијае врз развојот и резултатите што детето ги постигнува во образовниот процес, почнувајќи од најраните години од животот. Подготвеноста за училиште или способноста на детето да постигнува резултати на училиште е препознаена како единствена можност за бегството од сиромаштијата во Соединетите Држави, но и сè повеќе во земјите во развој. Овој критичен елемент треба да биде поддржан од многу други компоненти со стратегија за намалување на сиромаштијата, како што се пристап до услуги за ран детски развој и зајакнување на семејствата. Во овој дел од трудот ќе ги разгледаме доказите, односно резултатите од интервенциите за ран детски развој, особено кај децата што живеат во сиромаштија, како во Соединетите Држави, така и во земјите во развој.

Во 2000 година, Милениумскиот самит на Обединетите нации усвои осум Милениумски развојни цели што требаа да се постигнат до 2015 година. Првите две цели, кои се однесуваат на искоренување на екстремната сиромаштија и глад и постигнување универзално основно образование, се тесно поврзани. Сиромаштијата го ограничува пристапот до образование, а во исто време ги намалува и шансите за постигнување резултати, кои со сигурност можеме да кажеме дека се главни механизми за бегство од сиромаштијата.

Сиромаштијата е широко распространета појава, која има штетно влијание врз речиси сите аспекти на семејниот живот и исходите за децата. Ќе се осврнеме на механизмите преку кои сиромаштијата влијае врз детскиот развој и образовните резултати, како и на интервенциите, кои биле ефикасни во подобрувањето на детскиот развој и образовните резултати за семејствата што живеат во сиромаштија, и во САД, и во земјите во развој.

Особено ќе се осврнеме на:

- концептите на сиромаштија и детски развој,
- механизми преку кои сиромаштијата влијае врз детскиот развој и образовните резултати, вклучувајќи го и функционирањето на семејството и процесите на заедницата,
- програми и политики, кои ги ублажуваат негативните ефекти од сиромаштијата и нивното влијание врз развојот на децата, како и промоцијата на развојот и образованието на детето,
- препораки за идни истражувања, програми и политики за намалување на негативните последици од сиромаштијата, како и промовирање на универзалното образование.

## 2.1. Дефиниција на сиромаштија

Во дефиницијата на сиромаштијата се јавуваат неколку контроверзии. Првата е дали сиромаштијата треба да се дефинира во економска смисла или како поширока социјална загрозеност. Економската дефиниција на сиромаштијата вообичаено се заснова на приходите, при што апсолутната линија на сиромаштија се пресметува како трошоци за храна неопходни за егзистенција, дополнети со мал

додаток за непрехранбени производи. Сепак, многу истражувачи користат поширока дефиниција што сугерира дека „сиромаштијата“ значи недостиг не само од материјални средства и здравје, туку и од можности, како што се социјална припадност, културен идентитет, почит и достоинство, како и достапност до информации и образование. Според Сен, сиромаштијата значи лишување од можности. Втората разлика е во тоа што некои истражувачи и креатори на политики гледаат на сиромаштијата и бегството од сиромаштијата првенствено поради индивидуалната состојба, додека други се фокусираат на факторите на социјалната исклученост, кои ги спречуваат лицата во социјален ризик да излезат од сиромаштијата. Повеќекратните фактори се илустрирани во серија студии на случај во „Гласовите на сиромашните“ од Светска банка. Во „Гласовите на сиромашните“, луѓето сликовито опишуваат повеќекратни, испреплетени групи на пречки што ги прават немоќни да напредуваат. Искуства за недостиг од материјални средства и недостиг од храна, дом и засолниште, егзистенција и слично, присуство на глад, болка и непријатност, исцрпеност и сиромаштија, социјално исклучување, отфрлање, изолација и осаменост, лоши односи со другите, вклучително и лоши односи во семејството, несигурност, ранливост, грижа, страв и ниска самодоверба, немоќ, беспомошност, фрустрација и гнев“. Сиромаштијата може да се набљудува како динамичен процес, при што некои семејства влегуваат и излегуваат од сиромаштијата за релативно кратко време, што резултира со периодична, а не постојана сиромаштија.

Во една студија на 30.000 домаќинства во Индија, Перу и во Уганда, Кришна заклучува „Една третина од оние што се моментално сиромашни, не се родени сиромашни; тие западнале во сиромаштија во текот на нивниот живот, а нивните падови ги неутрализираат успешните приказни на оние што успеале да излезат од сиромаштијата“. Аналитичкиот модел е развиен за да го објасни излезот од сиромаштијата и тој се состои од интеракција меѓу две групи фактори:

1) промени во структурата на можности, која се состои од доминантна институционална клима и социјални структури, во кои обесправените актери мора да работат за да ги променат и унапредат нивните интереси и

2) промени во вештините на сиромашните поединци или групи за активација, односно преземање акција за развивање потенцијали.

## 2.2. Влијание на сиромаштијата врз развојот на детето и образовни резултати

Развојот на детето се однесува на појава на меѓузависни вештини на сензомоторни, когнитивни, јазични и социјално-емоционални функции, кои зависат од физичката благосостојба на детето, семејниот контекст и општеството.

Образовните резултати вклучуваат подготвеност за училиште, здружување, осипување, постигнати резултати во образованието и завршени години на образование. Подготвеноста за училиште се однесува на вештините што им се потребни на децата за да го искористат стекнатото знаење добиено во текот на формалното образование. Подготвеноста за училиште генерално се дефинира како широк спектар на вештини, кои влијаат врз способноста на децата да учат на училиште, вклучувајќи физичко здравје, моторни вештини, грижа за себе,

емоционална зрелост, самоконтрола на однесувањето, социјални вештини, комуникациски вештини, предакадемски вештини, внимание и љубопитност и мотивација за учење. Оваа дефиниција не е прифатена од сите, дел од експертите тврдат дека дефиницијата треба да се ограничи на писменост и нумерички вештини.

Во САД, како и во другите земји, сиромаштијата претставува хроничен стрес за децата и за семејствата, која може да го попречи успешното приспособување на развојните фази, вклучително и достигнувањата во училиштето. Децата израснати во семејства со ниски приходи се изложени на ризик за постигнување пониски академски резултати и социјални проблеми, како и лошото здравје и благосостојба, што може да ги поткопа нивните образовни достигнувања.

Поврзаноста меѓу сиромаштијата и развојот на децата и академските постигнувања е добро документирана, почнувајќи од втората година од животот и се протега низ основното и средното училиште. Кога овие ризици се појавуваат кај деца на предучилишна возраст, тие можат да имаат долготрајни последици. Подготвеноста за училиште е од клучно значење за подоцнежните академски достигнувања бидејќи разликите дали детето има подготовка за училиште или не, имаат долгорочни последици. Ли и Буркман открија дека повеќето американски ученици што почнуваат на училиште без претходна подготовка, значително заостануваат зад своите врсници и никогаш не можат да го достигнат нивото на подготвеност, јаз кој неретко се зголемува во текот на образовниот процес.

Последиците од неуспехот на училиште, во првите години од образованието упатува на зголемена веројатност за бегање од училиште, напуштање на училиштето и нездраво или деликвентно однесување. Врската меѓу сиромаштијата и ниските училишни достигнувања е евидентна. Децата што доаѓаат од семејства со ниски приходи се изложени на зголемен ризик да го напуштат образованието. Доказите од Националниот институт за детско здравје и човечки развој на САД покажуваат дека децата во хронично сиромашните семејства имаат пониски когнитивни и академски перформанси и повеќе проблеми во однесувањето од децата што не се изложени на сиромаштија, делумно објаснето со недостиг од стимулативни однесувања и домашна интеракција кај семејствата со ниски приходи.

Слична е состојбата и во земјите во развој, децата што живеат во сиромаштија се изложени на многу поголем ризик да не го завршат своето образование за разлика од побогатите деца. Согласно добиените резултати од Извештајот на УНЕСКО за мониторинг на Образование за сите (2006), влијанието на сиромаштијата врз образованието на децата е големо, имено на примерок од 80 земји, 12 проценти од децата во највисокиот квинтил никогаш не посетувале училиште, додека 38 проценти од децата во најсиромашниот квинтил никогаш немале пристап до образовните институции. Овие разлики се повеќе поврзани со приходите и образованието на мајките отколку со урбаното/руралното живеење и полот на децата. Социо-економските разлики се во директна корелација со постигнатите резултати на децата во образованието, децата израснати во сиромаштија постигнуваат помали резултати на училиште. И покрај огромните ефекти на сиромаштијата врз образованието и развојот на децата, има многу

примери на деца од семејства со ниски приходи што напредувале. Студиите за посвојување обезбедуваат експерименти за тоа како промените во примарниот контекст на децата, нивното семејство, можат да ги ублажат негативните последици од сиромаштијата. На пример, студиите на романските деца израснати во институции, во првите 2 години од животот, а потоа посвоени од британски семејства со среден приход, покажуваат дека многу од децата постигнале академски и социјални резултати, кои се во согласност со нормите на Велика Британија.

Теориите за развојни системи може да бидат корисни во разбирањето на повеќекратните механизми, кои ја поврзуваат сиромаштијата со образованието и со развојот на децата. Теориите се засноваат на еколошката теорија и ги концептуализираат интеракциите на повеќе нивоа, почнувајќи од основните биолошки процеси до интеракциите на индивидуата, семејството, училиштето, заедницата и културното ниво. Како и кај секој системски модел, интеракциите се двонасочни, така што промените во еден аспект од системот може да влијаат врз односите и процесите во системот.

Во моделот на директни ефекти, сиромаштијата влијае врз образованието и развојот на децата преку зголемување на факторите на ризик и ограничувањето на заштитните фактори и можностите за стимулација. Децата што живеат во семејства со ниски приходи се изложени на поголем ризик од несоодветна исхрана и прекумерна тежина, што е резултат на отсуство на редовна исхрана и нутритивно богата храна, која треба да ги задоволи растот и развојот на децата. Доказите сугерираат дека многу од ефектите на сиромаштијата врз децата се под влијание на однесувањето на семејствата. Семејствата со ниски приходи често имаат ограничено образование, намалувајќи ја нивната способност да обезбедат одговорна стимулативна средина за своите деца со ограничена јазична стимулација, користејќи јазик во кој доминираат наредби, негативни коментари и едноставна структура, наместо со објаснувања и елаборација. Семејствата со ниски приходи имаат тенденција да користат груби стилови на родителство, кои се засноваат на родителска контрола, наместо реципрочни, интерактивни стилови, кои промовираат емоционален развој и стимулирање развој на социјални вештини.

Читањето во првите неколку години од животот придонесува за развој на фонемската свест и вештините за разбирање. Сепак, помала е веројатноста дека родителите на децата од сиромашните семејства ќе им читаат, за разлика од родителите што се со повисоки приходи, односно со повисоко образование.

Семејните карактеристики, исто така, може да влијаат врз поврзаноста меѓу сиромаштијата и развојот на децата преку процес познат како социјална селекција. Перспективата на социјалната селекција претпоставува дека индивидуалните разлики во родителските особини доведуваат до разлики во приходите и за возврат имаат влијание врз развојот на децата. Родителите што имаат просоцијални атрибути, како што се чесност, интегритет и доверливост, ги пренесуваат овие вредности на своите деца, обезбедувајќи им заштита, дури и во услови на сиромаштија.

Евидентните докази од земјите во развој и САД покажуваат дека многу семејства се соочуваат со периодична сиромаштија, додека помал процент со постојана сиромаштија. Исто така, податоците покажуваат дека раните искуства

поврзани со сиромаштијата имаат долготрајни ефекти дури и ако семејството ја подобри својата благосостојба подоцна во животот. Лонгитудиналните студии за промените сугерираат дека факторите што ги извлекуваат семејствата од сиромаштија може да се разликуваат од факторите што доведуваат до сиромаштија. Една од најчестите причини за сиромаштија во многу земји е лошото здравје и трошоците за здравствена заштита. Во согласност со кумулативниот модел на стрес, едно негативно искуство генерално не го втурнува семејството во сиромаштија, но неколку последователни „удари“ може да го втурнат семејството во сиромаштија.

Согласно резултатите од првичната анализа на студиите на случајот „Излегување од сиромаштијата“ на Светска банка, излегувањето од сиромаштијата е поврзано со зголемени приходи, миграцијата, подобрена социјална заштита и достапни услуги за работниците, кои имаат заснован работен однос, но и за оние работници што работат во сивата економија. Иако некои семејства излегле од сиромаштијата, како резултат на вклучување на пазарот на трудот, процентот останува мал, што упатува на заклучок дека економските програми или вработувањето имаат релативно мало влијание врз бегството од сиромаштијата. Честопати овие програми резултираат со зголемени разлики бидејќи побогатите семејства имаат поголеми способности да профитираат од нив отколку сиромашните семејства. Нова интервенција за намалување на сиромаштијата, која е дизајнирана да има специфично влијание врз образовните резултати, се програмите за условени парични надоместоци преку кои се обезбедува одреден надоместок, кој е условен, како на пример од редовното присуство на училиште, соодветната исхрана, имунизацијата или од редовните здравствени прегледи.

Истражувањата во Мексико, Хондурас и во Никарагва покажаа значителни подобрувања во нутриционистичкиот статус на децата, како резултат на овие програми, со што директно треба да се влијае врз подобрувањето на подготвеноста за училиште, како и редовно присуство на училиште, особено за девојчињата.

### 2.2.1. Интервенции за подобрување на развојот и образовните резултати на децата

Во текот на изминатите четири децении, имаше убедливи докази дека соодветната подготвеност за училиште и развојот на децата ги намалуваат разликите поврзани со сиромаштијата. Тие вклучуваат програми за поддршка на семејството, рана интервенција на деца од предучилишна возраст, програми за подобрување на способноста на родителите да го поддржат раното учење и сеопфатни програми, кои го подобруваат развојот на децата пред да почнат со образованието, односно пред да тргнат на училиште.

Во развиените земји, сè поголем е бројот на докази што сугерираат дека обезбедувањето висококвалитетни предучилишни интервенции, во комбинација со вклученоста на родителите и подобрувањето на здравствениот статус, може да има значителни ефекти врз јазикот и когнитивните вештини на децата до 5-годишна возраст. Бројни програми за деца на предучилишна возраст што потекнуваат од сиромашни семејства директно влијаат врз високата стапка на деца што

завршуваат средно училиште, се вклучуваат во високото образование, се вработуваат, обезбедуваат здравствено осигурување, за разлика од децата што не се вклучени во ваков вид програми.

## 2.3. Влијанието на сиромаштијата врз семејствата и заедницата

Семејствата се примарна средина на децата и родителите. Покрај обезбедувањето основни потреби, како што се храна, засолниште и облека, семејствата ги пренесуваат културните и образовните вредности и им помагаат на децата да се прилагодат на општествените барања и можности. Раните интеракции родител-дете им помагаат на децата да го научат регулаторниот процес и да се социјализираат во согласност со семејните норми и култура.

Како што забележаа Паркер, Грир и Цукерман пред речиси две децении, децата што растат во сиромаштија доживуваат „двојна опасност". Не само што тие се директно изложени на ризици во нивните домови и заедници, вклучувајќи болести, стрес, недостиг од психосоцијална стимулација и ограничени ресурси, тие често доживуваат посериозни последици од ризиците на кои се изложени, за разлика од децата што живеат во семејства со повисоки приходи. И покрај вниманието посветено на штетните ефекти на сиромаштијата врз децата во изминатите неколку децении, стапките на сиромаштија остануваат високи, особено во семејствата со мали деца, а, исто така, забележано е и недоволно внимание на процесите на кои сиромаштијата влијае врз образованието и врз развојот на децата. Една од причините за недостигот од напредок е преголемото потпирање на основните модели, кои ги нагласуваат директните ефекти на сиромаштијата, со мало внимание на механизмите што ја поврзуваат сиромаштијата со развојот на децата.

Во моделите со посредство, ефектите од сиромаштијата се чувствуваат преку нарушувања во функционирањето на семејството, кои, пак, имаат негативни реперкусии врз децата. Овој модел беше развиен преку студии за ефектите на депресијата од 1930-тите врз семејствата и врз децата. Тој е во согласност со моделот на семеен стрес, во кој сиромаштијата поврзана со економските тешкотии може да доведе до стрес во семејството и да има негативно влијание врз емоционалната благосостојба и менталното здравје на родителите, поткопувајќи го родителското однесување и зголемувајќи ја веројатноста, родителите да користат грубо и контролирано родителство. Резултатот од грубо и контролирано родителство се проблеми во однесувањето и во развојот на децата. Со други зборови, родителите што се под стрес и преоптоварени со притисоците на сиромаштијата, не можат да ги задоволат емоционалните, когнитивните и потребите за грижа на нивните деца. Утврдено е дека моделот на семеен стрес е применлив за семејства од мултиетничко потекло во Соединетите Држави и за семејства од различни култури, вклучувајќи ги Романија и Индонезија.

Семејствата со ниски приходи имаат тенденција да живеат во населби каде што населението е со ниски приходи, често карактеризирани со висока густина, криминал и малку можности за академска социјализација. Училиштата често се среќаваат со недостиг од средства за реализирање на наставните програми, изрекување зачестени дисциплински проблеми и екипираност со наставници без

соодветни знаења и вештини, кои не можат да ги исполнат нивните задолженија.

Излегувањето од сиромаштија не мора да резултира со исчезнување на негативните ефекти од сиромаштијата. Влијанието на периодичната сиромаштија врз постигнувањата кај децата е слично на она кога децата живеат во постојаната сиромаштија. Недостигот од разлика меѓу ефектите на наизменичната и постојаната сиромаштија е моделот на рани ефекти, кој сугерира дека лошите бихејвиорални и академски модели воспоставени во предучилишна возраст опстојуваат, дури и ако има подобрување на условите на животната средина. На пример, разликите во училишната подготвеност при почнување на образованието имаат долгорочни значајни асоцијации со училишните перформанси, што резултира со зголемување на разликите со текот на времето, создавајќи празнини, кои може да опстојат дури и ако семејството ја надмине сиромаштијата.

Иако економистите, како што е нобеловецот Џејмс Хекман, ги препознаваат придобивките од инвестирањето во раното образование, и за децата, и за општеството, раното образование добива многу мала политичка поддршка. Наместо да се фокусираат на развивање предучилишни програми за да се обезбеди подготвеност за училиште, образовните системи често ги насочуваат своите ресурси кон намалување на разликите меѓу децата што се веќе запишани во училиште.

Глобално, бројот на деца запишани во предучилишното образование е тројно зголемен од 1975 година досега. Во развиените земји, околу 75 проценти од детската популација посетува некоја форма на предучилишна установа додека бројот на деца вклучени во програми за ран детски развој во земјите во развој изнесува околу 30 проценти. Повеќето од овие програми не се однесуваат само на децата, туку почнуваат да ги вклучуваат и родителите, а некои дури вклучуваат и услуги за соодветна исхрана и подобро здравје. Прегледот на ефектите од програмите за ран детски развој покажуваа дека голем број програми се ефективни. Децата што биле вклучени во програми за ран детски развој имале значително подобри когнитивни резултати и подобра социјална интеракција, за разлика од децата од контролната група.

## 2.4. Родителство и сиромаштија

Програмите за едукација и поддршка за родителство се дизајнирани да ги ублажат негативните ефекти од сиромаштијата врз семејните карактеристики, како што е недостигот од стимулација или материјали за учење, кои доведуваат до подобрување на благосостојбата на детето. Овие програми имаат различни интервенции, кои може да се однесуваат и на посета на здравствени установи, посета во домот од страна на стручен работник, комбинирање на советувањето со следење на растот кај децата, обезбедување групни состаноци за родителите и достапност до информации. Некои од нив се специфични и насочени кон деца со одреден фактор на ризик, како што се недоносени деца или деца со ниска родилна тежина.

„Програмата за здравје и развој на доенчињата“ во САД, која се реализираше со интервенција во домот и во центарот за доенчиња, а опфати родители што потекнуваат од семејства со ниски приходи, имаше силни ефекти врз

когнитивните вештини на децата на 3-годишна возраст. Меѓутоа, кога беше спроведено следење на ефектите на возраст од 5 и од 8 години, придобивките беа намалени и варираа во зависност од профилот на ризик на семејствата. Децата од семејства со умерени нивоа на ризик имаа скромни, иако одржливи придобивки од интервенцијата врз коефициентот на интелигенција. Ризикот од човечки капитал беше дефиниран кумулативно од трите индикатори, и тоа невработеноста на мајката, приходите од социјална помош и помалку од средното образование, додека умерениот ризик беше дефиниран со присуство на еден или на два од споменатите индикатори. Семејствата со сите три индикатори се претпоставува дека биле премногу оптоварени за да ја поддржат интервенцијата и да се обезбеди ефект од неа, додека кај семејствата без присуство на ризиците се претпоставува дека можеби биле во можност сами да мобилизираат ресурси и немале потреба од интервенција. Доказите од одредени интервенции сугерираат дека ефектите од раната интервенција може повеќе да влијаат врз вештините за учење и мотивацијата отколку на коефициентот на интелигенција, со што се наметнува заклучокот дека за подобрување на коефициентот на интелигенција треба дополнителна интервенција.

Програмата „Рана стимулација“ во САД е уште еден пример за програма за рана интервенција на деца до 3 години дизајнирана да ја промовира училишната подготвеност и да ги спречи негативните ефекти на сиромаштијата врз образовните достигнувања кај децата. Во 2004 година, „Рана стимулација“ опфати 63.000 семејства со ниски приходи низ целата територија на САД, преку професионални домашни посети, грижа за деца, управување со случаи, образование на родители, здравствена заштита и упатувања. Неодамнешната евалуација на рандомизирано испитување меѓу 3.001 семејство покажа дека до 3-годишна возраст, децата што учествувале во „Рана стимулација“ покажале подобри резултати во однос на когнитивниот и јазичниот развој, емоционалната ангажираност на родителот, одржливото внимание со играчки и ниските стапки на агресивно однесување, за разлика од децата од контролната група. Покрај тоа, родителите што учествувале во програмата, значително повеќе емоционално ги поддржувале своите деца, повеќе разговарале со децата, поминувале повеќе време читајќи им, и забележана е помала веројатност да користат физичка казна кај своите деца, во споредба со родителите од контролната група. Овие наоди ја истакнуваат важноста од вклучувањето на родителите во интервенцијата и во мерењето на интервенцијата врз нивното однесување и родителство.

Во текот на 1990-тите се појавија политички дискурси во Велика Британија, како одговор на справувањето со детската сиромаштија и од владата беше преземена акција за нејзино намалување, како дел од поширока стратегија за намалување на сиромаштијата (Edwards and Gillies, 2004; Tavistock Institute et al., 2014). Акцентот, во голема мера, беше ставен, иако не исклучиво, врз мерењето на детската сиромаштија од аспект на фискалниот приход и приходите на домаќинствата и зголемувањето на нивото на приход преку повисоки социјални бенефиции и вклучувањето на пазарот на трудот. Се сметаше дека таквите политики ја подобруваат способноста на родителите да се грижат за децата, и емотивно, и финансиски. Помошта со родителството, во форма на советување за родителство, исто така беше идентификувана како дополнување на фискалните

аспекти на намалувањето на сиромаштијата (Asmussen et al., 2007; Avis, 2007; Axford et al., 2012; Davis et al., 2012).

Истражувањата за детската сиромаштија првенствено се фокусираат на објективни мерења и индикатори за сиромаштијата, стандардните детски резултати и механизмите преку кои циклусите на сиромаштија може да се прекинат преку обезбедување материјални средства, т.е. повисоки приходи (Ermisch et al., 2001; Yaqub , 2002; Katz et al., 2007a). При истражувањата на сиромаштијата и ефектите од неа врз постигнувањата кај децата, ретко се анализираат другите комплексности, како што е улогата на родителите и родителските односи, како со детето, така и меѓу сопружниците.

Доказите од истражувањата го перцепираат стресот, како причина за негативни психолошки и физиолошки реакции, кои потекнуваат од обидите на родителите да се прилагодат на барањата на родителството. Тоа предизвикува родителите да бидат подепресивни, вознемирени и/или лути, и како резултат на тоа, тие имаат тенденција да користат авторитарни и/или неконзистентни обрасци на родителство, што негативно влијание врз постигнувањата на децата.

Низ целата литература, еден забележлив аспект на стресот е поврзан со полот на родителот, а особено, влијанието на депресијата врз мајките. Општо земено, мајките со пониски приходи се повеќе изложени на ризик од депресија отколку оние со повисоки приходи. Мелцер и соработниците (2000) откриле дека децата на невработени родители и/или од работничката класа во Велика Британија имаат трипати поголема веројатност да развијат ментални нарушувања отколку оние деца што имаат родители со високо образование и професија. Веројатноста, децата да искусат тешкотии со менталното здравје, исто така, е тесно поврзана со лошото негативно ментално здравје на нивните родители. Со тоа се покажува дека децата што имале проблеми со менталното здравје и „тешките“ деца живееле со родители што биле под стрес. Доказите, исто така, сугерираат дека нема директна врска меѓу сиромаштијата и емоционалната злоупотреба, несоодветен родителски надзор или сурова дисциплина, ниту, пак, постојат докази што упатуваат дека „дефицитот на родителството“ е поврзан со сиромаштијата или нивото на приход само по себе (McSherry, 2004). Анализите на Мајер (1997) на населението во САД покажаа дека приходите на родителите имаат само скромно влијание врз стресот и дека стресот има минимално влијание врз резултатите на децата, како што се постигнувањата во училиште. Како и да е, дебатите околу ефектите од приходот, стресот и сиромаштијата ќе продолжат да бидат клучна тема на дебатите за влијанието на можностите за вработување и социјална помош, зголемувањето на приходите, намалувањето на стресот и постигнувањето позитивни резултати. Истражувањата универзално не го поддржуваат аргументот дека зголемениот родителски приход, преку учество на пазарот на трудот или повисоки социјални надоместоци, директно ги подобруваат родителските капацитети или генерираат подобри резултати кај децата. Промените на приходите не се секогаш комбинирани со промените во потрошувачката или со начинот на живот и однесувањето. Намалувањето на приходот може да се надомести со трошење на заштедите, а зголемувањето на приходот може негативно да влијае доколку семејството има долгови што треба да ги отплати.

Иако во најголемиот број случаи, малтретирањето на децата и недостигот

од родителски капацитет е доминантно кај родителите со пониски приходи, сепак евидентно е постоењето родители што се отпорни на влијанието на сиромаштијата и што практикуваат позитивно родителство. Различни студии (Middleton et al., 1997; Ghate and Hazel, 2002) открија дека родителите често се лишуваат од храна и од други потреби за да ги задоволат потребите на децата. И покрај тоа, доказите укажуваат на сложена врска меѓу сиромаштијата, родителскиот стрес, вклученоста во образованието на децата, соседството и околината. Се чини дека не постои едноставна причинско-последична врска меѓу сиромаштијата, родителството и резултатите од децата. Различни луѓе различно реагираат на неволја. Карактеристиките на должината и длабочината на сиромаштијата, структурата на семејството, соседството и социјалната поддршка се во интеракција со двигателите на однесувањето на родителите што посредуваат и влијаат врз одговорите на предизвиците. Сиромаштијата има значително влијание со тоа што предизвикува некои родители што не се резилиентни да бидат под стрес, депресивни или вознемирени, што секако доведува до нарушување на родителството. Нарушеното родителство, наместо сиромаштија, може да претставува клучна детерминанта во влијанието на резултатите на децата. Социјално исклучените и родителите со ниски приходи може да се соочат со намалени нивоа на социјален капитал и способност за родителство од различни причини.

*

Политичко-економските перспективи, како што се компензирање на недостатоците и изедначување на пристапот до образование, оценување на долгорочните резултати од раната интервенција, раното детство и човековиот капитал, како и човековиот капитал низ призмата на етиката и политиката се елаборирани во овој дел од трудот.

# 3. Иновативни пристапи кон раниот детски развој и детска заштита: меѓународни искуства

## 3.1 Иновации за континуираниот професионален развој во раниот детски развој и заштита

Врз основа на прегледот на литературата и анализата меѓу земјите спроведени во десет европски земји, иновациите во однос на континуираниот професионален развој се сфаќаат како начин за подобрување на квалитетот на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Континуираниот професионален развој повеќе не се занимава само со знаењата и вештините на практичарите, туку опфаќа процеси, како критичко размислување, рефлексија и кокреација во и низ системите за згрижување и воспитание. Постојат два пристапи кон иновациите во континуираниот професионален развој, првиот може да се окарактеризира како развој во системи каде што недостасува национална дефиниција за иновации, но, сепак, постои растечка свест за потребата од изнаоѓање нови решенија за раниот детски развој, и вториот, како многу иновативен, во системите што имаат историја, култура и општествена традиција на иновации.

Професионалниот развој во системот за ран детски развој се однесува на целосен опсег на активности што претендираат да ја зголемат базата на знаење, вештини и перспективи на практичарите и професионалците додека се занимаваат со развојот и грижата на децата на предучилишна возраст, како и услуги за образовна поддршка, домашни посети и образование на родители и сродни активности, како што се односите во заедницата (Harvard Family Research Project, 2004, цитиран во Sheridan, Edwards, Marvin, & Knoche, 2009). Професионалното усовршување вклучува додипломско учење, обука за време на работа или друго доживотно учење. Прв важен аргумент за анализата на континуираниот професионален развој е да се зајакнат професионалците во нивната секојдневна работа за да можат да обезбедат висококвалитетно образование и згрижување за деца на предучилишна возраст. Другиот аргумент, не помалку важен, се однесува на потребата на професионалците да земат активно учество во креирањето и спроведувањето културно-специфични цели за ран детски развој на начини со кои ќе ги земаат предвид различните контексти на детскиот развој, вклучително и поширокиот контекст на општеството, што ги одразува ставовите на децата како активни учесници (Генерално собрание на ОН, 1989), вредностите на семејствата, подоцнежните училишни барања и интересите на општеството (Европска комисија, 2010), вклучувајќи ги социјалната нееднаквост и прашањата за ранливите.

Дополнително, потребата за преземање иновативен пристап кон континуираниот професионален развој е поттикната од растечките општествени предизвици поврзани со современиот живот во општествата што се менуваат. Социо-економските, политичките и културните влијанија ги истакнуваат барањата и можностите за иднината на континуираниот професионален развој. Сепак, свесни сме дека концептуализацијата на иновациите во раниот детски развој,

поконкретно во континуираниот професионален развој е, исто така, контекстуална и разновидна. За контекстот на раниот детски развој, социјалното разбирање на иновациите, како што е она на Досон и Даниел (2010), може да ни помогне да разјасниме што може да се смета како иновативно по земја: „процесите на колективно генерирање идеи, селекција и имплементација од луѓе што земаат учество заеднички да се исполнат социјалните предизвици“.

Поврзано со имплементацијата на иновациите е мерењето на нивната ефикасност. И овде, концептите се разликуваат меѓу контекстите. Интересот за ефективност и практики засновани на докази речиси ги засени другите критериуми за добри практики, како што се подобрувањето на секојдневната благосостојба на детето и демократските процеси во раното учење и развој. Иако не постои консензус за најдобрите видови континуиран професионален развој, кои сеопфатно го подобруваат квалитетот на згрижувањето и воспитанието и резултатите кај децата, се чини дека сугерираат дека е потребен широк опсег на професионално образование и активности за учење во средина што поддржува развој наместо тесен фокус на академските квалификации на воспитувачите (Early et al., 2007).

Одговори на прашањето: „Како наодите можат да придонесат за идниот развој на политиката, практиката и истражувањето, а со тоа и во пракса преку истакнување на предизвиците со кои се соочуваат европските системи за ран детски развој во денешните општества и како овие предизвици можат да се решат преку подобрен професионален развој?“, се обиде да даде проектот CARE (www.ecec-care.org) преку испитување на професионалниот развој. Една од главните цели на проектот CARE беше да се анализира како системите би можеле да ги подобрат знаењата, вештините и севкупните компетенции на учесниците во раниот детски развој, со што ќе одговорат на големиот број предизвици.

Во текот на анализите идентификувани се три дополнителни согледувања како клучни аспекти на континуираниот професионален развој во однос на иновациите: (а) критичко размислување, (б) заедници на практика и (в) растечки фокус на политиката, која се однесува на социјалната нееднаквост. Оваа анализа придонесува за пополнување на празнините во истражувачкиот иновативен континуиран професионален развој на три нивоа: системско (макро), меѓуорганизациско (мезо) и индивидуално, организациско (микро). Анализите се засноваат на податоци од анкетата на испитаници од 10 европски земји, интегрирани со податоци од преглед на литературата за пристапи кон континуиран професионален развој, кои се однесуваат на празнини во знаењето (Jensen & lannone, 2015). Она што е загрижувачко е недостигот од знаење за континуиран професионален развој воопшто и поконкретно во однос на европскиот континуиран професионален развој, како и во однос на иновациите.

Трендовите што можат да се сметаат како компоненти на иновациите се: (а) рефлексивност, рефлексија и критичко размислување во пракса (б) заедници на практики и мрежи и (в) таргетирање на социјалната нееднаквост и ранливите.

Податоците од системите за ран детски развој во Данска, Англија, Финска, Германија, Грција, Италија, Холандија, Норвешка, Полска и во Португалија беа собрани со помош на прашалник, во кој беше побарано да се опишат системите и континуираниот професионален развој во земјата. Првата цел беше да се

идентификуваат пристапите за професионален развој, кои влијаеја на начините на кои едукаторите во различни земји ги спроведуваат целите и наставните програми за раното учење, но и како професионалците се справуваат со тековните предизвици. Како резултат на прелиминарната анализа, која ги зема предвид стандардите, дискурсите и иновации, анализирани се трендови, кои се групирани во шест теми. Втората анализа ги зема предвид трендовите и развојот меѓу земјите. Еден од првичните наоди е дека иновациите зависат од контекстуалните рамки, кои можат, или да им овозможат на професионалците да создадат промени со широк спектар, или да поттикнат тензии. Исто така, идентификувано е дека постојат системи, кои управуваат со предизвиците со кои се соочуваат професионалците преку постојана стандардизација и контрола во поддршката во практичната работа. Оттука, различни одредби во овие сфери на контекстуални рамки може да се сметаат за иновативни, бидејќи тие ги исполнуваат критериумите за социјални иновации, земајќи ги предвид особеностите на системот за ран детски развој на една земја. Може да се заклучи дека иновациите во континуираниот професионален развој, кои поттикнуваат иновации во системот, се карактеризираат со промени на макро, мезо и на микро нивоа, кои може или не може да се организираат, но кои, сепак, се охрабруваат преку структурни ресурси и/или општествени процеси. Идејата за иновативен континуиран професионален развој овде се однесува на степенот до кој на персоналот му е дозволено да обезбеди и да го прошири квалитетот, обновените практики стимулација на постигнување подобри резултати кај децата. Тоа се случува кога професионалците работат во контекст на традицијата на промена кон креативно и критичко размислување со колеги професионалци и кога тие се поддржани на политичко ниво (макрониво), како и во нивните установи (мезониво) и професионални заедници (микро и мезониво), вклучувајќи ја и поширокта заедница. Тоа вклучува политичка волја, легитимитет и приоритет на законодавните или економските услови, социјалните ресурси и силните мрежни врски со засегнатите страни во системот за ран детски развој. Од друга страна, има земји каде што иновациите може да се окарактеризираат како бавни или во зародиш, и покрај тоа што се контекстуално прогресивни и поттикнати од различни фактори, како што се глобализацијата, промената на составот на занималната и европските цели, како што е Стратегијата 2020. Овие системи обично не работат врз основа на националната дефиниција за иновации за континуиран професионален развој и немаат историја или традиција во евалуацијата на ефективноста на континуираниот професионален развој. И покрај сето ова, покажуваат зголемена свест за важноста на зајакнувањето на континуиран професионален развој во перспектива за доживотно учење, особено преку поблиска соработка меѓу истражувањето и практиката (мезониво). Анализата откри дека контролата од горе надолу на иновациите, во континуиран професионален развој, преку систематски проценки и мониторинг, често негува многу бавни промени поради бирократијата. Генерално, спектарот на пристапи резултира со напори за подобрување на развојот на иновативните компетенции, некои со, а некои без многу јасни концептуализации на иновациите. Исто така, откриено е дека координацијата и лидерството на сите нивоа се клучни за секоја иновација во континуираниот професионален развој.

Сè поголема е врската меѓу истражувањето и практиката, што придонесува да се промовираат иновациите во континуираниот професионален развој. Како поткрепа на овој наод е трендот на употребата на акциското истражување, како форма на континуираниот професионален развој, кој ги вклучува едукаторите во планирањето и спроведувањето нови програми, кои, пак, може да станат официјално усвоени од министерства или од локалните власти, комбинација од врвот надолу и иновации од дното нагоре. Овде иновациите во континуираниот професионален развој опфаќаат употреба на современи методи и техники инспирирани од социјалното образование на возрасни, менување/трансформирање на верувањата, принципите и практиките, употребата на нови наставни пристапи, употребата на нови едукативни материјали/средства, премостување на теоријата со практиката, одредби што ги земаат предвид индивидуалните карактеристики, потреби и интереси на приправникот и промовирање на доживотното учење.

### 3.1.1. Рефлексивност, рефлексија и критичко размислување

Како севкупен увид во иновациите, во континуираниот професионален развој, кои произлегуваат од анализата меѓу земјите, согледан е новонагласен акцент на рефлексивната практика, рефлектирачкиот практичар и рефлексивност. Рефлексијата поттикнува континуирана евалуација и подобрување на висококвалитетни практики, поттик за унапредување на раното учење и развој. Постојат разлики во националните контексти, во однос на начините на кои се концептуализира и имплементира, но рефлексијата станува дел од сите аспекти на континуираниот професионален развој. Рефлексија во некои контексти е присутна на сите нивоа, почнувајќи од предучилишното образование и продолжувајќи низ активностите за доживотно учење. Во некои европски земји, рефлексијата дури е дел од потребните компетенции и вештини во секојдневната практика на воспитувачите. Идејата е воспитувачите да станат специјалисти за рефлексија за образовната работа, која се однесува на содржината, односно е во согласност со етичките барања и упатства засновани на истражување и знаење, базирано на искуство. Менторството е пример за рефлексивен пристап и рефлексија како практика со која системот како целина и практичарите особено се развиваат преку активно заедничко и меѓугенерациско вклучување. Рефлексивноста може да вклучува: имплементација на знаење засновано на докази во секојдневната практика, специфична обука за социјално загрозените деца во установите за деца, критичко размислување за поставување цели, подобрување на најдобрите практики и развивање компетенции за иновативно работење преку учење и организациска промена. Рефлексијата како компонента на иновативен континуиран професионален развој се зголемува кога се спроведува во соработка.

Критичката рефлексија е експлицитно означена како клучен аспект на иновациите во континуираниот професионален развој, во упатствата за наставните програми на некои земји за предучилишно образование. Овде, рефлексијата на воспитувачите претходи, ги придружува и ги води нивните активности. Промоцијата на критичка рефлексија за практиката, поврзувајќи ја со теориите и целите, поврзани со набљудувањето и документацијата, станува клучна за раниот детски развој. Рефлексијата инспирираше неколку нови образовни програми, и

покрај буџетските намалувања на национално ниво, покажувајќи го одржливото влијание што може да го има врз системите за кои нема доволно средства, односно ресурси. Многу јасните насоки за евалуација (од горе-надолу) претставуваат активно размислување, кое може да се спроведе преку следење на Ликерт скалата, што ги следат националните упатства и барања за ран детски развој. Рефлексијата одоздола нагоре, во овие контексти, произлегува од формални активности за мониторинг и почитување на променливите стандарди за ран детски развој.

Рефлексивноста, вклучувајќи ја рефлексивната и критичката рефлексивна практика, е важен тренд во континуираниот професионален развој, кој почнува со професионален развој во текот на додипломските студии и се протега до пошироката заедница на засегнати страни што се вклучени во рефлексија. Исто така, постои голем потенцијал за подобрување на квалитетот и мерење на влијанието преку рефлексивни практики. Сепак, тие мора да се преземат на највисоките нивоа на лидерство за да се промовира и одржи системската рефлексивност. Дел од професионалците имаат интегрирано размислување преку стандардизиран мониторинг и евалуација, додека други користат видеологови, записи во дневници, мали студии на случај и рефлексии на групи на практичари, каде што знаењето се документира, разменува и се користи за евалуација. Рефлексијата опфаќа подлабоки увиди за практичарите, кои водат до зајакнување на резултатите, вклучително и резултатите од децата и процесите на подобрување на квалитетот на раниот детски развој. Особено во однос на критичката рефлексија, прашањето „зошто“ да се направи наместо само „како“ и „што“ доаѓа до израз. Во таа смисла, рефлексијата и односот со „лиминирање преку правење“ имаат огромен потенцијал за континуираниот професионален развој бидејќи рефлексијата е она што може да доведе до континуирано обновување на стратегиите и практиката.

### 3.1.2. Заедници на пракса и мрежи

Заедниците на пракса се идентификувани како сè поважни за информирањето на кадарот што работи во установите за згрижување и воспитание, промовирање на културата на соработка, евалуација и критичко размислување, како и создавање можности за тековни, одржливи трансформации и иновативни системи за ран детски развој. Тие претставуваат „демократски партиципативни пристапи во работата за професионален развој, кои, исто така, го негуваат критичкото размислување, дијалогот и рефлексијата за тоа што е квалитетна практика“ (Bennett, 2012). Идејата е дека заедницата, формирана преку тесна соработка, може да поттикне тековно обновување на праксата, а истовремено да го растовари системот на структурен начин, како на пример преку курсеви за континуиран професионален развој. Еднодневните курсеви се критикувани за нивната неефективност, додека има бројни примери низ европските системи за надзорните и менторските пристапи за континуиран професионален развој, кои се суштински за заедниците на пракса и имаат големо влијание врз квалитетот и имаат додадена вредност во обезбедувањето на услугите во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст (Jensen & lannone, 2015). Некои мрежи нудат работилници, состаноци, менторство и онлајн-курсеви или вебинари. Заедниците

на пракса, исто така, промовираат рефлексивна практика, која има длабоки и широки импликации за иновациите и квалитетот.

Практичарите сѐ повеќе стануваат членови на заедницата за пракса, заснована на демографија, географија, јазик, теоретски пристапи за управување со занималната, професионален напредок и специјализација. Организаторите на заедниците на пракса се наоѓаат во здруженијата на воспитувачи и вработени во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Дополнително, членството во здружението им овозможува на практичарите да пристапат до списанија и информации поврзани со раниот детски развој, вклучувајќи можности за континуиран професионален развој, како и сознанија за меѓународно искуство. Во земјите каде што традицијата на иновации е во зародиш, професионалните здруженија може да ја преземат функција за обука, како и функција за правата на вработените. Поддршката и соработката во локалните и во меѓународните мрежи е неопходна и станува клучен елемент за одржување висококвалитетен ран детски развој. Целта е да се воспостават работни заедници, кои се компетентни и отворени за размена на искуства и знаења и каде што индивидуалната работа е транспарентна за различни соработници и е подложена на евалуација“ (Jyväskylä, 2014).

### 3.1.3. Иновации во континуираниот професионален развој што се насочени кон социјалната нееднаквост

Една од сеопфатните цели на проектот „CARE“ беше да го испита европскиот континуиран професионален развој како влијае врз детската благосостојба и пристап до учењето за сите деца и начин за справување со социјалната нееднаквост. Експертите од САД во проектот не добија специфична дефиниција за „социјална обесправеност“, па секој од нив беше охрабрен да го дефинира контекстуално. Зачудувачки, земјите ги карактеризираа ранливите на различни начини: деца со посебни потреби, деца имигранти, деца од домаќинства со „ниски приходи“, деца со „невработени родители“, сиромашни деца, деца и семејства во ризик, и деца од еднородителски семејства (Jensen & lannone, 2015). Овој широк опсег на разбирања сигнализира широк спектар во свесноста, препознавањето, па дури и сознанија за тоа кои се ранливите деца во системите за ран детски развој. Разликите во препознавањето на ранливите доведуваат до нееднакви инвестиции, приоритети, наставна програма за континуиран професионален развој и интервенции за ранливите. Ова за возврат може да доведе до нерамнотежа меѓу контекстите и во националните системи. Континуираниот професионален развој може да не биде адекватно насочен и може да биде погрешен од самиот почеток, може да стане реактивен на промени и ад хок во светлината на колебливите и збунувачките ставови. Како што нагласува Бенет (2012), многу прашања што ги засегаат ранливите може да се решат со подобри програми за стекнување додипломско знаење и континуиран професионален развој, заедно со подобрување на условите за поддршка во текот на работата, но, сепак, ранливоста мора најпрво да се утврди.

Во земјите што се карактеризираат со мултикултурализам и различност, посебните потреби и обесправените имаат историска позиција во континуираниот

професионален развој, почнувајќи од предучилишното образование, па натаму. Институциите можат да обезбедат субвенции за континуираниот професионален развој и да ги охрабрат воспитувачите да учествуваат во национални програми, каде што можат да се стекнат со знаење како да ги поддржат семејствата и децата на родители со ниско образование и здравствени проблеми. Постојат примери на национални системи, кои обезбедуваат континуиран професионален развој, преку обезбедување гарантиран број денови за обука на вработените во детските градинки, слободен пристап до ресурси за ранливите, акцент на развој на јазикот, особено во области со голем број имигранти и помош при тешкотии при учење. Иновациите во континуираниот професионален развој се рефлектираат во структурните промени на одредбите и поставките за континуираниот професионален развој. Вработените во детските градинки можат конкретно да промовираат инклузија на деца што доаѓаат од семејства со ниски приходи, деца од етнички и малцински групи и може да развијат индивидуални програми за обесправените деца, но, исто така, може да посетуваат специфична обука за јазик, моторни вештини, когнитивен и социјален развој.

Иновациите во континуираниот професионален развој, во однос на таргетирање на социјалната нееднаквост и ранливите категории на деца се интегрирани на три начини: како дел од обновено и критичко размислување во секојдневната практика, како дел од заедниците на пракса и мрежите со посебен интерес и како конкретно дизајниран континуиран професионален развој со формален курс.

## 3.2. Иновации во курикулумите/наставните програми

Досега се водени бројни дискусии околу дефинирањето и целите за тоа што е предучилиштен курикулум, за содржината на курикулумот, дидактичко-методските разлики меѓу моделите на програми, неговата имплементација, карактеристиките на излезните резултати и очекувањата од децата (Дамовска, Л. 2019). Она што може да се заклучи од сите дефиниции за курикулумот е целосно насочен кон целите и секогаш го вклучува процесот на евалуација, односно секогаш вклучува планирање, имплементација и евалуација.

Курикулумот/наставната програма зазема извонредно место кога треба да се промовираат иновациите во образованието, бидејќи тој ја одразува визијата за образованието со укажување на знаење, вештини и вредности што треба да се учат од страна на децата. Тоа може да го изрази не само она што треба да се научи, туку и на кој начин треба да се научи.“( Kiira Karkkainen, 2012).

Во различни региони во светот развиени се многу нови модели на нови програми за воспитно-образовната работа со децата на предучилишна возраст. Бидејќи трендовите постојано се менуваат, често е тешко да се процени што е навистина нов тренд, а што е реконструкција на претходниот. Таков е и примерот со Скот Бултман, кој почнал да нуди работилници за фроебелско образование и се залагал за создавање фроебелски градинки во Америка. Разговарајќи за идеите на Фредрих Фроебел и неговата градинка, Бултман се повикува на книгата „Измислување градинка“ од Норман Бостерман (1997), каде што е претставена

биографијата на Фроебел (основачот на првата детска градинка) и се дискутира за неговата филозофија според која можноста на детето за избор ја зајакнува неговата самодоверба и овозможува детето на соодветен начин да стекне компетенции во сите домени од развојниот процес. Ако иницијативата на Бултман за промовирање на фроебелските градинки во Америка успее, се наметнува прашањето дали таа би претставувала тренд, иако методот на воспитување бил замислен пред 150 години. Некои можеби го сметаат за повторно воспоставување тренд, кој датира 150 години наназад.

Слично се случува и со методот Монтесори. Во САД, бројот на училишта за методот на работа со Монтесори драстично се зголемува. Дел од стручната фела сметаат дека продолжувањето на Монтесори е неодамнешен тренд, но дел го застапуваат мислењето дека не е нов тренд бидејќи системот на образование Монтесори е стар повеќе од 100 години. Пред половина век, немало училишта за Монтесори во Америка сѐ додека Ненси Рамбуш повторно не ја заживеала идејата за Монтесори образование од Европа во Америка.

Овие трендови се претставени како пример бидејќи многу од „иновациите“ што се појавуваат во образованието во раното детство се, всушност, варијации на претходните.

## 3.2.1. Последни трендови во праксата во рано детство

Голем број трендови во образовната пракса се појавија во американската и во праксата на другите земји. Spodek и Saracho (2002) ги идентификуваат следните трендови:

- Инклузивни занимални
- Управување со вертикални и хоризонтални транзиции
- Програми за згрижување и воспитание на деца на предучилишна возраст
- Развој на партнерства градинка-семејство-заедница
- Јазик и појавната писменост
- Интеграција на учење во занимална
- Примената на технологијата

### *3.2.1.1. Инклузивни занимални*

Повеќе од три децении, градинките во САД се фокусираат на образованието на децата со попреченост. Целта на овие занимални е да се обезбеди образование во инклузивни услови; односно интегрирање на децата со и без попреченост во иста занимална. Образованието во инклузивна средина е поефективно бидејќи децата со попреченост учат вештини од другите деца што немаат попреченост, додека децата без попреченост учат да ги почитуваат индивидуалните разлики и да продолжат да учат (Spodek и Saracho, 1994).

Овој тренд ги предизвикува воспитувачите да ги менуваат методите за учење и интеракција во заималната. Потребата од асистенти во спроведувањето на дневните активности е евидентна, бидејќи секое дете со попреченост има потреби, кои често не може да бидат задоволени од воспитувачите што се грижат

за голем број деца во занималната. Воспитувачите се подготвени да работат со деца со и без попреченост, но, сепак, вклучувањето специјален едукатор или образовен асистент е повеќе од потребно. Програмите за воспитувачи и специјални едукатори треба да бидат направени така што да упатуваат на соработка, или можеби дури и да се спојат.

Вклучувањето на децата со попреченост во системот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст има значително влијание врз програмата за ран детски развој. Бидејќи опсегот на индивидуални разлики во занималната е проширен, воспитувачите треба да ја индивидуализираат својата работа и да дизајнираат разновидна програма, инкорпорирајќи ги индивидуализираните воспитни програми во нивното планирање. Во индивидуализираните воспитни програми се прави прецизен индивидуален план за секое дете со попреченост. Иако е корисно за воспитувачите да развијат индивидуални планови и за другите деца, сепак не е реално бидејќи за да се направи индивидуален план, тоа бара голем ангажман и време. При изготвувањето на индивидуалните планови, секое дете треба да биде проценето за да се идентификуваат способностите и можностите за да може да се постават остварливи цели за детето. Покрај тоа, напредокот кон остварување на поставените цели во индивидуалниот план треба постојано да се следи и бележи. Развиена е темелна проценка на ресурсите во занималната за тоа како времето, просторот, опремата, материјалите и персоналот се користат за зајакнување на наставната програма (Henry and Flynt, 1990).

Образованието на децата со и без попреченост во инклузивни занимални, како и подготовката на воспитувачите како да функционираат во занималните е тренд што ќе опстои. Воспитувачите што се способни да спроведуваат настава во ваков вид занимални можат лесно да ги едуцираат сите деца, без разлика дали се работи со деца без попреченост или со деца со попреченост.

### *3.2.1.2. Управување со вертикални и хоризонтални транзиции*

Во САД постојат различни модели на програми за раното детство, и тоа скратени полудневни програми и целодневни програми. Установите што ги нудат овие програми се приватни, профитнии или субвенционирани, додека во некои јавни установи се нудат специјални програми за деца на предучилишна возраст. Овие програми се во основа создадени за децата што имаат попреченост и за кои постои ризик од неуспех во постигнувањето на образовните цели. Децата од пет години може да посетуваат установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, да добијат нега во нивниот дом или да им се обезбеди згрижување во домот на давателот на услугата за згрижување.

Како што децата растат, тие ги напуштаат програмите за раното учење и развој, барајќи од нив да направат друг вид транзиција. Во секоја програма може да се појават контрастни очекувања во однесувања, академски постигнувања и стилот на настава. Покрај тоа, родителите може да имаат различни очекувања додека нивните деца го прават преминот од еден во друг степен на образование.

Многу програми се насочени кон подготовка на децата за успешна транзиција од предучилишно образование во основно образование. Транзицијата

може да се олесни со координација на воспитувачите и наставниците преку споделување на резултатите што детето ги постигнало во предучилишната установа. Често оваа соработка не се реализира и досието на детето не се зема предвид од наставниот кадар што работи во основното образование, бидејќи постои уверување дека извештаите за постигнувањата кај децата се несоодветни и безначајни. Споделувањето информации и интеракција со кадарот што работи во предучилишните установи и во основните училишта може значително да ги намали погрешните информации што ги поседуваат, и воспитувачите, и наставниците и секако подобро да се испланира работата во училницата.

### *3.2.1.3. Програми за згрижување и воспитание на деца на предучилишна возраст*

Малите деца бараат повеќе од само згрижување или посетување образовни програми. Бројот на самохрани родители, односно мајки што работат сè повеќе се зголемува и следствено потребни се програми за згрижување и образование. За разлика од повеќето европски земји во САД, има ограничен број на вакви програми.

Во Јапонија, наставната програма за градинките и центрите за згрижување на деца во моментов е идентична. Се размислува за подготовка на воспитувачи од градинка и воспитувачи за згрижување деца да посетуваат исти универзитетски програми. Затоа, наставните програми и подготовката/квалификациите на наставниците за двата вида програми ќе бидат исти. „Educare“ концептот на образование и згрижување бара нов концепт на наставна програма.

Маргарет Мекмилан го примени изразот „Nurturance“ за да ја опише нејзината наставна програма, која беше проширена за да вклучи слободна игра. Повторно се појавува актуелен тренд, кој ја одразува старата традиција во образованието во раното детство. Адекватното обезбедување такви програми подразбира дека воспитувачите мора внимателно да се фокусираат на сеопфатно планирањето на наставната програма, која ќе ги вклучи, и образовната, и згрижувачката компонента.

### *3.2.1.4. Развој на партнерства градинка-семејство-заедница*

Повеќе од четири децении, едукаторите за ран детски развој во САД се стремеле да воспостават врска меѓу програмите што ги спроведуваат со децата и родителите на децата, како и да ја вклучат и заедницата. Програмите за рано учење и развој од 1960-тите, кога се работело и со родителите и со децата, се покажале како исклучително успешни и ефикасни.

Сè повеќе се наметнува потребата од вклученост на родителите во програмите, со посебен акцент на вклучување на родителите на ризичните деца и за децата со попреченост. Од родителите на децата со попреченост се бара да придонесат и да дозволат да се направи индивидуален план за работа за овие деца. Бидејќи од родителите се бара да учествуваат во развојот на индивидуалните планови и да го одобрат планот, се додава нова димензија на односите семејство-градинка. Многу воспитувачи потврдуваат дека сите програми за раното учење

мора да бидат поддржани од семејството. Установите треба да ги координираат услугите за поддршка на семејствата преку вклучување на семејната култура и образовните програми на децата. Родителите, исто така, треба активно да се вклучат во донесувањето одлуки во врска со образовните програми на своите деца. Џојс Епштајн (1995) опишува шест теми на вклученост во семејството/заедницата.

1. Со стекнување вештини за родителството им се помага на семејствата да создадат домашна стимулативна средина, која го промовира учењето и развојот на децата. Родителите стекнуваат родителски вештини или информации во врска со здравата исхрана и други услуги што се достапни во заедницата.
2. Со комуницирањето се создаваат форми за комуникација меѓу семејството и установата, а која првенствено се однесува на програмата што се спроведува во установата и напредокот на децата. Воспитувачите редовно организираат родителски средби, ги информираат родителите со испраќање белешки и билтени, информирање за пристап до веб-страницата на установата.
3. Волонтирањето ја зголемува вклученоста на родителите во установата со поддршка на активностите што се спроведуваат во установата. Има разни форми на вклучување на родителите, како на пример да им читаат на децата за време на престојот на децата во установата, да помагаат во стекнување одредена вештина, да помагаат во административните должности, па дури и да чистат или, пак, да бидат помошник на наставникот.
4. Учењето дома - родителите им помагаат на децата во совладувањето на материјалот. Установите може да им испратат на родителите насоки за подучување или, пак, да им достават пакети со материјали за учење за да ги користат со своите деца дома.
5. Донесувањето одлуки ги одразува средствата за вклучување на родителите во донесувањето одлуки во установите преку учество во совети и организациите на родители и на воспитувачи.
6. Соработката со заедницата ги специфицира и комбинира услугите и ресурсите на заедницата за поддршка на програмите, семејните практики и учењето и развојот на децата. Установите можат да ја олеснат соработката на родителите со установите, граѓанските, здравствените, рекреативните и други организации во заедницата.

Речиси сите програми за раното детство имаат родителска компонента, но тие може да бидат ограничени. Стивенс (1991) сугерира дека социјалната поддршка за родителите е резултат на спроведувањето на курикулумот. Создавајќи програма, и за семејствата, и за децата, воспитувачите го прошируваат опсегот на нивниот делокруг на работа. Со активности надвор од занималните непречено се обезбедуваат услуги, и за децата, и за нивните семејства. Односот меѓу родителите и воспитувачите е изменет така што родителите се јавуваат, и како партнери, и како клиенти.

### 3.2.2. Јазици и појавна писменост

Во 1960-тите години, општите процедури за почнување на наставата за читање упатуваа на проценка на подготвеноста за читање, за да се утврди дали децата се подготвени за формална настава за читање. Откако воспитувачите

заклучиле дека децата се „подготвени“, формални упатства за читање биле споделени со децата. Подготвеноста е дефинирана или со интелектуалното созревање на децата или со постигнувањето вештини, кои се сметаат за неопходни за совладување на читањето.

Според истражување, кое било спроведено повеќе од седум децении, формално настава за читање треба да се воведе кога децата ќе достигнат ментална возраст од шест години и шест месеци. Овој заклучок беше заснован на анализа на менталната возраст на децата на кои им беше претставена формална инструкција за читање. Децата што имале ментална возраст од шест години, шест месеци изгледале поуспешни во учењето да читаат.

Вештини како предуслов за читање со кои децата треба да располагаат се:

(1) поврзува букви со звуци;

(2) прави разлика меѓу формите на буквите;

(3) идентификува букви;

(4) поместување на очите од лево кон десно на страницата;

(5) заинтересирани се да научат да читаат; и

(6) слушаат, помнат и ја разбираат приказна.

Доколку се присутни вештините, може да се почне со формална инструкција за читање, често без упатување на поранешните искуства на детето со пишан збор. Во моментов, појавната писменост го заменува концептот на подготвеност за читање во образованието, во раното детство. Појавата на писменоста е поттикната од развојната теорија на Виготски и укажува дека децата не учат да читаат веднаш откако ќе се утврди дека се подготвени. Наместо тоа, процесот на учење читање се развива подолг период, додека децата акумулираат знаење и искуство со говорниот и пишаниот јазик (Mason и Singha, 1993). Јазичните искуства на децата во текот на нивниот живот се користат како основа за формална инструкција за читање. Според Сподек и Сарачо (2002), воспитувачите во раното детство можат да го промовираат развојот на писменоста на децата ако:

- Редовно и често им читаат на децата,
- Им помагаат на децата да ги научат симболите на нивниот јазик,
- Моделираат активности за читање и пишување за децата да можат да видат што прават возрасните кога читаат и пишуваат,
- Им помагаат на децата да бараат смисла во содржината на прочитаното,
- Ги запознаваат децата со знаците и симболите во нивната околина,
- Ја поврзуваат вештината за читање со вештината за пишување.

Воспитувачите промовираат читање кога ги преземаат улогите на предавачи, раскажувачи и водачи на групни дискусии. Родителите се, исто така, важни партнери во овој процес.

#### *3.2.2.1. Интеграција на учењето во занимална*

Конвенционалните часови го изучуваат секој предмет поединечно, за да се уверат дека важните концепти се воведени методолошки. Во последно време се препорачува интеграција на курикулумот за раното детство. Одредени автори

сугерираат дека образованието во раното детство треба да го следи пристапот предвиден во центрите Реџио Емилија во Италија, според кој децата се оспособуваат да учат преку искуствата, преку допир, движење, слушање и гледање, во меѓусебна врска со други деца и со материјални предмети. На децата треба да им биде дозволено да истражуваат и на децата треба да им се овозможи да се изразуваат. Други, пак, предлагаат примена на активности за подготовка на учење во занимална. Некои застапници на „проектниот пристап" го применуваат и методот на тематска единица за да ги спојат предметните домени, користејќи тематска заснованост на интересите на децата.

Сите овие методи бараат од воспитувачите да создадат средина каде што децата детално учат одредени теми. Честопати, темите им дозволуваат на децата да ја осознаваат нивната лична околина и да ја поттикнат нивната љубопитност. Децата собираат материјал за да го искористат при користење имитации за уметност, занаетчиски активности и игра. Така, децата развиваат нови информации од нивните истражувања. Ваквите активности ги поттикнуваат децата да се однесуваат како научници. Методот Реџио Емилија, исто така, ги охрабрува децата да конструираат претстави од нивните набљудувања во уметничка форма, со креации. Оправдувањето за користењето на таквите методи е дека децата се супериорни ученици ако концептите се воведуваат во познато опкружување. Дополнително, децата формираат сопствено знаење преку истражување од прва рака. Потоа ги деконтекстуализираат стекнатите информации, го сумираат своето знаење и ги применуваат главните концепти во различни околности. Основата за нудење академско учење на децата со оваа шема е да се усвојат познати теми како алатки за учење на аналитичко знаење.

Употребата на интегрирано учење со мали деца изгледало јасно логично кога Џон Дјуи го напиша „Детето и наставната програма" (1902). Исто така, се чинело логично кога Вилијам Килпатрик (1917) го напиша „Проектниот метод" петнаесет години подоцна и во текот на периодот на прогресивно образование. Колберг и Мајер (1972) ги концептуализираат идеологиите во образованието, кои се однесуваат на специфични вредносни ориентации и развојни теории. Според Колберг и Мајер, различни развојни теории прикажуваат различни идеологии. Овие идеологии се рефлектираат во три пристапи кон наставната програма за раното детство. Идеологијата за културна трансмисија се рефлектира во бихејвиористичката психологија, романтичната идеологија се рефлектира во созревачката психологија, а прогресивната идеологија се рефлектира во конструктивистичкиот поглед на развојот.

Воспитувачите носат практични и морални одлуки, кои се втемелени во различни концепти за тоа што е добро, вистинито и убаво. Моралната основа за одлуките на воспитувачите оди подалеку од теоријата за детскиот развој. Романтичната идеологија им овозможува на малите деца најголема слобода со минимална интервенција од установата. Децата имаат слобода да избираат активности, кои одговараат на нивните развојни нивоа (Spodek и Saracho, 1996). Концептот на развојно соодветни практики (Национална асоцијација за образование на мали деца, 1987) во САД ја одразува оваа идеологија. Идеологијата за културна трансмисија укажува дека функцијата на установата се состои од пренесување на акумулираното знаење за културата на следната генерација.

## 3.3 Креативност и културни иновации во раниот детски развој и заштита

Првичната инспирација да се развие специјално издание на Меѓународното списание за предучилишно образование, кое ќе се фокусира на креативноста и културните иновации во образованието во раното детство, дојде од симпозиумот за создавање музика кај малите деца на состанокот на Друштвото за образование, музика и психолошко истражување (април 2004 година) и од тридневната работилница за креативност и културно образование, одржана за време на Петтата меѓународна конференција за предучилишна возраст на Ворвик (март 2005 година). На двата настани имаше фасцинантни презентации за културата на малите деца, нивните креативни активности, како и креативните средини што ги поддржуваат. Покрај тоа, имаше општа согласност меѓу делегатите: прво, дека културата и креативноста треба да се сметаат за социјална конструкција, динамични димензии на активностите и социјализација на децата што се појавуваат преку интеракции со другите луѓе и со околината и, второ, дека постојат важни односи меѓу креативно и културно образование, кои имаат значителни импликации за педагогијата и практиката во раните години. Во Обединетото Кралство, ова последното гледиште е наведено во некои детали во Извештајот Робинсон, *Сите наши иднини: креативност, култура и образование* (NACCCE, 1999). Клучните препораки од овој извештај се дека:

- важноста на креативното и културното образование треба експлицитно да се препознае и да се предвиди во политиките на установите за целата наставна програма и во владината политика,

- воспитувачите и другите професионалци треба да бидат обучени да користат методи и материјали, кои го олеснуваат развојот на креативните способности и разбирање на културата,

- треба да се градат партнерства меѓу установите и надворешните организации за да се обезбеди креативно и културно образование што им е потребно и што го заслужуваат младите.

Маргарет Барет и Елизабет и Ендрју Коутс го застапуваат гледиштето дека децата се активни чинители во создавањето на нивните сопствени култури, а не пасивни приматели и имитатори на културните вредности и активности наметнати од возрасните.

Детското спонтано правење песни е забележано во многу различни култури. Во дискусијата за перцепираниот статус на детскиот музички аутпут, Барет изложува претпоставка, имплицитна во традиционалните модели на музички развој и учење дека спонтаното создавање музика е некако дефицитарно и нема вредност бидејќи не е во согласност со прифатената „висока уметност“. Една од главните пораки на овој труд за воспитувачите од раните години е дека во рамките на општиот домен на детската музика, измислената песна е дијалошка алатка што децата ја користат за да го изразат својот идентитет и да конструираат културни

значења и разбирање. Затоа треба да се почитува како музичка форма сама по себе и треба активно да се поттикнува наместо да се маргинализира.

Исто како што Барет ги предизвикува традиционалните модели на музички развој, Коутс и Коутс ги предизвикуваат традиционалните развојни извештаи за промените поврзани со возраста во способностите за цртање на децата. Ваквите извештаи се фокусираат на крајниот производ, самиот цртеж и ги занемаруваат истовремените искази што децата често ги користат како моментален коментар за време на секоја епизода на цртање. Коутс и Коутс тврдат дека големото внимание на овие истовремени искази може да ги информира истражувачите и практичарите за природата на креативните намери и мисловните процеси на децата. Во текот на една година, Коутс и Коутс презеле детално етнографско проучување на активноста на цртање на деца од три до пет години. Теренските белешки, аудиоснимките и транскрипциите, како и самите цртежи се искористени за да се истражи врската меѓу цртежите, придружните наративи и процесите на размислување, во кои децата се вклучени во секоја епизода на цртање. Клучна цел на студијата била да се разгледа што откриваат овие односи за креативниот и концептуален развој на децата.

Според Енгел (2003), „Кога децата раскажуваат или пишуваат приказна, нивното искуство додека ја прават приказната е еден од начините на кои ги истражуваат сферите на реалноста и начините на размислување. Не само што „работат“ на која било содржина во нивната приказна, туку „работат“ и на тоа како да се спојат и интегрираат различни сфери на искуство и различни начини на размислување“. Правењето приказни секогаш не е индивидуална активност, малите деца, исто така, уживаат во заедничко создавање приказни и цртање на меѓусебните искуства и знаења за да се создадат имагинативни прикази на сценарија од секојдневието и фантазијата (Faukner & Miell, 2004). Овие сознанија резонираат со анализата на Коутс и Коутс за тоа како децата споделуваат идеи, знаења и искуства преку нивните цртежи и сродните наративи додека конструираат и заеднички креираат нови значења околу познати теми. Повторно, пораката за воспитувачите е јасна: кога децата се занимаваат со креативна работа во друштво на набљудувач, разговорот и разговорите што се одвиваат се поинформативни од самите цртежи и можат да откријат изненадувачки сознанија за знаењето на децата, интересите и како тие го разбираат нивниот свет и луѓето во него.

Клучна дискусија меѓу истражувачите е, дали е потребно или не децата да се „учат“ како да размислуваат на нови и оригинални начини. Она што се чини дека е разумно јасно, сепак е дека социјалниот конструктивистички пристап за објаснување на креативниот развој оди на одреден начин кон усогласување на различните застапени позиции (Moran & John-Steiner, 2003; Sawyer, 2003). Според овој пристап:

- развојот и креативноста вклучуваат дијалектички меѓусебно поврзани општествени процеси,
- развојот доаѓа преку дијалектичка интеракција меѓу индивидуалните процеси и општествени процеси,
- развојот е активен процес во кој децата заеднички се стекнуваат со знаење преку општествена акција,

- развојот е посредуван од физички и симболични артефакти во специфични домени (Соер, 2003).

Бројни трудови, кои се направени врз основа на истражувања, ја нагласуваат важноста за разбирање на креативноста на малите деца, каде што се прават обиди да се објасни врската меѓу индивидуалните и општествените процеси, како што се индивидуалната и заедничката активност, индивидуалните и заеднички конструирани наративи и разговори и внимателно структурираното испрашување, кое ги повикува децата да се вклучат во „можно размислување". Овие процеси се посредувани од физички и од симболички артефакти, како што се материјали за играње, цртежи, цртани филмови, фотографии, музиката, уметноста, движењето и драмата. Трудовите, исто така, упатуваат на докази за тоа како активното вклучување на децата со новите и постоечките културни ресурси води до раст и внатрешна елаборација на нови идеи и концепти. Исто така, трудовите покажуваат како креативните иновации на наставната програма можат да помогнат во развојот на детското креативно размислување и културното разбирање преку „имагинативна активност" лоцирана во одреден домен. Конечно, сите трудови нудат важни сознанија за природата и целта на улогата и придонесот на воспитувачот во овие процеси. Овие сознанија не се засноваат само на набљудувањата и толкувањата на истражувачите, туку на размислувањата на едукаторите за нивната практика и за нивното учество во истражувачкиот процес и можностите за професионален развој, кои се понудени како дел од истражувачкиот процес.

## 3.4. Употреба на информатички технологии (ИТ) во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст

Кога информатичката технологија, односно компјутерите за првпат биле воведени во занималната, воспитувачите искажале загриженост за нивната соодветност за малите деца или дали тие ќе имаат корист. Загриженоста оди во насока дека користењето компјутери може да ги ограничи децата да работат и да комуницираат меѓу себе или, пак, дека компјутерите се премногу комплицирани за малите деца. Исто така, постоел страв дека користењето компјутери ќе го намали времето на децата за учење активности засновани на игра и искуства со конкретни материјали.

Иако постојат дилеми за користењето на компјутерите во занималната, сепак позитивната страна е што тие можат да ја збогатат наставната програма за раното учење и развој, се разбира доколку се користат соодветно и наменски. Компјутерите треба да бидат една алтернатива меѓу многуте алтернативи за учење во занималната. Употребата на компјутери мора да ги следи истите критериуми за сите висококвалитетни програмски компоненти.

Она што е најважно, мора да се внимава при изборот на софтвер и апликации што ќе се користат од малите деца. Соодветни софтверски програми за мали деца им помагаат на малите деца да ги научат мисловните процеси од повисок ред, додека несоодветните програми се фокусираат исклучиво на вежбање и вежбање, нагласувајќи го меморирањето и обезбедувајќи го единствениот точен

одговор. Компјутерите, исто така, може да ги поттикнат децата да се вклучат во групно учење додека групи деца работат заедно на компјутери.

Од критично значење е изборот на компетентен софтвер и соодветни веб-страници за мали деца. Достапни се многу извори, кои можат да послужат како водич за воспитувачите во користењето компјутери и изборот на соодветен софтвер и веб-страници (Sarana и Clements, 2002).

Емпириските студии за користење на информатичката технологија во раното детство се малку, и покрај тоа што е голем бројот на организации што се стремат кон иновации во раниот детски развој со информатичката технологија.

Зборот иновација се користи за опишување објект, идеја или процес што е нов, како што е на пример нов ИТ уред, но, сепак, за иновација не е дали некој објект или процес е нов за околината, туку кога е новина за единката со која се среќава или усвојува (Cooper and Zmud 1990; Rogers and Shoemaker 1971). Истражувањето за иновациите е спроведено на повеќе различни нивоа на анализа, како што се индивидуално, групно, организациско и општествено (Schroeder et al. 1986; Slappendel 1996). Со нашиот интерес за организациите за образование и грижа за раното детство, ние се фокусираме на организациско ниво. Slappendel (1996) дава опсежен преглед на постоечката литература за иновации во организациите и рамка за класификација на телото на литературата врз основа на претпоставките за тоа кој и што предизвикува иновации во една организација.

## 3.5 Употреба на мултидимензионално мерење на детска сиромаштија и благосостојба како иновативен пристап

Дизајнирањето политики за ставање крај на детската сиромаштија и благосостојба бара прво да се разберат нејзините повеќекратни димензии и врски и да се измери детската сиромаштија и благосостојба (Ben-Arieh 2008). Базата на докази за интервенции, кои успешно се справуваат со добросостојбата на децата, е силна и расте (Cuesta et al. 2018 and World Bank 2016). Веројатно, сепак, доловувањето на повеќедимензионалноста на детската сиромаштија и благосостојба останува предизвик. Многумина тврдат дека тоа најмногу се должи на недостигот од длабински, сеопфатни и мултидисциплинарни пристапи за анализа на благосостојбата на детето, додека други ја обвинуваат неконзистентната употреба на дефинициите, индикатори и мерки за благосостојба (Ben-Arieh and Frønes 2011, Hanafin and Brooks 2005, Minkkinen 2013, O'Hare and Gutierrez's 2012, Pollard and Lee 2003). За да се разбере, анализира, дискутира и споредува комплексноста на мултидимензионалната детска сиромаштија и динамичниот феномен на благосостојба за целите на политиката и мерење ќе дадеме осврт на интегрираната рамка. Оваа рамка ги интегрира добропознатите и широко дискутирани концептуални пристапи под единствена рамка „инклузивна стратегија“ (Qizilbash 2018). Тие пристапи се способност, човекови права и основни потреби. Интегрираната рамка за детска сиромаштија ги обединува: *прво,* опсегот на повеќедимензионалната сиромаштија во однос на индивидуалниот, семејниот и локалниот контекст; *второ,* комплексноста на динамиката на сиромаштијата и благосостојбата, како и врските меѓу нив, вклучувајќи ги

двигателите и последиците од сиромаштијата и лишувањата од благосостојба; и *трето*, областите на влијание на таквите врски, односно макро, мезо и микродимензии, од перспектива на биоеколошка рамка (Bronfenbrenner и Morris 1998, Minkkinen 2013). Овој интегриран пристап се обидува да ја објасни комплексноста, односно концептот и динамиката на повеќедимензионалната сиромаштија и благосостојба кај децата, не осврнувајќи се на едноставниот пристап со кој лицата се гледаат како пасивни членови на сиромашно домаќинство. Дополнително, преку интегрирање на повеќе концепти, забележаните разлики меѓу методологиите за мерење на детската сиромаштија влијаат врз редизајнирањето на инструментите, како што се вклучувањето прокси, употреба на двигатели и влијанија или воопшто причини и ефекти на детската сиромаштија и благосостојба, вклучување променливи што дејствуваат на различни нивоа и на изземање релевантни двигатели што не се забележани или не се евидентирани.

Пионерската работа на Цуи (2002), Аткинсон (2003) и Бургуињон и Чакраварти (2003) го поттикнаа интересот за мерење на повеќедимензионалната сиромаштија и благосостојба. Паралелно со мерењето на повеќедимензионалната сиромаштија, Гордон и сор. (2003) првпат развиле методологија за повеќедимензионално мерење на сиромаштијата специфична за деца на барање на УНИЦЕФ, позната како „Бристолски пристап“. Методологијата за мерење на повеќедимензионалната сиромаштија ја темели на поимите за лишување од основните човекови потреби и детските права и ја дефинираше апсолутната детска сиромаштија како лишување од храна, безбедна вода за пиење, санитарни услови, здравје, засолниште, образование и информации. Тоа се основните индивидуални потреби за кои е донесен заеднички консензус на Светскиот самит на ОН за социјален развој во 1995 година во Копенхаген (ОН 1995: 57), кои, пак, се идентификувани од Конвенцијата за правата на детето (ОН 1989 година). Пребројувањето на бројот на деца што страдаат од овие лишувања преку воспоставување на линијата на тешка сиромаштија ја дава стапката на лишеност за земјите (Gordon et al. 2003).

Канцеларијата за истражување на УНИЦЕФ разви сопствена мерка за повеќедимензионалната сиромаштија заснована на детските права во доменот на детско преживување, развој, заштита и учество. Лишувањата дефинирани во врска со животната средина и загадувањето, недостигот од културни активности, насилството на училиште, гласот на децата или детскиот труд се, исто така, вклучени. Анализата на повеќекратно преклопување на лишување се фокусира на видот и бројот на лишувања што ги доживува истовремено секое дете наместо на процентот на деца лишени на секоја димензија поединечно. Детето се зема како единица за анализа, а не домаќинството и се прави разлика меѓу потребите на децата од различни возрасти, давајќи преглед на детската сиромаштија. Лишувањето од приход го третира независно од другите димензии на благосостојбата (de Neubourg et al. 2012, Milliano de and Handa 2014, Chzhen and de Neubourg 2014).

Други студии за повеќедимензионално мерење на сиромаштијата не го следат ниту пристапот заснован на детските права, како што се Trani et al. (2013), ниту преклопувачките лишувања, како што се Bradshaw et al. (2007), Бредшо и Ричардсон (2009), ОЕЦД (2009), Save the children (2008), Канцеларија за

истражување на УНИЦЕФ (2013). Постојат само две споредби што ги проценуваат разликите во емпириските проценки на повеќедимензионално мерење на сиромаштијата. Еванс и Абдуразаков (2018) и Хјелм и сор. (2016) се согласуваат дека Анализата на повеќекратното преклопување на лишувањата обезбедува повисоки мултидимензионални мерки за сиромаштија од мултидимензионалниот индекс на сиромаштија. Анализата на повеќекратното преклопување на лишувањата е почувствителна на лишувањата поврзани со полот бидејќи посоодветно ги опфаќа индивидуалните лишувања од мултидимензионалниот индекс на сиромаштија, што е индекс заснован на домаќинствата. На истиот начин, еднаквата тежина е дадена на лишувањата на индивидуалните потреби и на домаќинствата и имплицира дека вторите имаат поголемо влијание во Анализата на повеќекратното преклопување на лишувањата отколку во мултидимензионалниот индекс на сиромаштија бидејќи, според конструкцијата, тие имаат поголема тежина од мултидимензионалниот индекс на сиромаштија. Сепак, овие наоди не се убедливи. Хелм и сор. (2016), во анализата се фокусирале само на четири земји, додека анализата на Еванс и Абдуразаков се концентрира на многу специфични распределби на лишувања; еден со основна стапка на лишување од 50 проценти; а другите две со стапки на лишување од 20 проценти и 80 проценти. Слично на тоа, Хелм и сор. (2016) не ја идентификуваат причината зошто Мали има повисока проценка на мултидимензионалниот индекс на сиромаштија отколку од Анализата на повеќекратното преклопување на лишување, додека спротивното важи за другите три земји (Камбоџа, Гана и Монголија). Во случајот на Еванс и Абдуразаков (2018), нивната симулациска вежба само делумно ја вклучува сложеноста на меѓусебните врски и корелации меѓу лишувањата.

Овие споредби можеби ги занемариле или, пак, не успеале да ги истакнат двете значајни прашања, а тоа се единицата за анализа и динамичката или променливата природа на детската сиромаштија. Концептуално, индивидуалните детски резултати се најдобар показател за квалитетот на животот и нивото на лишеност на детето (Domínguez-Serrano and del Moral, 2018). Но, и покрај големиот консензус за потребата да се смета детето како единица мерка, мерките, кои исклучиво се фокусираат на индивидуалните резултати, ретко се применуваат во пракса (Biggeri, et al. 2009; Trani et al. 2013). Анализата на повеќекратното преклопување на лишување и квалитетот на животот на детето обично зависат, не само од индивидуалните карактеристики на детето, како што се возраста, полот, здравствениот статус, талентот, ставот и идентитетот, меѓу другото, туку и од колективните фактори во и надвор од домаќинството, како и од нивните динамични интеракции. На пример, ставовите и однесувањето на луѓето што го опкружуваат детето, мајка, татко, старатели, наставници, браќа и сестри и воопшто на еколошкиот контекст, како што се социјалните норми и политики на местото каде што живее детето, влијаат врз резултатите од различни степени (Yousefzadeh et al. 2019).

Новата рамка на интегриран начин ги комбинира најдобро воспоставените пристапи, кои ги поткрепуваат постојните мерки на Анализата на повеќекратното преклопување на лишување: Пристап за способност, Пристап за човекови права и Пристап за основни потреби и користи биоеколошка рамка за нивно здружување и се нарекува Интегрирана рамка за детска сиромаштија. Оваа интеграција ја

истакнува релациската динамика на различни нивоа и го става детето во центарот на анализата, а со тоа се надминуваат двата недостатоци елаборирани претходно.

Сиромаштијата може да биде и причина и резултат на кршење на човековите права, што значи дека не само непочитувањето на човековите права може да предизвика сиромаштија, но, исто така, и самата сиромаштија може да го зголеми кршењето на човековите права. Државите имаат законски обврски кон луѓето што живеат во сиромаштија, сите овие обврски потекнуваат од социјалните, економските, културните, граѓанските и политичките права, кои на луѓето им се загарантирани со правната регулатива на државата. Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права објаснуваат дека сите права треба да бидат исполнети „индивидуално и преку меѓународна помош и соработка“. Тоа значи дека не постои само национална одговорност, туку и меѓународна одговорност на развиените држави, како и на другите што се „во позиција да помогнат“ во искоренувањето на сиромаштијата. Затоа, елиминацијата на сиромаштијата не е прашање на добротворни цели или добра волја на најбогатите држави, туку е прашање на исполнување на обврските на човековите права.

*Пристапот за човековите права* е пресвртница за поставување де јуре права и на тој начин, преку правниот систем кој ја одредува, заштитува и гарантира слободата на можностите и слободата на процесите (Santos-Pais 1999; Sen 2005, 2007). Анализирањето на резултатите од повеќекратното преклопување на лишување во однос на исполнувањето на правата подразбира поставување линии на сиромаштија за секоја димензија независно од другите. Овие прагови на сиромаштија се такви што, да се биде над нив имплицира дека детето има доволно можности во однос на квантитетот и квалитетот и се во согласност со фазата во неговиот/нејзиниот животен циклус (Stoecklin и Bonvin 2014). Димензиите на сиромаштијата се избрани затоа што тие се израз на неисполнети права, така што не е можно да се рангираат една над друга (Burchardt и Vizard 2011; Vizard et al. 2011). Тоа се смета за најрелевантна разлика во споредба со стандардната економска логика на недостиг од ресурси, која ќе даде приоритет на димензиите на сиромаштијата врз основа на нивното индивидуално или маргинално влијание врз благосостојбата (Reddy, 2011). Предизвик во Пристапот за човекови права е дека некои права што се универзални може да имаат, не само индивидуална вредност, туку и инструментална улога во зајакнувањето на другите димензии поврзани со сиромаштијата. На пример, да се биде образован или здрав, не само што има вредност само по себе, туку е, исто така, од витално значење за другите димензии, и на краток, и на долгорочен план.

Воспоставениот *Пристап за основните потреби* е во основата на концептот на повеќекратното преклопување на лишување. Овој пристап ги концептуализира потребите како основни добра и услуги, кои треба да бидат дистрибуирани и достапни за секој поединец за целосен физички, ментален и социјален развој на човековата личност (Streeten et al. 1981, Reddy 2011). Овој пристап првенствено се фокусира на минималните барања за пристоен живот, како што се здравјето, исхраната, водата и санитарните услови и добрата и услугите што се потребни за да се реализира поединецот (Deneulin 2009). Затоа пристапот за човекови права и Основните потреби се силно комплементарни.

*Пристапот за способност* (Sen 1985, 1999, Nussbaum 2011) има

инкорпорирано многу од работите карактеристични за пристапот на основните права во полноправна концептуална рамка со ставање дополнителен акцент на зајакнувањето и благосостојбата (Clark 2006). Перспективата за способност го подобрува нашето разбирање за природата и причините за детската сиромаштија и лишувањето од благосостојба со префрлање на примарното внимание од средствата кон целите што децата имаат причина да ги остварат и соодветно на слободите за да може да ги задоволи овие цели (Biggeri et al. 2006). Пристапот на способност го смета приходот како релевантно средство, но во исто време ја нагласува несоодветноста на приходите, како показател за слободата на способностите на децата (Bigeri, Ballet and Comin 2011). Тоа е особено видливо за децата со попреченост на кои им се потребни поинакви ресурси во однос на нивните врсници (Trani et al. 2011). Интеграцијата на овие три пристапи овозможува подобро разбирање на Анализата на повеќекратното преклопување на лишување и начинот за нејзина промена со додавање три главни елементи во анализата. Прво, помага да се раздвојат резултатите од способностите на децата од добрата и достапноста на ресурсите. Второ, ја објаснува динамиката што ги поврзува ресурсите со детските можности и постигнатите резултати и опишува како тие се посредувани од индивидуалните, социјалните и срединските фактори, како што е наведено во самиот пристап. Трето, го проширува политичкиот простор за дејствување, кој сега се фокусира на условите за напредок на децата, наместо само на уверување дека тие можат да обезбедат минимално пристоен живот. Благодарение на овие три елементи, интегралната рамка мапира од каде доаѓаат промените во благосостојбата. На пример, новата рамка може да определи дали забележаното лишување дете во одредена димензија, на пример, во образованието резултира во недостиг од можности или недостиг од ресурси, и како тоа е посредувано од фактори на надополнување на оштетувањето на индивидуално ниво или на општествено ниво, кои влијаат позитивно или негативно на капацитетот на детето да ги трансформира достапните добра во можности. Земајќи ги предвид карактеристиките на детето, домаќинството и заедницата, новата интегрална рамка ги истражува ограничувањата и факторите што ги овозможуваат или ги оневозможуваат можностите на децата. Понатаму, улогите и интеракциите меѓу засегнатите страни се, исто така, релевантни за разбирање на повеќедимензионалната динамика на сиромаштијата кај децата на ист начин како што е и за монетарната сиромаштија. Детето има право де јуре на пристап до ресурси и можности, кои мора да бидат гарантирани од државата, општините, домаќинството и од другите одговорни лица, како што се воспитувачите (Конвенција за правата на децата, 1989) и де факто нивното ниво на благосостојба зависи од општествените уредувања и од карактеристиките на местото каде што живее.

Во присуство на повеќе системи, индивидуалниот микросистем продолжува да игра централна улога. Околината што го овозможува или го попречува развојот на детето не е ограничена на една, непосредна средина. Како илустрација, можноста за здрав живот за момче или девојче што живее во градот е одредена од повеќе фактори, како што се пристапот до услугите, квалитетот на тие услуги, квалитетот на животната средина, преовладувачките општествени норми, пристапот до економските средства, свесност и изложеност на ризици и сл. За да

се подобри можноста да се биде здрав, речиси сигурно нема да бидат доволни политиките само на локално ниво. Наместо тоа, стратегијата, која вклучува различни нивоа на управување и иста цел, останува основа за развој на децата. Размислете за мало село каде што локалната власт е одговорна за подобрување на квалитетот на животната средина, регионалниот орган е одговорен за обезбедување здравствени услуги, а националната власт е одговорна за одржување на правниот систем, поттикнување инвестиции, зголемување на платите на здравствените работници и гарантирање бесплатен пристап до здравствени услуги за децата под 5 години. Во такви случаи, функционирањето на локалниот систем е резултат на динамиката од долу нагоре, преку учество и од горе надолу креирање политики. На ниво на макросистем, можностите се зајакнуваат или се намалуваат во зависност од постојните норми, институции и политики, кои се спроведуваат на национално ниво. На пример, квалитетот на животот на детето обично се фаворизира доколку Конвенцијата за правата на децата е признаена и усвоена од националниот правен систем. Меѓутоа, усвојувањето на регулативата не значи автоматски дека регулативата се спроведува. Честопати не се распределуваат средства за поддршка на спроведувањето на мерките. На пример, Италија во април 2017 година донела Закон за гарантирање на правата на децата без придружба, но не алоцирала буџет наменет за децата мигранти. Трансформирањето на оваа де јуре гаранција во де факто право останува застрашувачки предизвик во Италија.

## 3.6. Иновирање преку универзални детски додатоци

Пред да дадеме осврт на видовите поддршка што семејствата ги добиваат како парични надоместоци или даночни ослободувања ќе дадеме дефиниции на видовите трансфери:

- Универзален детски надоместок: безусловно периодично готовинско плаќање, кое се однесува на сите граѓани или лица со регулиран престој, без проверка на материјалната состојба, односно материјален цензус или условено со некаков вид однесување. Се исплаќа на индивидуална основа во редовни интервали во одреден временски период.

- Основни капитални грантови или грантови на засегнатите страни (или „бебешки обврзници“): се исплаќаат како паушал, еднократна парична помош. Тоа вообичаено е повисок износ од универзалниот надоместок. Клучно прашање во дизајнот на бебешки обврзници или капитални грантови се однесува на видот на ограничувања, доколку ги има, што треба да се применуваат за нивната употреба.

- Гарантирана минимална помош: директна парична исплата, која ги надополнува ниските приходи до одредено ниво и е безусловна. За разлика од универзалниот надоместок, ова право се остварува со материјален цензус.

- Даночни кредити: обезбедување поддршка за домаќинствата, кои се даночни обврзници преку намалување на износот, кој се должни да го платат по основ на данок или обезбедување поврат на уплатен данок. Бидејќи домаќинствата се даночни обврзници, обично се земаат предвид нивоата на приходи на целото домаќинство, а не поединечно на членовите. Во САД, ако лицето што заработува под одредена сума, владата ќе му го врати данокот што бил задржан и плус ќе му додели дополнителен износ, додека во Велика Британија, работниот даночен кредит се исплаќа на работници со ниски примања. Вообичаено, даночните кредити се насочени кон семејствата на работниците со ниски до умерени приходи и семејства со деца. Поважно е тоа што ex post природата на повратот е во контраст со непосредноста на редовните директни плаќања за паричен трансфер, со импликации врз управување со несигурноста на приходите и планирањето.
- Даночен додаток: сума одземена од бруто приходот при пресметката на оданочливиот приход. Даночните додатоци за семејствата со деца подразбираат дека нивото на приход што не е предмет на оданочување е зголемено за таквите семејства со деца (Естонија, Германија и Холандија).

Надоместоците за деца може да имаат различни форми. Дури и во категоријата наречена „универзални детски надоместоци“ може да има значителни разлики во дизајнот и условите за остварување. Дизајнот и условите се од особена важност бидејќи се добива слика за тоа како надоместоците се имплементираат и кои се ефектите, односно влијанието од нив. Во основа, кога се зборува за универзални надоместоци за деца, се мисли на парични трансфери или даночни ослободувања, а кои се остваруваат на редовна основа, независно од економската состојба на семејството. Додека условите за остварување на надоместоците може да варираат од прецизните ограничувања на возраста и ограничувањата за престој или државјанство, основните заеднички својства на универзалниот детски надоместок е дека тој е паричен трансфер, универзален за популацијата на деца, безусловен, кој се исплаќа редовно.

Паричните надоместоци што отстапуваат од шемата на универзални надоместоци се надоместоци, каде што при остварување се вклучуваат елементи на таргетирање или исполнување одреден услов и исплатата може да биде еднократна или, пак, на редовна основа, односно да се исплаќа квартално, месечно или годишно.

Во основата на сите шеми за надоместоци е паричниот трансфер или даночно ослободување, наспроти услуги или добра во натура. Постојат низа модалитети преку кои тие се остваруваат и тоа може да биде во форма на паричен трансфер за домаќинствата/децата или даночни ослободувања што се администрирани преку системот за персонален данок на приход. Во одредени земји може да се сретне комбинација од двата модалитети. Во повеќето земји, детските надоместоци и даночни ослободувања се дел од „пакетот“ бенефиции, кои вклучуваат услуги во натура, субвенции и ослободувања од давачки, а кои обично имаат за цел да им помогнат на родителите во трошоците за подигање на децата и да обезбедат секое дете да добие правична шанса во животот. Како такви,

детските  надоместоци се само подгрупа во политиките на владите, кои во некои земји претставуваат мал дел од вкупниот „пакет“ за детски додаток и во сите случаи, начинот на кој се имплементираат во пракса и нивното влијание ќе зависат од поширока конфигурација на политиките.

Во однос на деталите за дизајнот на програмата, детските бенефиции варираат во зависност од подобноста и критериумите за таргетирање, без разлика дали ги вклучуваат условувањата и деталите, опфатот на населението и нивоата на трансфер. Детските надоместоци се дизајнирани за да ги опфатат домаќинствата со деца и како такви тие се категорички, се исплаќаат на одредена подгрупа на населението, врз основа на составот на домаќинството и демографските критериуми. Детските надоместоци може да вклучуваат и дополнителни критериуми за таргетирање, како што се дополнителни категорички критериуми, материјален цензус или проверка на приходите или, пак, географско таргетирање. Тие, исто така, варираат во зависност од тоа дали се однесуваат и на одредено барање за однесување на корисникот, како што е на пример редовно присуство на училишните часови.

Механизмите и условите за таргетирање варираат, во зависност од условите и административната сложеност. Ваквите варијации може да имаат важни импликации за усогласеноста на програмата со законодавството и стандардите за правата на детето, грешки при исклучување и вклучување, покриеност и влијание врз сиромаштијата, социјални трошоци, јавна поддршка за политиката, како и финансиски административни трошоци. Релативно едноставното и широко категоричко таргетирање на универзалните надоместоци, во комбинација со нивната безусловна природа, може да има предности во однос на тесно насочените и условните трансфери.

Ќе дадеме осврт на класификацијата на Меѓународната организација на трудот (МОТ) и УНИЦЕФ (2019), со која се прави разлика меѓу универзалните парични надоместоци и трите категории на квази универзалните парични надоместоци или како што во овој труд ќе ги наречеме таргетирани и условени надоместоци.

### 3.6.1. Универзални надоместоци

Универзалните надоместоци се исплаќаат на редовна основа како парични трансфери  на родителот/старателот на детето додека детето не наврши 18 години (или над 18 години, под одредени услови), а се исплаќа најмалку 10 години. Класификацијата на МОТ/УНИЦЕФ (2019) наведува дека детските надоместоци, за да се дефинираат како универзални детски надоместоци, треба да се исплаќаат најмалку 10 години. Тоа претставува значаен период и се однесува временски на повеќе од половина од детството.

### 3.6.2. Квази-универзални надоместоци

- краткорочни надоместоци ограничени со возраста на детето, кои се исплаќаат за ограничен период (на пр. сите деца на возраст од 0-3 години),

- со остваруваат со материјален цензус, надоместоци кои покриваат голем број од домаќинствата и првенствено ги „проверуваат“ домаќинствата со високи приходи,
- надоместоци со мешани шеми, кои произлегуваат од социјално осигурување (т.е. социјални придонеси) и социјална заштита, кои се остваруваат со материјален цензус за да се постигне универзален или приближно универзален опфат на деца,
- безусловни и условни парични трансфери, кои се остваруваат со материјален цензус со висока покриеност на детската популација (≥40%). Додека овие шеми јасно отстапуваат од универзалниот детски надоместок или квази универзалниот надоместок со вклучување зајакнати елементи на материјалниот цензус и во некои случаи, условеност, тие опфаќаат најмалку 40 проценти или мнозинство од детската популација,
- „други“ парични трансфери со поограничена покриеност на населението (<40%): тие вклучуваат безусловни и условни парични трансфери, кои се остваруваат со материјален цензус и опфаќаат мал дел од популацијата, вклучуваат насочен материјален цензус или на друг начин таргетирани и условни трансфери,
- основни шеми за приход: универзални шеми, кои имаат за цел да опфатат поединци од сите возрасти, на пример Националната безусловна програма за парични трансфери во Иран, Универзалниот базичен приход на Монголија (2010–2012) и други. Иако овие програми не им даваат експлицитно приоритет на домаќинствата со деца, тие имаат за цел да ги опфатат сите деца бидејќи се насочени кон целото население.

За да можеме да дадеме преглед на карактеристиките на надоместоците во однос на дизајнот и деталите за имплементацијата, ќе опишеме различни програми во неколку земји.

### 3.6.3. Шеми/програми на универзалните и квази универзалните надоместоци

#### *3.6.3.1. Универзални детски надоместоци*

- Familienbeihilfe во Австрија - се исплаќа на сите деца резиденти до 18-годишна возраст, со можност за продолжување до 24 години, за деца што посетуваат обука или студираат - опфат 1,75 милиони деца во 2017 година.
- Lapsetoetus во Естонија - се исплаќа на сите деца резиденти и на лица со привремен престој до 16-годишна возраст и до 19-годишна возраст за оние што се во средно образование или во стручно образование.
- Lapsilisälaki во Финска - се исплаќа на сите деца што се резиденти до нивниот 17-ти роденден - опфат 1 милион деца во 2017 година.
- Kindergeld во Германија - се исплаќа на даночни обврзници што живеат во Германија или лица што подлежат на оданочување на приход, за деца до 18 години, со продолжување под одредени услови - опфат 14,97 милиони деца во 2017 година
- Програма за детски пари на Монголија (2005-2017) - се исплаќа на сите деца резиденти до 18-годишна возраст - опфат нешто повеќе од 1 милион деца во 2017 година.

*3.6.3.2. Квази универзални надоместоци насочени кон деца на одредена возраст*

- Белоруски детски додаток - се плаќа на деца резиденти на возраст од 0-3 години.
- Универзален грант за раѓање во Украина - се плаќа на деца резиденти на возраст од 0-3 години.

*Квази универзални надоместоци со широк материјален цензус*, покривајќи голем дел од детската популација (каде што надоместоците се намалени за домаќинствата со високи приходи и/или трансферот се враќа преку даночниот систем за таквите домаќинства):

- Детски додаток во Данска - вклучува намалување на бенефициите за домаќинствата со високи приходи, нивото на бенефиции зависи од приходот и се намалува за 2 проценти за примателите со годишен приход над 782.600 DKK (116.000 УСД) - опфат околу 1,2 милиони деца во 2019 година.
- Детски додаток во Канада - се исплаќа на деца до 18-годишна возраст, семејствата со повисоки приходи добиваат скалесто понизок износ на надоместок додека најбогатите семејства не добиваат надоместок.
- Програма за детски пари на Монголија (од 2017 година) - се остварува со материјален цензус, проверувајќи ги побогатите домаќинства - опфат 976.000 деца, или 87 проценти од сите деца, во 2019 година.
- Детски додаток во Велика Британија - се исплаќа на сите деца резиденти до 16-годишна возраст, со продолжување под одредени услови, нема промена на износот на надоместокот во однос на приходот, но се применува повисока даночна стапка случај на домаќинства со најмалку еден член што заработува над 50.000 фунти (65.000 УСД) годишно - опфат 12,85 милиони деца во 2017 година.

*3.6.3.3. Квази универзални надоместоци со мешана шема*

- Белгиските шеми, кои се остваруваат врз основа на социјалното осигурување и социјална помош - првенствено наменети за деца до 18-годишна возраст, со продолжување под одредени околности, со гарантирани семејни бенефиции (социјална помош) опфатени се 28.000 деца, со шема за државни службеници/ јавни бенефиции опфатени се 250.000 деца и детски додаток поврзан со вработување (придонеси) со опфат 2,5 милиони деца во 2018 година - опфатени се од 90 до 96 проценти од вкупната популација на деца.
- Аргентинските шеми, кои се остаруваат врз основа на социјално осигурување и социјална помош, вклучувајќи ги и административните социјални бенефиции и шемата за социјална помош Asignacion Universal por Hijo - достигна опфат од вкупно 11,35 милиони деца (87% од вкупната детска популација) во 2016 година.

*3.6.3.4. Безусловни и условни трансфери, кои се остваруваат со материјален цензус за кои е карактеристичен висок процент на опфат (>=40%)*

- Бразилска Bolsa Familia - условен паричен надоместок, кој се остварува со материјален цензус, кој се исплаќа на домаќинства со низок приход, од кои

поголемиот дел имаат деца - опфат 23 милиони деца во 2016 година (или околу 44% од вкупната детска популација).

- Грант за поддршка на децата од Јужна Африка - безусловен трансфер, кој се остварува со материјален цензус наменет за домаќинства со деца на возраст под 18 години; со опфат 12,2 милиони деца во 2017 година (или околу 63% од детската популација).

*3.6.3.5. Парични трансфери, кои се остваруваат врз основа на материјален цензус, со релативно помала покриеност на детската популација (<40%)*

- Ecuador's Bono de Desarrollo Humano - условен паричен трансфер наменет за домаќинства со деца под 16-годишна возраст - опфат 1 милион семејства во 2013 година.
- Индонезиската Program Keluagra Harpan - УПН за деца на возраст под 18 години - опфат на околу 11 милиони деца во 2018 година (или околу 11% од опфатената детска популација).
- Програма за детски грантови во Лесото - безусловна парична помош за домаќинствата со деца - опфат 108.883 деца во 38.700 домаќинства или 25 проценти од децата што ги исполнуваат условите за остварување.

Покрај надоместоците, кои се имплементираат на национално ниво, треба да се истакне дека во одредени земји постојат и надоместоци што се обезбедени на локално ниво. Таков пример е државна програма во Бихар во Индија (Mukhyamantri Kanya Utthan Yojana), условен паричен трансфер, кој има за цел да допре до сите домаќинства со женски деца, обезбедувајќи бенефиции од раѓање до стекнување универзитетска диплома. Овој надоместок се исплаќа на најмногу две женски деца во домаќинството, со цел да се намалат фетицидите и да се поправи родовата нерамнотежа во државата. Надоместокот се исплаќа во посебни транши, во различни фази од животот или по завршување на одредена фаза - при раѓање во првата година по пријавувањето на детето, по навршувањето две години, по завршувањето на имунизацијата и по завршувањето на училиштето и дипломирањето. Условениот паричен трансфер обезбедува вкупен грант од речиси 800 американски долари исплатен во различни фази од детството. Иако оваа придобивка е ограничена на државата Бихар, таа има за цел да опфати 16 милиони девојчиња, што претставува 63 проценти од сите девојчиња во одредената возрасна група во државата.

### 3.6.4. „Пакети“ за детски додаток и парични и даночни ослободувања

Во суштината на сите шеми за паричен трансфер е трансферот на пари, иако ова може да изгледа како излишна забелешка, важно е да се истакне дека:

1. се врши паричен трансфер, а не услуга во натура,
2. постојат низа модалитети преку кои тоа може да се случи.

Поконкретно, детските бенефиции може да бидат во форма на директен паричен трансфер до домаќинствата/децата приматели или даночни ослободувања, кои се администрираат преку системот за персонален данок на доход во форма на даночни кредити (изземање од износот на доспеан данок или поврат) и даночни ослободувања (изземање од оданочливиот приход).

Во повеќето земји, детските парични надоместоци и даночни ослободувања се дел од „пакетот“ бенефиции, кои вклучуваат услуги во натура, субвенции и ослободувања од давачки. Тие имаат најразлични цели, кои обично вклучуваат помош на родителите околу трошоците за подигање на децата и помош на семејството за да може секое дете да добие еднаква шанса во животот. Ваквите пошироки придобивки обезбедуваат поддршка за семејствата со цел да се обезбедат средства за покривање на потребите на децата (на пр. трошок за градинка, облека, покривање трошоци за здравствени прегледи), но и трошоци што се високи и се голем дел од расходите во домаќинствата со деца, како на пример наем и режиски трошоци. Надоместоците за домување во некои земји сочинуваат голем дел од вкупниот пакет за детски додаток, учествуваат или целосно го покриваат трошокот за наем што ја плаќаат домаќинствата со деца. Во земјите каде што не е обезбедена бесплатна здравствена заштита или згрижување во предучилишни установи, доколку трошоците за здравствена заштита и згрижување ја надминуваат вредноста на надоместокот, може да се користат дополнителни инструменти, вклучувајќи субвенции, даночни ослободувања, политики за мајчинство, татковство и родителско отсуство (Bredshow and Finch, 2002; OECD, 2011).

Во рамките на категоријата парични надоместоци, како што е веќе објаснето, земјите може да се потпрат на комбинација од директни парични надоместоци и даночни ослободувања. Во некои земји, даночните ослободувања, кои се администрираат од Управата за јавни приходи, е доминантна примарна форма на детски додаток (на пр. Австралија, Германија, Нов Зеланд). Примерите на универзалните парични надоместоци испорачани како даночни ослободувања го вклучуваат главниот додаток за деца во Нов Зеланд, семејниот даночен кредит и детскиот додаток во Канада. Во двата случаи, нивоата на плаќање се пресметуваат откако ќе се поднесат сите даночни обрасци на крајот на финансиската година и домаќинствата ќе ги поднесат своите даночни пријави. Во зависност од приходот и дали корисникот користи одредени надоместоци во Нов Зеланд, бенефицијата ја администрира или Управата за јавни приходи или Министерството за социјален развој. Детскиот додаток во Канада го администрира Управата за јавни приходи.

### 3.6.5. Таргетирање и видови механизми за таргетирање

Детските додатоци се дизајнирани за да ги опфатат домаќинствата со деца. Како такви, тие се категорички и се исплаќаат на одредена подгрупа на населението врз основа на составот на домаќинството и демографските критериуми. За остварување на бенефициите, кои имаат за цел да ги опфатат децата, може да се предвидат и дополнителни механизми и критериуми за таргетирање, може да вклучуваат дополнителни категорички барања поврзани со

статусот на вработување на возрасните во домаќинството или со здравствената состојба на членовите на домаќинството. Надоместоците може да бидат и географски предодредени, односно да се исплаќаат на домаќинствата што живеат во одредена област во земјата. Надоместоците се остваруваат со материјален ценз, кога популацијата што треба да се опфати е идентификувана и избрана врз основа на одреден праг на приход или на задоволување на сет индикатори за висината на приходите со кои располагаат. Исто така, може да вклучи материјален ценз за еден индикатор, како на пример приход, до таргетирање врз основа на проверка на повеќе индикатори или „средства“, познато како прокси проверка, карактеристично за земји со среден или земји со низок приход. Кога се зборува за прокси проверка, се мисли на проверка на карактеристиките, односно на нематеријалните средства со кои располага домаќинството, за да може да се процени нивната економска состојба. Оваа проценка најчесто се употребува во земјите каде што не може да се обезбедат релевантни податоци за приходите на домаќинството.

За разлика од другите видови бенефиции или готовински трансфери за деца, целосната шема на универзалните детски надоместоци ги опфаќа сите деца во земјата и не вклучува материјален ценз или, пак, дополнителна прокси проверка на средства со кои располага домаќинството.

*3.6.5.1. Категоричко таргетирање*

Универзалните детски надоместоци се категорички бенефиции што им се исплаќаат на домаќинствата со деца. Категоричките критериуми според кои се остваруваат детските надоместоци се разликуваат и вклучуваат:

- детска возраст
- правен статус (на пр. престој, државјанство)
- други демографски карактеристики на детето или домаќинството (на пр. здравствена состојба на семејството).

Основна разлика меѓу универзалните детски надоместоци и другите детски бенефиции е тоа што условите за остварување може да варираат во различни шеми, во однос на возраста и правниот статус, но никакви други демографски карактеристики на детето или домаќинството не се важни, барем за универзалната компонента на универзалните надоместоци. Додека под „целосен“ универзален паричен надоместок се подразбира шема, која има за цел да ги опфати сите деца на возраст под 18 години, шемите, всушност, може да се разликуваат во однос на опсегот на возраста. Некои може да покриваат група деца на помала возраст, на пример до 16-годишна возраст и/или може да вклучуваат деца на поголема возраст во одредени околности. На пример, финскиот Lapsilisälaki се исплаќа на дете до 17-годишна возраст, додека шведскиот додаток за деца се исплаќа на дете до 16-годишна возраст, за разлика од шемите во Австрија и во Германија, каде што децата остваруваат универзален надоместок до 18-годишна возраст.

Универзалните детски надоместоци може да опфатат и лица над 18 години, како што е примерот со германскиот Kindergeld. Надоместокот може да се продолжи до 21-годишна возраст ако лицето е регистрирано како барател на работа во агенција за вработување или до 25-годишна возраст ако посетува

програма за стручно оспособување, е во високото образование или без ограничување ако детето има попреченост што е настанала пред 25-годишна возраст и нема финансиски средства да ги покрие основните потреби. (Bundesagentur fur Arbeit, n.d.; MISSOC, 2018).

Како што е веќе истакнато, универзалните детски надоместоци може да се дефинираат како такви токму затоа што се плаќаат универзално и на редовна основа на деца од одредени возрасни групи, на возраст под 18 години, најчесто во првите години од животот. Примерите ги вклучуваат детскиот додаток во Белорусија (0-3 години) и Универзалниот грант за раѓање во Украина (почетна паушална сума проследена со месечни плаќања додека детето не наполни три години). Како што е случај со универзалните детски надоместоци, така и квази универзалните детски надоместоци може да опфатат деца на поголема возраст. Детскиот додаток на Велика Британија се исплаќа на деца до 16-годишна возраст, но бенефициите се прошируваат на деца на возраст од 16 до 20 години ако не работат повеќе од 24 часа неделно, се во образование или посетуваат обука минимум 12 часа неделно, а не се во високото образование. Детските надоместоци најчесто опфаќаат граѓани и лица со престој, додека проширувањето на таквата одредба за деца со статус на бегалци или без документи е ретко пропишано со закон. Сепак, постојат примери како во Данска и во Унгарија, каде што децата бегалци со признат статус остваруваат детски додаток (МОТ/УНИЦЕФ, 2019).

*3.6.5.2. Материјален цензус*

Мнозинството земји ширум светот обезбедуваат некаква форма на програми за парични бенефиции, кои се остваруваат со материјален цензус, односно проверка на приходите на домаќинствата. Механизмите за материјален цензус варираат во зависност од условите, критериумите за идентификација и соодветните информативни барања, колку е тесно дефинирана подгрупата на целната популација (вклучително и врз основа на тоа на кое ниво се поставени условите) и фреквенцијата на собирање информации и повторно остварување на одредено право. Како и кај другите видови бенефиции, детските надоместоци може да вклучуваат релативно „едноставен“ материјален цензус - на пример, во форма на проценка на приходите - или прокси тестови со детални информации и сродни процедури за проверка и имплементација. Примери за детски бенефиции, кои се остваруваат врз основа на материјален цензус, ги вклучуваат Грантовите за поддршка на деца на Јужна Африка и бразилската Bolsa Família, која се потпира на самопријавен приход на домаќинството - релативно едноставен материјален цензус. Други шеми се потпираат на комбинирани проверки, вклучувајќи го материјалниот цензус и прокси проценката.

Голем број детски бенефиции се потпираат на прокси проценката, механизам со кој се прибираат информации за евидентни карактеристики на домаќинството (во принцип, тие полесно се набљудуваат и се мерат во споредба со приходот или потрошувачката и вклучуваат, на пример, сопственост на трајни добра и локација и квалитет на живеалиштето) за да се пресмета резултатот што се користи за рангирање на домаќинствата (Coady et al., 2004). Надоместоците што се тестираат со прокси проценката користат праг на подобност или „пресек“ за да

идентификуваат и проценат кој од потенцијалните корисници може да го оствари правото на надоместок. Во однос на проценката на приходите со материјален цензус, за влез во правото, условот за приход е поставен под одреден праг на приход или потрошувачка (обично изразено во услови по член или домаќинство), а ако приходот е над прагот, поединецот/домаќинството не ги исполнува условите за остварување на правото. Во случај на прокси проценката, резултатот се пресметува врз основа на збир на показатели или „индикатори за сиромаштија“ и се договара гранична точка под која поединците/домаќинствата се подобни за трансферот (Coady et al., 2004).

### *3.6.5.3. Географско таргетирање*

Детските надоместоци може да бидат насочени кон одредени области или локални заедници во една земја. Мноштвото од условените парични трансфери во земјите на Латинска Америка се потпираат на некоја форма на географско таргетирање (Cecchini и Madariaga, 2011). На пример, бразилската Bolsa Família и мексиканската Progresa комбинираат географско таргетирање со материјален цензус (Lindert et al., 2007; Fiszbein and Schady, 2009; Cecchini и Madariaga, 2011). Во Бразил, географската распределба на општинските квоти одредува ограничување на бројот на корисници по општина врз основа на проценките за сиромаштија на ниво на општината, додека домаќинствата-корисници се идентификуваат врз основа на проценка на приходот по жител, прибрани локално и администрирани на федерално ниво (Lindert et ал., 2007). Во Мексико, улогата на географското таргетирање постепено се намалувала со текот на времето со спроведување на шемата Oportunidades. Првично, целта била да се даде приоритет на руралните области во кои ќе се спроведе програмата (Fiszbein и Schady et al., 2009). Грантот за деца на Непал првично имал за цел да ги опфати сите деца на возраст под пет години на национално ниво и сите деца под пет години во загрозената област Карнали (Hagen-Zanker et al., 2015).

Овие примери покажуваат како во пракса детските бенефиции најчесто се потпираат на комбинација од критериуми и методи за таргетирање. Во случај на квази универзалните детски надоместоци со мешани шеми, остварувањето на надоместоците се реализира врз основа на материјален цензус и категоричното таргетирање. Во Белгија, Гарантираниот семеен надоместок, кој се остварува со материјален цензус, ги опфаќа децата во домаќинствата што не се опфатени со семејни додатоци, а кои се остваруваат врз основа на вработување, и на тој начин се потпира и на проверка на приходите и на категоричкото таргетирање (ISSA, 2018). Во Аргентина, шемата има за цел да ја надополни националната шема за детски бенефиции со придонеси, која ги опфаќа формално вработените, неформално вработените или работниците што заработуваат помалку од минималната плата, невработените и бремените жени, комбинирајќи ги и категоричкото таргетирање и материјалниот цензус (Roca, 2011).

### 3.6.6. Условеност

Универзалните детски надоместоци се безусловни, додека останатите детски надоместоци се условени и од корисниците се бара одредена активност или однесување. Слично како и кај таргетирањето, условите кај детските надоместоци може значително да варираат, и тоа во зависност од тоа какви однесувања тие бараат и како одговорот на неусогласеност се следи и спроведува (Bastagli, 2008; Fiszbein и Shady, 2009; Peleano and Barsa, 2014).

Два вообичаени примери на мотивации за условеност е, всушност, олеснување на пристапот до услуги и нивното користење. Во првиот случај се следат условите за користењето на правото со редовно присуство на училиште и да вршат здравствени прегледи - како што е случајот со поголемиот дел со условените парични трансфери во земјите од Латинска Америка (Fiszbein и Schady et al., 2009). За непочитувањето на условите не се предвидува строга и итна санкција, како што е прекин на правото на користење на условениот паричен надоместок. Условите што директно ги засегаат децата најчесто се поставуваат во однос на пристапот и редовното користење на услугите за образование, обука и здравје. Типичните примери вклучуваат редовно присуство во училиште и здравствени прегледи. Овие условувања може да се поставаат и во однос на исходите - на пример, учениците успешно да преминат во повисоко одделение или да постигнат одреден успех.

Услови може да се поставаат и во врска со примарната здравствена заштита и со други услови што се однесуваат на возрасни членови на домаќинството, на пример пред и постнатални здравствени прегледи за бремени жени и доилки или, пак, активно барање работа. Регулативата за непочитување на условите за користење на условениот паричен трансфер варира во различни програми, во некои програми непочитувањето е проследено со санкција за домаќинството. Санкциите може да бидат во форма на делумна или привремена суспензија од учество во програмата или трајно исклучување. Целта на ваквиот дизајн на политиката е лицата да станат свесни за нивната обврска и одговорност, во однос на користење на правото на условен паричен трансфер.

Неисполнувањето на условите кај некои програми се припишува на слаба/ограничена инфраструктура за обезбедување услуги или е резултат на ранливост на корисниците. Со оваа констатација се префрла одговорноста на давателите на услугите и на државата. Во такви случаи, неусогласеноста резултира, барем во прв случај, со дополнителни персонализирани услуги и обезбедување дополнителни ресурси за домаќинствата. Целта е да се откријат причините за непочитувањето на условите и идентификување проблеми, кои може да се поврзани со обезбедувањето услуги и/или дополнителна ранливост на домаќинството (Bastagli, 2008).

Карактеристика за детските додатоци е високата покриеност на детската популација, која се комбинира со елементи на универзализам и условеност, на пример, кога условувањата важат за одредена подгрупа на опфатени деца. Во случај на универзални парични надоместоци, условите може да важат за млади возрасни лица на возраст над 18 години - како што е случајот со германскиот

Kindergeld (надоместокот продолжува доколку младото лице посетува стручна обука или високо образование до навршувањето 25 години) (MISSOC, 2018).

### 3.6.7. Покриеност

Дадовме преглед за опсегот на детските додатоци и правата на децата на детски додаток низ шемите/програмите и земјите. Постојат голем број причини зошто правното/законското покривање и ефективното покривање може да се разликуваат. Најголемите универзални детски надоместоци и квази универзалните детски надоместоци во однос на бројот на опфатени деца се Kindergeld во Германија, со близу 15 милиони приматели (2017) и Детскиот додаток во Велика Британија, со приближно 13 милиони приматели (2017). Најголемите програми во кои корисниците се вклучуваат врз основа на материјален цензус се програмата во Јужна Африка, која е со опфат 12 милиони деца (2017), и бразилската Bolsa Família, која покрива 23 милиони деца (2017). Индонезиската програма е насочена кон најсиромашните домаќинства во земјата и опфаќа 11 милиони деца (2018 година).

Како што може да се очекува, универзалните детски надоместоци имаат релативно високи ефективни стапки на покриеност, покривајќи поголем дел од детската популација, за разлика од програмите каде што се користи материјален цензус или други критериуми за таргетирање. Земјите со целосни универзални детски надоместоци, како што се Австрија, Германија и Финска, имаат опфат од 100 проценти на децата што ги исполнуваат условите за остварување на правото на универзален детски надоместок. Монголија и Велика Британија даваат два интересни примери на земји со шеми/програми за детски бенефиции, кои претрпеле реформи од целосните универзални детски надоместоци до воведување материјален цензус, што довело кон намалување на вкупниот број опфатени деца. Од речиси целосна покриеност на деца во Монголија (нешто повеќе од 1 милион деца) во 2017 година, во 2019 година, со воведувањето на материјалниот цензус, опфатот се намалил на 87 проценти (или 976.000) од децата во 2019 година. Во Велика Британија, во 2015 година, опфатот на децата бил 94 проценти од домаќинствата што ги исполнуваат условите, во споредба со опфатот од 97 проценти во далечната 2006/2007 година. Споредбите на различни типови шеми за детски додаток во земјите го покажуваат истиот модел, при што универзалните детски надоместоци покриваат значително поголем број деца, за разлика од програмите што користат материјален цензус и/или други условувања. Во Полска, на пример, квази универзалната шема Rodzina 500+ достигна 2,7 милиони семејства во 2016 година, додека семејните додатоци што се остваруваа со материјален цензус достигнаа 1,0 милиони семејства (Magda et al., 2018).

Разликите меѓу целната популација и ефективното покривање може да настанат поради различни причини, вклучувајќи ги карактеристиките на дизајнот и имплементацијата. Варијациите во процедурите за поднесување барање, процесите за проверка на исполнетоста на условите и начините на имплементација може да играат улога во ефективното покривање. Се смета дека административната едноставност (или сложеноста) на поднесувањето барање за остварување на правото на детски додаток влијае врз опфатот на децата, а како

пример може да ја посочиме Финска, каде што стапката на опфат е близу 100 проценти, што е резултат на административната едноставност на идентификацијата на корисниците (Larsen, 2006). Слично како во Финска, речиси универзална покриеност имаме во Велика Британија пред реформите, кога на мајките им се доставувале формулари за аплицирање, веднаш по породувањето, без трошоци за аплицирање (Currie, 2004). Во Австрија, регистрацијата во Familienbeihilfe се смета за автоматизирана, додека во Норвешка, регистрацијата за детски додаток се случува при раѓање, родителите не треба да аплицираат за детски додаток ако детето е родено во Норвешка, мајките автоматски го добиваат трансферот околу два месеца по раѓањето на детето. Потребно е поднесување апликација во случај ако мајката не е регистрирана како жител на Норвешка или ако детето е родено надвор од земјата. Недостигот од потребната документација за аплицирање е најчесто спомената бариера за користење на правото на детски додаток. Во Аргентина, 30 проценти од домаќинствата што припаѓаат на најсиромашниот квинтил не се опфатени со никакви детски надоместоци, како резултат на недостиг од валидна документација, особено лични карти (УНИЦЕФ и други, 2017).

Во споредба со универзалните или категоричките шеми, материјалниот цензус дополнително ги комплицира процедурите за аплицирање и проверка на исполнетоста на условите. Тоа може да влијае на опфатот бидејќи потенцијалните корисници/баратели не се доволно информирани за начинот на аплицирање и придобивките од вклучувањето во програмите. Кога колумбиската шема Famílias en Acción била воведена во Богота, бројот на корисници значително се разликувал, односно бил помал од предвидениот. Околу две третини од домаќинствата што ги исполнувале условите за вклучување во програмата, не аплицирале: 36 проценти од потенцијалните корисници не аплицирале бидејќи не биле информирани за придобивките од програмата и 29 проценти не знаеле дека можат да остварат право. Покрај тоа, меѓу тие што аплицирале, околу половина биле одбиени бидејќи не ги знаеле критериумите за остварување на правото (Sepúlveda, 2018). Сложената процедура за проверка на материјалната состојба, исто така, се наведува како бариера за остварување детски додаток во Бугарија (Tesseva, 2012), Јапонија (Abe, 2002) и во Швајцарија (Lukas et al., 2019).

### 3.6.8. Износи на трансфери

Износите на детскиот додаток варираат во различни шеми/програми и можат да бидат одредени како апсолутен износ, процент од приходот/потрошувачката на корисникот или како репер да биде земен одреден праг, како што е линијата на сиромаштија, минималната плата или просечната плата. Првичното ниво на бенефиции во Јужна Африка било изведено од нивото на егзистенција за храна и облека за деца на домаќинствата, додека детскиот додаток во Белорусија е поставен како процент од националната просечна плата (ISSA, 2018).

Австрискиот Familienbeihilfe исплаќал просечно 105 евра, месечно по дете до три години (2014/15), финскиот Lapsilisälaki просечно исплаќал 114 евра месечно по дете (2017) и ирскиот детски додаток 140 евра месечно по дете.

Вредноста на максималниот надоместок за едно дете на возраст од 3 до 12 години, како процент од просечната плата во земјите на ОЕЦД со универзални шеми, во 2010 година се движел од 2 проценти во Естонија, Франција, Латвија, Холандија и во Норвешка, до 5 проценти во Германија, 6 проценти во Австрија, Унгарија и Луксембург и 7 проценти во Ирска (ОЕЦД, 2014).

Во однос на нивоата на бенефиции изразени како процент од линиите на сиромаштија, во Аргентина претставува 66 проценти од основната потрошувачка кошничка (линија на екстремна сиромаштија) и 27 проценти од потрошувачката кошничка (линија на сиромаштија). Просечниот трансфер по корисник за програмата Bolsa Família претставува околу 19 проценти од линијата на сиромаштија што ја користеше Светска банка во 2004 година (на основа по жител) (Lindert, 2015).

Нивото на бенефиции по дете е поставено како рамна стапка, како што е примерот во Јужна Африка и во Монголија, или може да варира во неколку димензии, во или меѓу домаќинствата. Во домаќинствата корисници, нивото на трансфер за секое дете што ги исполнува условите може да варира во зависност од возраста на детето, бројот на деца во домаќинството, редоследот на раѓање и дали детето има попреченост. Прво, нивото на бенефицијата може да се зголеми или намали врз основа на возраста на детето. Во Австрија, на пример, семејните додатоци за дете на возраст од 0 до 3 години се утврдени на 114 евра месечно, додека дете на возраст од 10 до 18 години добива 141,50 евра месечно (ISSA, 2018). Спротивно на тоа, децата во Данска на возраст под 2 години добиваат 4.506 дански круни месечно, додека децата на возраст од 15 до 17 години добиваат 936 дански круни месечно. Ваквите варијации, исто така, може да бидат во форма на додатоци со паушална стапка, како што е случајот во Франција за деца на возраст од 14 до 20 години. Нивоата на бенефиции за секое дете во истото домаќинство може, исто така, да се разликуваат во зависност од бројот на деца во тоа домаќинство. Додека во повеќето случаи, како во Естонија и во Белгија, надоместокот за секое дете се зголемува со бројот на деца во домаќинството, во Нов Зеланд, нивото на семејниот даночен кредит за прввороденото е повисоко, отколку за следните деца. Нивото на канадскиот детски додаток се намалува како што се зголемува приходот на домаќинството, до прагот над кој домаќинствата не ја добиваат бенефицијата (ISSA, 2018). Во други случаи, може да се обезбедат додатоци за домаќинствата со ниски приходи, како во случајот со Германија.

Друга критична разлика е дали вредностите на детскиот додаток се усогласуваат со инфлацијата за да се минимизира или да се избегне ерозијата на реалната вредност на трансферите со текот на времето. Правилата за усогласување се разликуваат меѓу шемите и во рамките на шемите. Ова е една од варијаблите што ја користат владите при дизајнот на програмите и како одговор на променливите приоритети на политиката. Во некои случаи, надоместоците се усогласуваат со инфлацијата или на автоматска основа преку индексирање или на редовна основа, во согласност со индикаторите што варираат од земјата и шемата. На пример, во Холандија, Kinderbijslagwet е прилагоден во линија со индексот на потрошувачките цени, додека во Данска, надоместоците се приспособуваат на промените на стапките на платите (ISSA, 2018; MISSOC, 2018). Фреквенцијата на усогласувањата варира: надоместоците се прилагодуваат на годишно ниво во

случајот на Данска, додека во Холандија, вредноста на детскиот додаток се усогласува двапати годишно во јануари и во јули.

Сите земји не прават усогласувања, дури и да е предвидено автоматско усогласување, со владина одлука таквото усогласување може да биде поништено. Во Велика Британија, усогласувањето на детскиот додаток, кое традиционално се усогласува во согласност со индексот на цените на мало,доживеа голем број промени од почетокот на мерките за штедење. Прво, индексот што се користеше за усогласување на детскиот додаток беше променет во Индекс на потрошувачки цени во 2011 година, меѓу 2011/12 и 2013/14 година усогласувањето на бенефициите беше замрзнато, во 2014/15 и 2015/16 година, вредноста на надоместоците е зголемена за 1 процент и конечно износот на надоместокот беше замрзнат од 2016/17 до крајот на фискалната 2019/20 година (TUC, 2015). Овие мерки ја намалија вредноста на надоместоците, бидејќи тие не се усогласени со инфлацијата (TUC, 2015; CPAG, 2017).

Во други случаи, усогласувањата не се автоматски, туку дискрециски. На пример во Австрија, не постојат правила за автоматско усогласување на вредноста на Familienbeihilfe (MISSOC, 2018), но надоместоците можат да се зголемат со владина одлука, како што беше случај во јануари 2018 година, кога надоместоците беа зголемени за 1,9 проценти (Finanz.at, n.d.). Во Бразил, каде што Bolsa Fanilia се усогласува на ад хок основа, вистинската вредност на надоместокот се намали за 12 проценти меѓу 2003 и 2006 година (Osorio and De Sousa, 2013).

### 3.6.8. Администрација на надоместоците

Една од потенцијалните административни предности на универзалните детски надоместоци или квази универзалните детски надоместоци, во однос на другите видови парични трансфери, е едноставните процеси за вклучување во програмите или поднесување барање за остварување одреден надоместок. Ова е делумно поради релативно едноставните и јасни барања за условите што треба да се исполнат за да се оствари одреден надоместок. Во пракса, барањата и процесите за вклучување во одредена програма се различни. Тие се движат од програми што бараат минимални нивоа на проактивна иницијатива од страна на потенцијалните корисници, некои процеси на вклучувањето во програмите се дури и автоматски, кога се поврзани со раѓање на дете, до оние за кои е потребна апликација или барање, вклучително и составување и поднесување релевантна документација. Како што може да се очекува, процедуралната сложеност и барањата за информации/документација во процесот на аплицирање варираат во зависност од деталите за дизајнот на политиката и начинот на трансфер (на пр. паричен надоместок наспроти даночно ослободување).

Во некои случаи, како во Норвешка и во Австрија, врската меѓу процесите за остварување на правото на детски додаток и евидентирањето на новороденчето помага да се обезбеди релативно едноставен и автоматски процес за „барателите“. Во одредени земји, за остварување право на детски додаток, потенцијалните корисници мора да поднесат барање. Таков е и случајот со Финска, на пример, каде што барателите мора да поднесат едноставно барање до институцијата што ја администрира програмата, со што имаат две опции на располагање, и тоа

електронско поднесување преку веб-страница на институцијата што го администрира надоместокот или со пополнување на формуларот за новороденчиња што родителите го добиваат во породилиште. Во Холандија, институцијата што го спроведува Законот за детски надоместоци испраќа формулари за апликација до потенцијалните корисници.

Во случај на даночни ослободувања, потенцијалните корисници треба да бидат даночни обврзници и подобноста обично се одредува од даночниот орган врз основа на даночните пријави. Иако овој пристап има некои потенцијални административни предности, во смисла на едноставност, на пример, тој дозволува даночните и информациите за исплата, како и поврзаните надоместоци да се администрираат од една институција, исто така може да предизвика исклучување, односно немоќност за остварување даночно ослободување доколку потенцијалниот корисник не плаќа данок и/или кога не постои систем за прогресивен персонален данок на доход.

*3.6.8.1. Носител на правото*

Носителот на правото на детски додаток може да варира во различни програми. Вообичаено е плаќањата да се вршат конкретно на законски назначените старатели на детето, но во некои земји генерално се подразбира дека мајката е таа што се грижи за детето и е носител на правото. Во Норвешка, мајката или таткото може да бидат носители на правото, а плаќањето се врши на мајката. Слична е состојбата и во Данска и во Австрија, мајката е примателот на исплата, независно кој е носител на правото. Во Луксембург, ако двајцата родители живеат во исто домаќинство, тие одлучуваат кој од двајцата ќе ја добие исплатата. Истото важи и во Франција, каде што, доколку родителите не побараат поинаку, исплатата се врши на мајката. Надоместокот не мора нужно да се плаќа на родителите или на родителот што се грижи за детето, во Австрија детето што има право на детски додаток и кое е полнолетно, може да побара исплатата да се изврши директно на негова сметка. Во Иран, паричниот надоместок се исплаќа на главата на домаќинството, кое во повеќето случаи, е од машки пол (SalehiIsfahani и Mostafavi-Dehzooei, 2018).

*3.6.8.2. Модалитети на исплата*

Кога детските надоместоци се исплаќаат како директен трансфер, тоа генерално е во форма на паричен трансфер на личната банкарска сметка на носителот на правото или на детето/младиот возрасен. Во случај на универзален детски додаток, трансферите обично се вршат како директни готовински плаќања на банкарски сметки или како даночно ослободување преку даночниот систем. Во случај на даночни ослободувања, надоместокот или ослободувањето се доставува директно преку даночниот систем. Како резултат на административните предности, Австралија и Германија го трансформираа својот главен детски додаток во даночен кредит/додаток, а англосаксонските земји воведоа или ги проширија даночните кредити за деца. Спротивно на тоа, во Финска, реформите за

детски додаток означија напуштање на даночниот кредит и воведување директен паричен трансфер (Bradshaw and Finch, 2002; Richardson and Bradshaw, 2012).

Даночните бенефиции обично вклучуваат некаква форма на материјален цензус бидејќи системите за трансфер на даноци се користат за прераспределба на ресурсите на домаќинствата со пониски приходи. Мотивите за потпирање на системот за данок на доход за реализација на готовински трансфери вклучуваат:

а) административни карактеристики, потенцијални предности за заедничко администрирање на даноците и трансферите, особено во однос на преземање податоци и административните трошоци,

б) стигма, испораката преку даночниот систем се смета дека е потенцијално помалку стигматизирачка и

в) политичката економија, исплатата на трансфери се обезбедува со оданочување на домаќинствата со високи приходи, обезбедувајќи универзалност.

Во исто време, потпирањето на даночни бенефиции предизвикува загриженост за покриеноста, вклученоста и правичноста. Во контексти каде што не постои прогресивен систем за персонален данок на доход и/или голем дел од населението не поднесува даночни пријави, даночните олеснувања и кредити имаат корист само за оние што плаќаат персонален данок на доход и/или што се вработени. Ова потенцијално може да ги исклучи посиромашните групи и/или популациски подгрупи, како што се жени со прекин на работниот однос. Другото прашање се однесува на даночните обврзници во земјите каде што семејствата се оданочуваат, а не индивидуите, даночните олеснувања може да ги добијат мажите, односно главата на семејството.

Плаќања со директен паричен трансфер може да се направат, или директно на банкарските сметки на корисниците, или може да се исплаќаат во готовина особено во области или земји со ограничен број на банкарски филијали. Во Јужна Африка, на некои корисници им се издава платежна картичка од Јужноафриканската агенција за социјално осигурување, каде што се исплаќа надоместокот, но постојат и други опции, во зависност од местото на живеење на корисникот. Корисниците се информираат со писмо што го добиваат кога нивната апликација е одобрена, каде и кога да го подигнат надоместокот, а корисниците можат да изберат друг модалитет на исплата, доколку предложениот не им одговара.

*3.6.8.3. Фреквенција на плаќање*

Детските додатоци се разликуваат во однос на фреквенцијата на плаќањата. По дефиниција, детскиот додаток се исплаќа на редовна основа, најчесто на месечна основа. Сепак, плаќањата може да се одвиваат на подолги интервали за да се намалат трошоците со кои се соочуваат корисниците при подигање на надоместоците или, пак, заради поедноставување на административните процеси. Во Данска, на пример, детскиот додаток се исплаќа квартално (ISSA, 2018), додека семејни додатоци во Уругвај се исплаќаат на секои два месеца (ISSA, 2017).

Спротивно на тоа, дотации за раѓање деца се исплаќаат како еднократен, паушален трансфер. Додатокот за раѓање, според приходот во Словенија, на

пример, се плаќа како еднократна сума, како и универзалниот додаток за раѓање во Словачка (ISSA, 2018).

Некои програми прават комбинација од месечни плаќања и паушални, како што е примерот во Србија, каде што родителскиот додаток се исплаќа како еднократна паушална сума за прво дете, додека за второ, трето и четврто дете се исплаќа на 24 еднакви месечни рати за (ISSA, 2018).

### 3.6.9. Трошоци и финансирање

Достапните информации за вкупните трошоци на програмите за детски додаток покажуваат дека австрискиот универзален детски надоместок чини 1 процент од БДП, додека во Шведска и во Франција чини околу 0,6 проценти од БДП. Канадскиот квази универзален детски надоместок, исто така, чини околу 1 процент од БДП (2017), детските бенефиции што се остваруваат со материјален цензус во Монголија и во Јужна Африка чинат 1 процент и 1,3 проценти од БДП. Бразилските и мексиканските Bolsa Familia и Prospera CCT, кои покажуваат релативно висока покриеност на вкупната детска популација, чинат 0,4 проценти од БДП.

Вкупните трошоци за детски додаток варираат, во зависност од вредноста на трансферот, демографијата на населението, вклучувајќи го и бројот на деца и покриеноста со бенефиции. Особено важно е тоа што тие, исто така, ја одразуваат разликата на административните трошоци поврзани со различниот дизајн на политиката за детски додаток и детали за имплементација. Компонентите на таргетирање и условеност може да имаат повисоки административни трошоци и тие веројатно ќе се зголемат со нивната сложеност (Coady et al., 2004; Bastagli, 2009).

Детските додатоци се финансираат од различни извори. Универзалните детски надоместоци се финансираат од општите даночни приходи во Данска, Естонија и во Финска (MISSOC, 2018). Во други случаи, детските додатоци се финансираат преку наменски даноци од специфични извори. Бразил одвојува 21 процент од данокот на финансиски трансакции за Bolsa Família (Lindert et al., 2007; ILO, 2016a). Монголија, детските додатоци ги обезбедува преку Фондот за човечки развој, финансиран од државните авторски права за екстракција на природни ресурси и корпоративно оданочување на рударските компании, со одредено дополнително финансирање од официјалната развојна помош и меѓународните финансиски институции. Слично на тоа, дел од приходот на Боливија од јаглеводороди е наменет за шеми за социјална заштита, вклучувајќи го и *Bono Junacito Pinto*, кој е наменет за училишни деца.

Фискалниот простор за социјална заштита и парични надоместоци може да се постигне и со пренамена на ресурсите. Ова е случај, на пример, во Иран, каде што Програмата за безусловен национален трансфер на готовина се финансира преку ресурси прераспределени од гориво и од други субвенции (Salehi-Isfahani и MostafaviDehzooei, 2018). Придонесите од работодавачот и вработените остануваат важен извор на финансирање на социјалната заштита. Иако овие не се детално образложени, детските додатоци финансирани преку придонеси и/или комбинација на механизми финансирани од даноци и придонеси може да играат

важна улога. Тие можат да го олеснат високото и ефективно покривање, како што е случајот со квази универзалните детски надоместоци со мешана шема, како што се оние во Аргентина и во Белгија.

*

Третото потпоглавје ги разгледува социјалните и културните перспективи низ призмата на практики, кои се развојно соодветни и прикачува наоди поврзани со различностите во раното детство; развојот како социјален и културен процес; и раното детство, кое е општествено изградено.

# 4. Реформи во системот на социјална и детска заштита во Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија, во последниве триесет години направени се сериозни напори за воведување реформи насочени кон промена на системот на социјална и детска заштита, кои во фокусот го имаат детето и неговата благосостојба. Направените законски измени се во согласност со Конвенцијата за правата на детето и други меѓународни стандарди и принципи. Главни цели на реформите се хармонизација на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија и со клучните меѓународни документи. Станува збор за комплексно подрачје, кое опфаќа повеќе нивоа и актери на обезбедување услуги, при што легислативата е разгранета во низа закони и подзаконски акти донесени во домените на: социјална заштита, детска заштита, образование, здравство, вработување, домување, даночна политика и сл.

## 4.1. Систем на социјална и детска заштита

Социјалната заштита, како дејност од јавен интерес, се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјалните ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми што неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,
- спречување на социјалната исклученост,
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување права на парична помош од социјална заштита и обезбедување социјални услуги и други мерки утврдени во законот. Социјалната заштита се остварува и преку преземање мерки и активности во вработување, стипендирање, домување, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитание и образованието и во други области во согласност со законот.

Согледувањето на состојбата и системот на заштитата на децата во нашата држава покажа дека на постојниот систем со кој е уредена заштитата на децата, неопходно му е осовременување во насока на прилагодување кон современите текови во општеството, па од таа причина донесени се низа измени и дополнувања на Законот за заштита на децата од 2013 година.

Како резултат на бројни истражувања со кои се потврдуваат големиот број придобивки од вклучувањето во некои од формите на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се наметна и потребата за вклучување поголем број деца во установи за згрижување и воспитание.

### 4.1.1 Реформа на паричните надоместоци во системот за социјална и детска заштита

Министерството за труд и социјална политика, во 2019 година почна системска реформа, со која беа воведени новини во Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата, а во исто време се донесе и нов закон, Закон за социјална сигурност на стари лица.

Цел на реформата беше да се групираат паричните надоместоци и да се коригираат, односно да се зголемат износите за соодветно да одговорат на потребите на граѓаните. Со групирањето и зголемувањето на износите на паричните надоместоци се овозможи излез од мултигенерациската сиромаштија и подобрување на таргетирањето. Со реформата, исто така, беа опфатени и социјалните услуги преку проширување на мрежата на социјални услуги и воспоставување сеопфатен систем на социјални услуги, кој се базира на квалитет и нивна достапност до ранливите категории граѓани.

Социјалната парична помош (СПП) се реформира и се надгради во гарантирана минимална помош (ГМП). Корисниците добија значително повисок износ, со кој можат да ги задоволат минималните егзистенцијални потреби, што со социјалната парична помош не беше случај. Со реформата беше опфатена и активација на корисниците преку обезбедување поддршка за комплетирање на нивното образование, стекнување вештини, со што корисниците ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и ќе добијат помош и поддршка за вработување.

Вториот сет права се наменети за лица со попреченост за кои државата има обврска да се грижи и финансиски да им помага. За таа цел има четири права, и тоа надоместок поради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или интелектуални пречки во развојот и траен надоместок. Целта на некои од овие права е на овие лица да им овозможи социјална инклузија, за што им се потребни повеќе средства, а некои од нив се наменети за компензирање на зголемените потреби на овие лица. Исто така, воведено е и ново право што е наменето за самохраните родители, кои се грижеле за своето дете со попреченост и не го сместиле во установа за социјална заштита, а се на возраст за пензионирање, но немаат стекнато пензија по друга основа.

Со реформата се овозможи полесен пристап до детскиот додаток (ДД). Правото на детски додаток е наменето за семејства со деца што имаат ниски приходи, притоа напуштајќи го условот во семејството да има вработен член. Новина кај заштитата на децата е и воведувањето на образовниот додаток (ОД) на децата што редовно посетуваат настава во основното и во средното училиште. Со воведувањето на овој додаток, на родителите им се овозможува помош во подмирувањето на училишните трошоци, со што се превенира раното напуштање на училиштето. Исто така родителскиот додаток беше реформиран и наменет за семејствата што имаат ниски приходи, за разлика од претходно, кога правото се оствaруваше не земајќи ја предвид материјалната состојба на семејствата.

Со реформата се донесе и нов закон, Закон за социјална сигурност на стари лица, со кој се опфаќаат социјално необезбедени лица на возраст на 65 години.

Резултатите од реформата покажуваат дека генерално реформата е добро

спроведена за релативно кратко време и реформираните парични надоместоци соодветно одговорија и на рецесијата предизвикана од пандемијата. Бројот на корисници пред и по реформата се дадени подолу заедно со симулација на покриеноста во најсиромашниот квинтил.

Слика 1: Број на корисници на парични надоместоци пред и по реформа




*Извор: Л.Карраро, Имплементација на реформата во социјална и детска заштита, 2021*

• СПП– ГМП: Бројот на корисници на СПП значително се намалуваше пред реформата, но ГМП уште во првиот месец од имплементацијата почна со значително поголем број корисници, односно со скок од 5.000 корисници (од приближно од 23.000 на 28.000). Тоа се должи на подготовката на центрите за социјална работа, која почна пред реформата, а целта беше информирање и поттикнување на граѓаните за аплицирање за новиот надоместок. Исто така, мора да го истакнеме напливот на корисници почнувајќи од април 2020 година, кој се случи како резултат на мерките во ковид-кризата. Исходот беше дека имаше дополнителни 5.000 корисници, односно речиси 33.000 корисници до крајот на 2020 година. Зголемувањето на бројот на корисници беше очекуван, бидејќи условите за остварување на правото на ГМП беа релаксирани. Важно е да се истакне и тоа што просечниот трансфер на домаќинства се зголеми повеќе од двојно, не сметајќи ја и дополнителната поддршка дадена како енергетски додаток во зимските месеци од годината.

• ДД: Кај детскиот додаток, бројот на корисници значително се зголеми, но зголемувањето се случуваше сукцесивно. Сите домаќинства со деца што ги исполнуваат условите за ГМП, автоматски се квалификуваат за ДД, без проверка на материјалната состојба. Исто така, прагот на приходи за остварување на ДД беше зголемен, со цел да им се овозможи на домаќинствата со вработени родители да се вклучат во програмата. Бројот на корисници се зголеми од помалку од 3.000 домаќинства во април 2019 година на 11.500 во мај 2019 година, а потоа постепено

порасна, достигнувајќи околу 19.000 корисници до крајот на 2019 година, за во 2020 година да достигне 20.000 корисници.

• ППП и СССЛ: Пред реформата, постојаната парична помош (ППП) броеше околу 7.000 корисници, но за разлика од ГМП и ДД, овие корисници се чини дека не беа веднаш префрлени во право на социјална сигурност за стари лица (СССЛ). ПСССЛ почна од многу низок опфат, од само 70 корисници во мај 2019 година за во септември 2019 година да достигне 7.000 корисници. Исто така, и овој надоместок беше зголемен, односно просечно корисниците што добиваа 5.000 денари ППП, со реформата добиваат 6.000 денари.Сите надоместоци што се остваруваат согласно Законот за социјална заштита и Законот за детска заштита се усогласуваат согласно инфлацијата еднаш годишно.

Покрај промените во Законот за социјална заштита, кои се однесуваат на правата на парична помош, во однос на обемот, видовите, износите и критериумите за остварување на правата, се воведоа измени во класификацијата и видовите на социјални услуги, како и начинот, обемот, процедурите и стандардите за обезбедување на социјалните услуги. Со донесувањето на новиот Закон, воведено е лиценцирање на даватели на услуги, со што се овозможи плурализација и можности за поголема вклученост на невладините организации во обезбедувањето социјални услуги. Исто така, беа направени измени во системот за лиценцирање и континуирана професионална едукација на стручните лица во системот на социјална заштита.

Покрај тоа, се воведе нов пристап што се користи во стручната работа, како што е водењето случај и супервизијата, со што се иницираа измени во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во установите за социјална заштита.

Новитетите во Законот за социјална заштита претставуваат значителен чекор кон исполнување на стратешките цели во доменот на социјалната заштита, особено во однос на правата на паричната помош од социјална заштита и поставување основа за развој на нови социјални услуги, како алтернатива на сместувањето во установи. Со новите видови социјални услуги предвидени во Законот, се создаде основа за олеснување на процесот на деинституционализација, зголемување на обемот, видот и квалитетот на социјалните услуги и обезбедување услови за намалена зависност од институционална заштита.

Воведувањето на мрежата на лиценцирани и овластени даватели на услуги создаде услови за плурализација во обезбедувањето социјални услуги на локално ниво. Одредбите на Законот за социјална заштита се насочени и кон продолжување на процесот на децентрализација особено со воведувањето на општинските и регионалните совети за социјална заштита, како и со воведувањето на грантовите за финансирање социјални услуги на локално/регионално ниво.

Со реформата на системот за социјална заштита во 2019 година, како што е веќе споменато, се донесоа и измени на Законот за заштита на децата, со што се воведе право на образовен додаток за деца што посетуваат основно и средно училиште. Целта на воведувањето на овој паричен надоместок беше да се стимулираат децата редовно да посетуваат настава, да се намали бројот на деца што го напуштаат формалното образование, како и да се подобри успехот, како индиректна цел.

Воведувањето на образовниот додаток следеше по четиригодишно пилотирање на условениот паричен надоместок, кој ги опфаќаше единствено децата што посетуваат средно образование. Придобивките и позитивниот ефект од воведувањето на овој надоместок беа потврдени со истражувања, базично и следствено истражување спроведено од консултанти од универзитетски колеџ во Лондон, Институт за фискални студии, и од Центар за методологија и практики на микроподатоци.

## 4.1.2. Реформа на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст

Во Република Северна Македонија, со системските мерки воспоставен е систем на згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, во функција на раниот детски развој, кој претставува поддршка на целокупниот развој и добросостојбата на детето. Преку системот се овозможуваат услови за поттикнување на развојот на детските способности и капацитети, проширување на искуствата и градењето сознанија за себе, другите луѓе и светот, воспитната функција на семејството, понатамошното воспитување и образование, и вклучување во општествената заедница, развивање на потенцијалот на детето како претпоставка за понатамошен развој на општеството и негов напредок, излегување од кругот на сиромаштијата преку инвестирање во човечкиот капитал, интегрирање во системот на згрижување и воспитание на децата.

Преку системските мерки, исто така, предвидено е почитување на принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, услови за здрав живот и остварување други социјални права и слободи на детето. Во член 32 од Конвенцијата за правата на детето се наведува следното: „Државите потписнички го признаваат правото на детето да биде заштитено од економска експлоатација и од вршење каква било работа која е веројатно дека ќе биде опасна или ќе влијае врз образованието на детето, или ќе биде штетна по здравјето на детето или физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој...“ Милениумските развојни цели повикуваат на заштита на децата од експлоатација. Базирајќи се на овие документи, државата преку системски мерки треба да обезбеди заштита на децата од злоупотреби на детскиот труд во продажба и производство на дроги и други психотропни супстанци, како и искористување на детскиот труд во остварување лична корист.

Во Меѓународната конвенција за правата на детето се наведува дека секое дете има право на име и националност и право на заштита од лишување од неговиот идентитет.

Националното законодавство, односно Законот за заштита на децата во Република Северна Македонија го дефинира раниот детски развој како облик на заштита на децата, кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за

поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години живот, односно до вклучување во основното образование.

Покрај формите на целодневно згрижување на децата во постоечките градинки, се промовираат и кратки форми на опфат, во зависност од потребите, можностите и интересите на локалната заедница, со што се овозможува еднаков пристап до услугите за ран детски развој за сите деца подеднакво.

Податоците на Министерството за труд и социјална политика покажуваат дека 27.589 деца на возраст од 3 до 6 години или 43,76 проценти се вклучени во некоја од формите на предучилишно згрижување и воспитание.

Во последните 4 години проширени се постојните капацитети за 4.751 ново место во установите за згрижување и воспитание на децата. Покрај тоа што во континуитет се обезбедуваат средства за проширување на капацитетите преку буџетот на РСМ, се користат и други средства, со што се адресира надминување на овој предизвик за недоволни инфраструктурни капацитети во установите за згрижување и воспитание.

Во континуитет се работи на унапредување на стандардите и нормативите за исхрана кај децата, која е исклучително важна алка за добросостојбата на децата и нивните постигнувања. Ревидирани се постојните стандарди и нормативите за вршење на дејноста за установите за деца во насока на примена на современ архитектонски дизајн при градба на трошковно и енергетски ефикасни установи за деца, како и креирање на стимулативна средина за развој на децата.

Се спроведуваат континуирани обуки на згрижувачкиот и воспитниот кадар (теоретски, практични и специјализирани обуки за деца со посебни потреби), размена на искуства преку добри пракси и примери од други земји. Се обезбедуваат соодветни материјали за учење (за воспитниот кадар и за децата).

Се работи на унапредување на системот за лиценцирање на згрижувачкиот и воспитниот кадар, стручниот кадар и раководниот кадар.

Со воведување на МЕЛКО инструментот, за првпат во Македонија се овозможува мерење на квалитетот и резултатите од раното учење преку видливи параметри, со што ќе се овозможи подобрување и унапредување на квалитетот на предучилишното образование. Тоа значи дека со овој инструмент ќе се добие јасна слика за вештините со кои се стекнуваат децата во предучилишна возраст, областите што треба да се унапредат и начините на кои програмата влијае врз раното учење и раниот детски развој.

Поголем и правичен пристап за сите деца ќе се обезбеди и преку имплементирање нова формула за финансирање на системот за згрижување и воспитание, со која ќе се овозможи вклучување на децата од ранливите категории, кои во моментот се наоѓаат надвор од системот.

*

Во четвртото поглавје се дава преглед на реформите во Република Северна Македонија, во однос на реформата на паричните надоместоци во системот за социјална и детска сиромаштија, како и во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Анализата и податоците во овој дел нудат согледувања на главните придобивки од реформата, како: овозможен полесен

пристап до детскиот додаток, воведувањето на образовниот додаток, реформиран родителскиот додаток наменет за семејствата што имаат ниски приходи, воведување на МЕЛКО инструментот со кој за првпат на национално ниво се овозможува мерење на квалитетот и резултатите од раното учење преку видливи параметри, со што ќе се овозможи подобрување и унапредување на квалитетот на предучилишното образование.

# ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

# 5. Методологија на истражувањето

## 5.1. Предмет на истражување

Предмет на истражување на докторската теза: „Потреба од иновации во системот за заштита на децата во Република Северна Македонија: перцепции на стручните работници и корисниците“ е да се утврдат, односно да се идентификуваат потребите од иновации во системот за заштита на децата во РСМ.

## 5.2. Дефинирање на клучните поими

*Заштитата на децата* е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард, кој одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата.

*Социјална заштита* претставува комплексен систем на политики, програми и мерки организирани од страна на државата за спречување и надминување на ризиците на кои е изложен граѓанинот, семејството и групите на население во текот на животот (Закон за социјална заштита, пречистен текст 2013).

*Сиромаштијата* е состојба во која недостигаат ресурси, обично материјални, но понекогаш и културни. Вообичаено се прави разлика меѓу апсолутни и релативни димензии на сиромаштијата. Дефинирана со апсолутни термини, сиромаштијата значи состојба во која на индивидуата ѝ недостигаат нужните ресурси за опстанок. Релативните дефиниции упатуваат на индивидуален или групен недостиг од ресурси, во споредба со другите членови на општеството, со други зборови нивниот релативен животен стандард.

*Детската сиромаштија* е состојба на деца што живеат во сиромаштија, тоа се оние што искусиле недостиг од материјални, духовни и емоционални ресурси потребни за опстанок, развој и напредок, со што не биле во можност да ги уживаат своите права, да го остварат целосно својот потенцијал или да учествуваат како целосни и рамноправни членови на општеството.

*Луѓето се карактеризираат како сиромашни*, кога нивниот приход и ресурси се толку несоодветни што ги спречуваат да имаат животен стандард што се смета за прифатлив во општеството во кое живеат. Поради нивната сиромаштија, тие можат да искусат многуслојни непогодности, од типот на невработеност, ниски примања, лошо домување, несоодветна здравствена заштита и бариери за континуирано учење, култура, спорт и рекреација. Тие честопати се

исклучени и маргинализирани од учеството во активности (економски, социјални и културни), кои се норма за другите луѓе и нивниот пристап до основните права може да биде ограничен.

*Семејството* се дефинира како животна заедница на родители и деца, која настанува со раѓање деца или посвојување. Според Законот за социјална заштита (пречистен текст, 2013 година), семејството се дефинира како самец или заедница на маж и жена, на родители и деца и други роднини што живеат со нив и се должни согласно Законот за семејство да се издржуваат.

*Домаќинство* е едночлено домаќинство или заедница на членови на семејството, како и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички живеат, придонесуваат, стопанисуваат и трошат.

*Самохран родител* е родител што сам ги врши родителските права и должности за детето, поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности.

*Социјална исклученост* претставува процес во кој индивидуите не можат да партиципираат во нормалните активности на граѓаните на тоа општество, иако би сакале, но тоа им го оневозможуваат факторите надвор од нивна контрола (Burchard, Le Grand and Piachaud, 1999).

Според Аткинсон и Хилс (1998), одлики на социјалното исклучување, кои го карактеризираат поширокиот општествен контекст, во кој се појавува и одржува социјалната исклученост, се:

- Релативност - социјалната исклученост е појава на општествените врски, а не на околностите на поединецот;
- Индивидуална акција - социјалната исклученост, како резултат на постапките на оние што ги исклучуваат другите;
- Динамика - социјалната исклученост е резултат на искуството со текот на времето и може да се пренесува од генерација на генерација.

*Социјално исклучување* е процес во кој одредени поединци се истиснати до работ на општеството и се спречени целосно да учествуваат поради нивната сиромаштија или недостигот од основни капацитети и можности за континуирано учење или како резултат на дискриминација. Тоа ги оддалечува од работа, приход и од можности за образование, како и од мрежите и активностите во општеството и во заедницата.

*Ран детски развој* претставува исклучително брз период на развој во текот на човечкиот живот. Годините од раѓањето до осумгодишна возраст се критични за комплетирање здрав когнитивен, емоционален и физички раст и развој на детето.

*Детска благосостојба* се однесува на физичкото здравје, развојот и безбедноста, психосоцијален и емоционален развој, социјален развој и однесување, како и когнитивен развој и образовни достигнувања.

*Иновација* може да се дефинира како создавање и/или усвојување нови идеи и практики за подобрување на организациските исходи (Боринс, 2006). Иновациите што се имплементирани во јавниот сектор, често се иновации што го одржуваат подобрувањето на постојните услуги, наместо нарушувачки иновации, оние што ја преобликуваат целосната слика. На институциите за заштита на децата им се потребни двата вида иновации за да ги подобрат услугите за децата и семејствата (Делоит, 2012).

## 5.3. Цели на истражувањето

*Научна цел* на докторската теза „Потреба од иновации во системот за заштита на децата во Република Северна Македонија: перцепции на стручните работници и корисниците" е да се добијат сознанија за потребите од иновации во системот за заштита на децата, односно кои се перцепциите на стручните работници и корисниците за унапредување на системот.

*Задачи* на ова истражување се:

- Да се утврдат пречките во остварување на паричните надоместоци што се дефинирани во Законот за заштита на децата;
- Да се утврдат пречките во остварување на услугите за деца;
- Да се утврди потребата од интервенција во раниот детски развој.

*Практичната цел* на оваа студија е резултатите да послужат како насоки за креирање политика заснована на докази, како и воведување нови програми или унапредување на постоечките.

### 5.3.1. Образложение на работните хипотези и тези

#### 5.3.1.1. Главна хипотеза

Иновациите на правата и услугите во системот на детска заштита ќе придонесат за подобрување на опфатот, како и нивното влијание врз детската благосостојба.

#### 5.3.1.2. Формулација на посебни хипотези

- Промената на критериумите за пристап и висината на правата на парична помош од детска заштита ќе го подобри опфатот на децата што живеат во пониско приходни домаќинства, што може да влијае врз намалувањето на стапката на сиромаштија (вкупна и посебно на стапката на детска сиромаштија).
- Постоечките услуги за згрижување и воспитание на деца не соодветствуваат на перцепциите на стручните работници и родителите за нивната форма и обем.
- Идентификуваните потреби за иновации се разликуваат кај стручните работници и корисниците.
- Промената на видот и обемот на услугите за згрижување и воспитание може да

влијае врз подобрувањето на детската благосостојба.

## 5.4. Научни методи што ќе се применуваат

Во студијата ќе се користи квалитативен и квантитативен методолошки пристап. Од методолошка гледна точка, истражувањето има дескриптивен и експликативен карактер. Овој труд ќе претставува научна студија, во која со помош на перцепциите и сознанијата на стручните работници и корисници ќе се идентификува каде и на кој начин ќе се унапреди системот за заштита на децата во РС Македонија.

Покрај теоретските истражувања, ќе се применува и *аналитичкиот метод*, *методот на дедукција* и општите методи, како претставувањето примарни и секундарни анализи, односно анализа на податоци од теренското истражување и секундарни податоци релевантни за основното истражување.

Од методите на истражување ќе се применува *методот на опсервација* на постоечки податоци, истражувања, книги, списанија, публикации, интернет-содржини и сл. Притоа ќе се анализира домашна и странска литература, секундарни извори на податоци и статистички показатели.

Во текот на изработката на трудот ќе се применуваат и други методолошки постапки, кои резултираат со теоретски и со практични сознанија.

*Техники*

Во оваа студија, покрај анализата на содржина, како техника на прибирање податоци, ќе се користи теренско истражување, со што ќе дадеме објективен, систематски и квалитативен опис на добиените податоци. Теренското истражување ќе се спроведе со три видови структуриран прашалник. Видот на прашалникот ќе биде соодветен на целната група на истражувањето (Анекс 1).

## 5.5. Очекуван научен придонес

Оваа студија ќе даде голем научен придонес бидејќи мислењето и ставовите на стручните работници и корисниците, во однос на потребата од иновации во системот на заштита на децата, досега не е предмет на ниту едно истражување.
Податоците од емпириското истражување ќе придонесат за идентификација на недостатоците во системот, како и можни области за интервенција, кои ќе доведат до унапредување на системот за заштита на децата во Република Македонија.

## 5.6. Примена на резултатите од истражувањето

Добиените резултати можат да се искористат за унапредување на системот за детска заштита, односно воспоставување систем, во кој ќе се надминат идентификуваните пропусти и недостатоци во остварувањето на правата и обезбедувањето услуги.

# 6. Резултати од емпириско истражување

Во ова поглавје презентирани се резултатите од емпирискoто истражување со елаборирање на резултатите добиени со спроведената анкета на три групи испитаници со дистрибуција на 3 структурирани прашалници.
Првиот прашалник беше доставен до стручни работници во центрите за социјална работа и установи за деца. Вториот прашалник беше доставен до корисници на права од Законот за заштита на децата. Додека третиот прашалник беше доставен до корисници на услуги во установи за деца.

Првиот структуриран прашалник беше спроведен со 44 стручни работници, од кои 30 стручни работници од 6 центри за социјална работа (Велес, Прилеп, Берово, Тетово, Свети Николе и Скопје) и 14 стручни работници од установи за деца од 7 општини (Центар, Аеродром, Бутел, Карпош, Прилеп, Крушево и Охрид). Согласно полот, најголемиот број од вкупниот број испитаници (38) се жени (24 од ЦСР и 14 од установи за деца), а другите 6 се мажи (сите од ЦСР).
Согласно возраста, најголемиот број испитаници од ЦСР е во возрасната група од 35 до 44 години, а од испитаниците од установите за деца, најголемиот број се од возрасната група од 45 до 54 години. Од аспект на брачниот статус, најголемиот број интервјуирани лица од двете институции се во брак (33). Согласно степенот на образование, 36 испитаници се со високо, 8 со повисоко од високо образование (постдипломски студии). Од вкупниот број стручни работници, 41 испитаник се од македонска етничка припадност, а 3 се од албанска етничка припадност. Од аспект на средината во која живеат, сите стручни работници од установите за деца се од урбана средина (град). Од вработените во ЦСР, 27 (90%) се од урбана средина (град), а другите 3 (10%) се од рурална средина (село). Во однос на работниот статус на анкетираните лица, сите стручни работници од ЦСР и од установите за деца се вработени. Во однос на професијата на анкетираните лица, сите стручни работници од ЦСР се социјални работници. Во установите за деца, анкетирани беа 6 воспитувачи, 4 стручни работници - социјални работници, 3 стручни работници - педагози и 1 негувателка.

Вториот структуриран прашалник беше спроведен со 90 корисници на одредени права од Законот за заштита на децата, по 15 од Велес, Прилеп, Берово, Тетово, Скопје и Свети Николе. Согласно местото на живеење, 53 се од урбана средина - град, а 37 се од рурална средина - село. Најголемиот број од испитаниците (53) се Македонци, а од другите, 20 се Албанци, 8 Турци, 8 Роми и 1 е од бошњачката етничка припадност. Според степенот на завршено образование, најголемиот број испитаници се со завршено средно образование (48), а најмалку (6) се со завршено високо образование. Од другите, 23 се со основно образование, и 13 се без образование или незавршено основно образование. Согласно работното место (за интервјуираното лице и неговиот брачен/вонбрачен партнер), податоците се различни. Најчест работен статус кај едниот брачен партнер е самовработен со флексибилно работно време, а кај другиот е невработен. Согласно бројот на лица што живеат во домаќинството, 26 домаќинства се со 4 члена, 18 со 5 члена, 17 со 3 члена, 11 со 6 члена, 9 со 2 члена и 5 со 7 члена. Во 4 домаќинства има по 10

члена. Според брачниот статус, најголемиот број испитаници се во брак (65), 18 се разведени, 5 се вдовец/вдовица и двајца испитаници не се во брак.

Третиот структуриран прашалник беше спроведен со 42 родители на деца - корисници на услуги во установи за деца. Испитаниците беа од 7 општини, и тоа: 4 испитаници од Центар, 13 од Аеродром, 1 од Бутел, 7 од Карпош, 6 од Прилеп, 3 од Крушево и 8 испитаници од Општина Охрид. Сите се од урбана средина и од македонска етничка припадност. Според степенот на образование, 34 (81%) се со завршено високо образование, а 8 (19%) се со завршено средно образование. Во однос на работниот статус на обата родитела во домаќинството, најголемиот процент се во редовен работен однос (95%) и сите се во брачна заедница. Од вкупниот број испитаници, 12 (28,6%) имаат деца на возраст од 0 до 3 години, а 30 (71,4%) имаат деца на возраст од 3 до 6 години. Независно од возраста на децата, сите ја користат услугата за згрижување деца во јавна - државна детска градинка.

## 6.1. Резултати од истражувањето со стручни работници во ЦСР и установи за деца

За потребите на докторскиот труд беше спроведен структуриран прашалник со 44 стручни работници, од кои, 30 стручни работници од 6 центри за социјална работа (Велес, Прилеп, Берово, Тетово, Свети Николе и Скопје) и 14 стручни работници од установи за деца од 7 општини (Центар, Аеродром, Бутел, Карпош, Прилеп, Крушево и Охрид).

Согласно полот, најголемиот број од вкупниот број испитаници се жени (38). Графикон 1

**Графикон 1. Испитаници по пол (стручни работници)**




Распределбата на испитаниците по пол и по институции е прикажана во табела 1.

**Табела 1. – Број на испитаници по пол и по институции**

| | ЦСР | УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| машко | 6 | / | **6** |
| женско | 24 | 14 | **38** |
| Вкупно | **30** | **14** | **44** |

Согласно возраста, најголемиот број испитаници од ЦСР е во возрасната група од 35 до 44 години, а од испитаниците од установите за деца, најголемиот број се од возрасната група од 45 до 54 години. Подетална распределба на

испитаниците од двете институции по возрасни групи е прикажана во табела 2.

**Табела 2. Возрасни групи на испитаници (стручни работници) по институции**

| | ЦСР | УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| 18 - 24 | / | / | / |
| 25 – 34 | 7 | 2 | **9** |
| 35 – 44 | 13 | 5 | **18** |
| 45 – 54 | 10 | 7 | **17** |
| 55+ | / | / | / |
| Вкупно | **30** | **14** | **44** |

Гледано по брачен статус, најголемиот број интервјуирани лица од двете институции се во брак (75%). Во табела 3 е прикажан брачниот статус на стручните работници од двете институции.

**Табела 3. Брачен статус на испитаници (стручни работници) по институции**

| | ЦСР | УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| немажена/неженет | 9 | / | **9** |
| женет/мажена | 19 | 14 | **33** |
| разведен/а | / | / | / |
| вдовец/вдовица | 2 | / | **2** |
| живее во заедница | / | / | / |
| Вкупно | **30** | **14** | **44** |

Согласно **степенот на образование**, сите испитаници се со високо, или со повисоко од високо образование. Од ЦСР, 63,6 проценти од испитаниците се со високо образование, додека само 4,5 проценти имаат завршено постдипломски студии. Од установите за деца, 18 проценти се со високо образование, додека 13,6 проценти имаат завршено постдипломски студии.

Согласно **етничката припадност**, 91,3 проценти од испитаниците се од македонска етничка припадност (27 од ЦСР и сите (14) од установи за деца. Тројца испитаници или 6,8 проценти од ЦСР се од албанска етничка припадност.

Од аспект на **средината во која живеат**, сите стручни работници од установите за деца се од урбана средина (град). Од вработените во ЦСР, 90 проценти се од урбана средина (град), а другите 10 проценти се од рурална средина (село).

Во однос на **работниот статус** на анкетираните лица, сите стручни работници од ЦСР и од установите за деца се вработени.

Во однос на **професијата** на анкетираните лица, сите стручни работници од ЦСР се социјални работници. Во установите за деца, анкетирани беа 6 воспитувачи, 4 стручни работници - социјални работници, 3 стручни работници - педагози и 1 негователка.

За потребите на истражувањето, стручните работници од ЦСР и од установите за деца дадоа одговори за своите перцепции за иновациите во системот на заштита на децата и предлози за унапредување на дејноста.

Првото прашање се однесуваше на нивните мислења дали промената на критериумите за пристап и висината на правата на парична помош од областа на детската заштита (по законските измени од 2019 година) го подобриле опфатот на децата од домаќинствата со пониски приходи. Од вкупно 44 испитаници, само 6,8 проценти одговорија негативно на ова прашање, бидејќи сметаат дека средствата што се доделуваат се многу ниски, а инфлацијата е многу висока. Останатите 93,2 проценти испитаници имаа позитивен одговор. Тие потврдија дека со воведувањето нови парични права, како и изменети критериуми за пристап е подобрен опфатот на деца од домаќинства со пониски приходи. Пренесуваме дел од нивните изјави:

„*Промените се добри, овозможија опфат на трочлени, четиричлени и петчлени семејства со пониски приход*“ - стручен работник од ЦСР.

„*Подобар е опфатот на децата од домаќинства со пониски приходи, добро е што се дава материјална поддршка за издржување и соодветна грижа*“ - стручен работник од установа за деца.

Понатаму, испитаниците беа прашани дали промената на критериумите за пристап и висината на правата на парична помош од областа на детската заштита (по законските измени од 2019 година) влијаела врз намалувањето на стапката на сиромаштија (вкупна и детска сиромаштија). Мислењата за ова прашање беа поделени. Половина од испитаниците сметаа дека промените во системот на детската заштита не влијаеја врз намалувањето ниту на вкупната, ниту на детската сиромаштија. Некои изјави во таа насока:

„*Сиромаштијата е феномен, таа не се намали, туку се зголеми поради високата инфлација и екстремно ниските примања*“ - стручен работник од ЦСР.

„*Не, не се намали сиромаштијата. Цените вртоглаво растат, а и бројот на децата што примаат помош е далеку помал од оние на кои реално им е потребно*“ - стручен работник од установа за деца.

Другата половина од испитаниците, сепак, изјави дека смета дека

промените во системот на детската заштита влијаеја врз намалувањето на вкупната и на детската сиромаштија. Дел од нивните изјави се во прилог:

„*Сега, социјално загрозените семејства остваруваат повеќе права од детска заштита, а со тоа имаат поголеми финансии, кои можат да ги искористат за задоволување на семејните потреби“* - стручен работник од ЦСР.

„*Со новите законски измени опфатени се и децата од основното образование, а тоа придонесува да се намали стапката на сиромаштија и да се зголеми мотивацијата за вклучување на децата што потекнуваат од посиромашни семејства во процесот на образование*“ - стручен работник од установа за деца.

И покрај големата реформа во системот на детската заштита во 2019 година, сите испитаници беа согласни дека се потребни и некои други иновации во системот на заштита на децата. За поголема прегледност, прикажуваме дел од нивните предлози и размислувања:

„*Засега секое право се остварува со поднесување посебно барање за конкретното право. Честопати од страна на подносителите има реакции и за нив претставува дополнително оптоварување поднесувањето поединечни барања. Потребно е унапредување на системот и со едно барање да се донесе едно решение, во кое би се вклучиле сите права што би му следеле на едно домаќинство, секако со меѓусебна соработка и поврзаност со сите образовни институции, односно училишта од каде што ќе се собираат потребните информации*“ - стручен работник од ЦСР.

„*Да се стави акцент врз поголема заштита и поддршка на децата што потекнуваат од еднородителски семејства, конкретно децата со починат родител, децата со исчезнат родител и оние деца со непризнато татковство*“ - стручен работник од ЦСР.

„*Потребни се иновации во однос на здравствените потреби за децата со попреченост или децата со пречки во развојот, финансиска поддршка и дополнителни услуги за потребните услуги за родителите или поблиското семејство*“ - стручен работник од ЦСР.

„*Добро би било да се организираат едукативни семинари за родители и деца од сите социјални средини*“ - стручен работник од ЦСР.

„*Отворање дневни центри за ученици од семејства со ниски приходи, каде што децата би можеле да користат компјутери, печатачи и други работи, бидејќи најчесто дома немаат печатачи за да ја доставaат домашната задача (која најчесто не е задолжителна, но оние што носат се пофалувани и наградувани) и се чувствуваат помалку вредни. Исто така, многу често се случува родителите да немаат доволно познавања и не можат да им помогнат во домашните задачи или да платат тоа да го стори друг наставник*“ - стручен

работник од установа за деца.

„*Следење на психофизичкото здравје кај децата од сиромашни семејства, децата што не добиваат доволно внимание од родител од која било причина*" - стручен работник од установа за деца.

„*Да се зголемат капацитетите во градинките и да се воведе задолжително предучилишно згрижување на децата (да нема листа на чекање на деца за згрижување во градинки)*" - стручен работник од установа за деца.

„*Да се внесе скалесто формирање цени на услугите и да се внесат повеќе категории за целосно ослободување од плаќање според примањата на родителите*" - стручен работник од установа за деца.

„*Државата комплетно да ги преземе трошоците за ранливите категории, да им овозможи компјутери за секое дете, материјали за работа, хигиенски материјали, како и екскурзии, патувања, одмор во детски одморалишта, посета на културни институции со организиран превоз*" - стручен работник од установа за деца.

За потребите на истражувањето, испитаниците беа прашани за своето мислење за тоа дали видот и обемот на услугите за ран детски развој во Република Северна Македонија можат да влијаат врз подобрувањето на детската благосостојба, во насока на унапредување на физичкото здравје на децата, развојот и безбедноста на децата, психо-социјалниот и емоционалниот развој на децата, социјалниот развој и однесувањето на децата, како и за когнитивниот развој и образовните достигнувања на децата. Испитаниците изразија позитивно мислење во однос на сите области.

Во однос на физичкото здравје, беше напоменато дека видот и обемот на услугите за ран детски развој овозможуваат подобрување на моториката на децата, развој на физички вештини и способности, координација преку игри и танци. Преку предвидени спортско-рекреативни активности на отворено се следи нивниот развој и се развива социјална кохезија. Посебно беше истакнато значењето и на програмите за разновидна исхрана на децата. Проследуваме дел од изјавите:

„*Услугите во предучилишните установи и центри за ран детски развој се многу унапредени со тоа што се зајакнати компетенциите на воспитувачите во повеќе домени. Посебно за физичкото здравје, сметам дека децата имаат голем бенефит со ставањето на вежбите за истегнување и раздвижување на телото во дневната рутина*" - стручен работник од установа за деца.

„*Максимално да се користи воспитно-образовната работа со децата во насока на реализирање на активности на отворено и МТСП да поттикнува и помага во креирање стимулативни средини за учење во дворовите на градинките*" - стручен работник од установа за деца.

Во однос на развојот и безбедноста на децата, беше споменато дека видот и обемот на услугите за ран детски развој овозможуваат децата од најмала возраст да се учат на некои правила и норми на однесување што им се потребни и им ја зголемуваат безбедноста и снаоѓањето во одредени ситуации надвор од детските градинки. Исто така, беше напоменато дека безбедноста се учи низ играта и дружењето со врсниците, преку давање совети и инструкции од возрасните со очекувања, децата да стекнуваат навики и вештини за саморегулација, самоконтрола, грижа за себе и за околината околу себе. Издвојуваме дел од изјавите и на испитаниците:

„*Со реализирањето на програмата за работа на установата за ран детски развој, децата се здобиваат со нови вештини преку кои можат да препознаат штетни и опасни ситуации, која, исто така, вклучува и активности за континуиран напредок во развојот на децата*" - стручен работник од ЦСР.

„*Преку организирани игри и активности со симулации, детето од најрани години учи како да реагира во одредени ситуации за да се заштити себе, истовремено преку улогата на воспитувачот добива чувство на заштита и сигурност од авторитет на возрасна личност*" - стручен работник од установа за деца.

Испитаниците потврдија и дека видот и обемот на услугите за ран детски развој овозможуваат и психо-социјален и емоционален развој на децата. Во насока на тоа беа размислувањата дека учењето за учество и припаѓање кон одредена група уште од најмала возраст кај детето создава емоционална приврзаност и влијае врз емоционалниот развој на детето, а преку игрите, како индивидуални, така и групни со други деца од иста или од приближна возраст се постигнува развој на психосоцијален план. Секоја интеракција, поврзување и игра, колку и да е мала, може да го стимулира развојот на мозокот кај децата и да го унапреди нивното здравје и благосостојба. Од нивните изјави за ова, издвојуваме неколку:

„*Важна е поддршката за позитивно родителство, како суштинска компонента за ран развој на децата. Секое искуство на детето влијае врз развојот на мозокот и го обликува начинот на кој ќе мисли, ќе чувствува, ќе се однесува и ќе учи во текот на целиот живот. Треба да се даде поддршка на родителите во подигнувањето успешни деца полни со самодоверба и почит*" - стручен работник од установа за деца.

„*Децата што престојувале во градинка, полесно се приспособуваат на нова средина и со нетрпение им се придружуваат на своите врсници, едвај забележувајќи дека родителите си заминуваат. Овие деца покажуваат поголема сигурност, помала вознемиреност за одвојување и поголема подготвеност на крајот да влезат во училиште*" - стручен работник од установа за деца.

„*Преку предвидените активности со програмата за социјална кохезија, се работи на унапредување на целокупниот развој на децата, им се надградува самодовербата, се стекнуваат со вештини за препознавање на емоциите кај себе*

*и кај другите луѓе итн. Преку програмата, децата се стекнуваат со вештини како да изградат поголема самодоверба, разликување и правилна употреба на своите емоции, т.е. постепено созревање на личноста*" - стручен работник од ЦСР.

Исто така, испитаниците беа согласни дека видот и обемот на услугите за ран детски развој влијаат и врз социјалниот развој и однесувањето на децата. Беше посочено дека вклучувањето на децата во организиран престој во детски установи овозможува развој во сите сфери, кои од најрана возраст се стимулираат паралелно. Со самото тоа што децата се вклучени во установа за ран детски развој, тие се здобиваат со социјални вештини преку кои стапуваат во интеракција со своите врсници и возрасни лица, и се стекнуваат со вештини преку кои се насочуваат на правилно однесување. Испитаниците напоменаа дека преку низа активности, децата се мотивираат на соработка со воспитувачот и другарчињата во групата, учат да работат со другите, да обрнуваат внимание во занималната и да развиваат други вештини, кои се основа за формално учење и социјална интеракција. Пренесуваме дел од нивните изјави:

„*Децата се здобиваат со социјални вештини преку интеракција со деца и возрасни, ги учат сличностите и разликите кај луѓето. Треба да се организираат настани за другарување со деца и возрасни и надвор од институцијата во која престојуваат, за да разменуваат искуства, знаења и практични примери*" - стручен работник од установа за деца.

„*Децата што биле вклучени од најмала возраст во предучилишните установи, подоцна, со почнувањето на воспитно-образовниот процес имаат подобра и поуспешна социјализација бидејќи доаѓаат подготвени, со усвоени одредени знаења и вештини. Покрај тоа, нивните родители имаат можност за добивање одредени информации и споделување искуства меѓу себе*" - стручен работник од ЦСР.

Во однос на нивното мислење за тоа дали видот и обемот на услугите за ран детски развој во Република Северна Македонија можат да влијаат врз подобрувањето на детската благосостојба, во насока на унапредување на когнитивниот развој и образовните достигнувања на децата, испитаниците изразија позитивно мислење. Тие го потврдија тоа со фактите дека детето учи правилно да зборува, правилно да одржува хигиена, ги учи првите норми и правила на однесување, кои подоцна овозможуваат полесна адаптација и подлога за понатамошен образовен развој. Децата когнитивно се развиваат преку активности со истражување, откривање, презентирање, помнење, имагинација, класифицирање и друго. Програмата за ран детски развој опфаќа зголемување на интелектуалните и менталните способности на децата, тие учат нови поими и подобро да се изразуваат. Во таа насока, издвојуваме некои изјави:

„*Престојот во градинка или во центар за ран детски развој им овозможува на децата од предучилишна возраст, на возраст од 3 до 4 години, да развијат свои прашања за светот околу нив и како тој функционира. Овие активности му помагаат на детскиот мозок да развие и да разбере посложени*

*мисли и процеси, како што се зголемува возраста на детето*" - стручен работник од установа за деца.

„*Треба да се поттикнуваат сите државни институции да вложуваат средства за формирање истражувачки центри за учење, како и да се имплементираат и да се следат новини и иновации по примерот на високоразвиените земји (Конструктивизам или учење преку игра, Монтесори активности, НТЦ учење итн.)*" - стручен работник од установа за деца.

„*Поради значењето на раниот детски развој за когнитивниот и емоционалниот развој на децата, како и за стекнување вештини неопходни за тие да напредуваат во животот, треба да се зголемат знаењата и капацитетите на кадарот што работи во установите за деца од предучилишна возраст, во образовните установи, но и во установите за деца без родителска грижа, односно надградување на компетенциите на згрижувачките семејства и станбените единици*" - стручен работник од ЦСР.

Интервјуираните лица беа прашани и за своето мислење (перцепции) за постоечките услуги за ран детски развој во две насоки, содржините на кратките и долгите програми (во градинките и во центрите за ран детски развој) и обемот на достапните услуги (број на опфатени деца во градинките и во центрите за ран детски развој).

Во однос на содржините на кратките и долгите програми во градинките и во центрите за ран детски развој, шест од интервјуираните стручни работници од ЦСР изјавија дека не се детално запознаени. Еден стручен работник изјави дека инвестирањето во раниот детски развој во РСМ е сѐ уште на многу ниско ниво и дека е потребно зголемување на квалитетот на иницијалната обука на воспитувачите и стручните соработници. Другите 23 изјавија дека содржините се соодветни, прилагодени на возраста на децата, како и дека во нив се обезбедени предуслови за исполнување на детските права. Тоа особено се однесува на содржините на кратките програми. Издвојуваме неколку изјави на стручни работници во таа насока:

„*Според мене, кратките програми во центрите за ран детски развој и во детските градинки имаат подобар ефект бидејќи децата што за првпат се одвојуваат од своето семејство, односно родители, имаат потреба од определен период за нивна адаптација и прилагодување на новите услови. Имаат помала способност да го насочат и да го задржат вниманието подолго време*" - стручен работник од ЦСР.

„*Сметам дека во детските градинки, поприлагодливи се содржините на пократките програми, со оглед на бројот на деца што се во една група, заради задржување на вниманието, а за центрите за ран детски развој, содржините се атрактивни*"- стручен работник од ЦСР.

„*Кратките предучилишните програми обезбедуваат грижа и едукација за*

*децата пред да влезат во училиште. Тие се структурирани програми со повторливи активности, чија содржина е базична за поддршка и зајакнување на учењето и развојот на децата во понатамошниот образовен процес*" - стручен работник од ЦСР.

Од друга страна, сите интервјуирани стручни работници од установите за деца истакнаа дека содржините на кратките и долгите програми во градинките и центрите за ран детски развој се внимателно избрани и се во корелација со програмата за ран детски развој и потребите на децата. Сепак, се напомена дека е потребно ревидирање на некои сегменти и воведување новитети, релевантни за времето во кое се воспитуваат децата. Издвојуваме неколку изјави на стручни работници:

„*Мислам дека содржините на програмите што се спроведуваат во градинките го опфаќаат и го унапредуваат целокупниот развој и благосостојба на предучилишното дете. Според мене, содржините на кратките и долгите програми се добро конструирани за рано учење и развој на децата од најмала возраст до поаѓање во училиште. Тие ги опфаќаат сите домени на развој: физичко здравје и моторен развој, социо-емоционален развој, развој на пристап кон учење, комуникација, когнитивен развој*" - стручен работник од установа за деца.

„*Кратките програми треба да важат за деца на возраст од 4 до 6 години. Содржините да бидат насочени кон Програмата за рано учење и развој, а долгите програми да се ограничат на 8 часа, колку што е прифатен просекот на бројот на работни часови за работоспособното население во државата. Секое подолго останување од 8 часа повлекува последици во детскиот развој поради лишеност од родителско и семејно присуство на детето. Содржините да бидат нега и грижа и воспитно-образовна работа за деца до 4 години, а од 4 до 6 само воспитна работа по теркот на целодневна настава*" - стручен работник од установа за деца.

„*Во центрите за ран детски развој потребно е да има кратки програми како до сега (4 часовни), да се добро опремени со дидактички материјали, да има кадар што ќе работи со децата, а не да е вработен само воспитувач, да се поттикнува и едукативниот дел на родителите и децата, како и овозможување и вклучување на децата во сите културни манифестации. Воедно да имаат и организиран превоз до местото каде што се посетува центарот*" - стручен работник од установа за деца.

Во однос на обемот на достапните услуги (број на опфатени деца), шесте интервјуирани стручни работници од ЦСР, кои изјавија дека не се детално запознаени со содржините на кратките и долгите програми во градинките и во центрите за ран детски развој, не дадоа одговор ни на ова прашање. Другите беа согласни дека е неопходно зголемување на капацитетите во градинките и во центрите за ран детски развој, со цел да се опфати поголем број деца на предучилишна возраст. Истовремено, беа дадени и одредени коментари и во однос на условите за користење на услугите. Пренесуваме дел од коментарите.

„*Според мене, достапноста на услугите во детските градинки се во корист повеќе на семејствата во кои двајцата родители се вработени, додека, пак, семејствата во кои едниот родител е вработен имаат помала достапност. Децата, пак, што потекнуваат од семејствата на ранливи групи имаат достапност преку одредени проекти, меѓутоа мислам дека заинтересираноста кај нив е намалена*“ - стручен работник од ЦСР.

„*Во детските градинки недостасува капацитет за прифаќање на сите деца што се заинтересирани да бидат вклучени, и се ограничува само на двајца вработени родители, а Центарот за ран детски развој е приватен и работи исклучиво со деца со тешкотии во кој било сегмент*“ - стручен работник од ЦСР.

„*Градинките ги посетуваат само оние родители што можат да го платат престојот, т.е. голем број родители од ранливите категории, кои имаат потреба од згрижување на детето во одреден временски период од денот, не можат да го сторат тоа поради недостиг од финансиски средства и тие се принудени да го остават детето кај блиски роднини или соседи*“ - стручен работник од ЦСР.

Исто како стручните работници од ЦСР, и стручните работници од установите за деца што учествуваа во истражувањето беа согласни дека е неопходно зголемување на обемот на достапните услуги (број на опфатени деца). Во таа насока пренесуваме дел од нивните изјави:

„*За жал, услугите не се достапни за сите деца, па така некогаш листата на чекање за место во градинка е еднаква на бројот на деца што одат во градинка. Потребно е да се зголемат капацитетите во градинките и во центрите за ран детски развој. Можеби добра идеја би била државата да субвенционира и да помага отворање приватни градинки. Така родителите/ старателите би имале можност да изберат според своите потреби и желби*“ - стручен работник од установа за деца.

„*Според мене, сè уште постои потреба од зголемување на капацитетите за згрижување деца, иако споредено со секоја претходна година постои зголемување на бројот на опфатени деца во градинките*“ - стручен работник од установа за деца.

„*Во установата во која сум вработена, и покрај максималниот број запишани деца, постои дефицит на места за упис на деца*“ - стручен работник од установа за деца.

## 6.2. Резултати од истражување на корисници на права од Законот за заштита на децата

За потребите на истражувањето беа интервјуирани 90 корисници на одредени права од Законот за заштита на децата, по 15 од Велес, Прилеп, Берово, Тетово, Скопје и од Свети Николе. Согласно местото на живеење, 53 се од урбаната средина - град, а 37 се од рурална средина - село (графикон 2).

***Графикон 2. Место на живеење на корисници на права од Закон за детска заштита***




Според етничката припадност, најголемиот број од нив се Македонци (58,8%). Застапеноста на другите испитаници по етничка припадност се прикажани во графикон 3.

***Графикон 3. Етничка припадност на корисници на права од Закон за детска заштита***



Според степеност на завршено образование, најголемиот број на испитаници се со завршено средно образование (53,3%), а најмалку (6,6%) се со завршено високо образование. Вкупниот број испитаници по степен на завршено образование се прикажани во графикон 4.

***Графикон 4. Степен на завршено образование на корисници на права од Закон за детска заштита***




Интервјуираните лица беа прашани и за нивниот работен статус, при што интервјуираното лице одговараше и за другиот родител. Одговорите се дадени во табела 4.

**Табела 4. Работен статус**

| **работен статус** | **мајка** | **татко** |
|---|---|---|
| редовен работен однос | 14 | 14 |
| работен однос со скратено работно време | 2 | 2 |
| работен однос во смени | 1 | 3 |
| самовработен со флексибилно работно време | 72 | 1 |
| студент | / | / |
| невработен | / | 67 |
| друго | / | 3 |

Согласно бројот на лица што живеат во домаќинството, 28,8 проценти од домаќинствата се со 4 члена, 20 проценти со 5 члена, 18,8 проценти со 3 члена, 12,2 проценти со 6 члена, 10 проценти со 2 члена, 5,5 проценти со 7 члена. Кај 4,4 проценти од домаќинствата има по 10 члена. Бројот на деца во домаќинствата е прикажан во табела 5.

**Табела 5. Број на деца во домаќинствата**

| број на деца | број на домаќинства |
|---|---|
| 1 | 15 |
| 2 | 32 |
| 3 | 21 |
| 4 | 16 |
| 5 | 6 |
| **Вкупно** | **90** |

Според брачниот статус, најголемиот број испитаници се во брак (72,2%). Брачниот статус на вкупниот број испитаници е прикажан во графикон 5.

**Графикон 5. Брачен статус на испитаници**




Од вкупниот број испитаници, 25,5 проценти се самохрани родители (графикон 6).

**Графикон 6. Испитаници - самохрани родители**




Во однос на правата од Законот за заштита на децата, од вкупниот број испитаници, 35,6 проценти не користеле ниту едно право, а 64,4 проценти користеле одредено право, и тоа: детски додаток 28,8 проценти, родителски додаток за трето дете 25,5 проценти, посебен додаток 10 проценти.

По измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата во 2019 година, кај испитаниците настанале одредени измени во користењето на правата. Имено, 20 проценти од испитаниците продолжиле да го користат истото право во ист износ, а 30 проценти продолжиле да го користат истото право, но во зголемен износ. Покрај постоечкото, со ново право/права се стекнале 27,7 проценти од испитаниците. Од нив, 10 проценти се стекнале со правата на детски и образовен додаток, 7,7 проценти со образовен додаток, 6,6 проценти со детски додаток, 2,2 проценти со посебен додаток и 1,1 проценти од испитаниците се стекнале со правото на надоместок на плата со скратено работно време. Од испитаниците што порано не користеле ниту едно право, 20 проценти се стекнале со ново право или права. Од нив, 10 проценти од испитаниците се стекнале со правата на детски и образовен додаток, 7,7 проценти со детски и 2,2 проценти со образовен додаток. Со измените и дополнувања на Законот за заштита на децата во 2019 година, двајца испитаници го изгубиле постоечкото право.

Во контекст на измените, испитаниците беа прашани дали по измените на Законот за заштита на децата во 2019 година се зголемија приходите во нивното домаќинство. Високи 68,9 проценти од испитаниците одговориле потврдно (графикон 7).

**Графикон 7. Зголемени приходи во домаќинство**




За потребите на истражувањето, испитаниците беа прашани дали сметаат дека се потребни некои иновации во системот на заштита на децата. Двајца испитаници немаа одговор на ова прашање, а 32,2 проценти сметаа дека системот на заштита на децата е добар. Сепак, најголемиот број, односно 65,5 проценти од испитаниците сметаа дека се потребни одредени иновации. Нивните предлози за унапредување на системот на заштита на децата се однесуваа на:

- поголеми износи на сите парични бенефиции;
- поголеми износи за децата од многудетни семејства и децата од еднородителски семејства;
- воведување образовен додаток за деца - студенти;
- дополнителни стимулации за деца со натпросечни резултати;
- воведување дополнителни права за деца со посебни потреби;
- отстранување на материјалниот ценсус, како критериум за остварување на одредено право.

## 6.3. Резултати од истражување на корисници на услуги во установи за деца

За потребите на истражувањето беше спроведен структуриран прашалник со 42 родители на деца - корисници на услуги во установи за деца. Испитаниците беа од 7 општини, и тоа: 9,5 проценти од испитаниците од Центар, 30,9 проценти од Аеродром, 2,3 проценти од Бутел, 16,6 проценти од Карпош, 14,2 проценти од Прилеп, 7,1 проценти од Крушево и 19 проценти од испитаниците од Општина Охрид. Сите се од урбана средина и од македонска етничка припадност. Според степенот на образование, 81 процент се со завршено високо образование, додека 19 проценти се со завршено средно образование. Во однос на работниот статус на обата родители во домаќинството, најголемиот процент се во редовен работен однос (95%). Во статистички незначителни проценти, родителите се самовработени со флексибилно работно време, или работат во смени. Сите се во брачна заедница. Во табела 6 се прикажани нивните домаќинства според бројот на деца.

**Табела 6. Број на лица во домаќинствата**

| број на лица во домаќинство | број на домаќинства |
|---|---|
| 3 | 19 |
| 4 | 15 |
| 5 | 8 |
| **Вкупно** | **42** |

Од вкупниот број на испитаници, 28,6 проценти имаат деца на возраст од 0 до 3 години, додека 71,4 проценти имаат деца на возраст од 3 до 6 години. Независно од возраста на децата, сите користат услуга за згрижување деца во јавна - државна детска градинка. Притоа, бројот на часови што нивните деца ги користат во предучилишно згрижување е прикажан во табела 7.

**Табела 7. Број на часови во предучилишно згрижување**

| **0 - 3 години** | | **3 - 6 год** | |
|---|---|---|---|
| **Време** | **број на деца** | **време** | **број на деца** |
| од 1 до 4 часа | / | од 1 до 4 часа | **2** |
| од 4 до 8 часа | **9** | од 4 до 8 часа | **22** |
| повеќе од 8 часа | **3** | повеќе од 8 часа | **6** |
| **Вкупно** | **12** | **Вкупно** | **30** |

Табела 8 го прикажува времето кога родителите вообичаено го/ги земаат детето/децата од градинка.

**Табела 8. Време на земање од градинка**

| 0 - 3 години | | 3 - 6 год | |
|---|---|---|---|
| **Време** | **број на деца** | **време** | **број на деца** |
| до 12 часот | / | до 12 часот | **2** |
| од 12 до 15 часот | **4** | од 12 до 15 часот | **10** |
| по 15 часот | **8** | по 15 часот | **18** |
| **Вкупно** | **12** | **Вкупно** | **30** |

За потребите на истражувањето, испитаниците беа прашани дали имаат потреба од дополнителни услуги за згрижување на детето/децата. Притоа, од вкупно 42 испитаници, 35,7 проценти одговорија потврдно. Во табела 9 се прикажани дополнителните потреби на испитаниците, во зависност од возраста на децата.

**Табела 9. Дополнителни потреби за децата**

| дополнителна потреба | 0 - 3 години | 3 - 6 год |
|---|---|---|
| згрижување во попладневните часови | **1** | **2** |
| згрижување кога детето е болно | **3** | **8** |
| згрижување за време на викенди и празници | / | **1** |

Иако сите испитаници одговорија дека нивните деца посетуваат јавна - државна градинка, на прашањето, кога би имале можност да изберат кој начин на згрижување би го избрале за своето/своите дете/деца, дадоа различни одговори (табела 10).

**Табела 10. Начин на згрижување деца (посакуван избор)**

| Начин на згрижување | 0 - 3 години | 3 - 6 години |
|---|---|---|
| државна детска градинка | 4 | 16 |
| приватна детска градинка | 4 | 6 |
| член од семејството | / | 1 |
| дадилка во домот | 2 | 5 |
| центар за ран детски развој | 2 | 2 |
| Вкупно | **12** | **30** |

Во зависност од возраста на децата, испитаниците дадоа различни одговори и во однос на прашањето, каква потреба имаат за згрижување на своето/своите дете/деца во однос на времетраењето на згрижувањето (табела 11)

**Табела 11. Потреба за згрижување деца во однос на времетраење**

| дополнителна потреба | 0 - 3 години | 3 - 6 години |
|---|---|---|
| целодневно згрижување | 7 | 17 |
| полудневно згрижување (до 12:30 часот) | / | 2 |
| флексибилно згрижување | 3 | 10 |
| згрижување во смени | 2 | 1 |
| згрижување до 3 часа | / | / |
| **Вкупно** | **12** | **30** |

На прашањето, дали имаат потреба од воведување задолжителна предучилишна подготовка на децата пред поаѓање на училиште, најголемиот дел од испитаниците одговорија потврдно (графикон 8)

**Графикон 8. Потреба од воведување задолжителна предучилишна подготовка**




Од вкупниот број испитаници, 88,1 проценти имаат и деца на училишна возраст и посетуваат основно образование. Од нив, 72,97 проценти потврдија дека и за тоа дете имаат потреба од згрижување по завршувањето на часовите.

За потребите на истражувањето, испитаниците беа прашани за нивното мислење во однос на различни индикатори за квалитетот за згрижување на нивните деца. Нивните одговори (по степени на важност) за индикаторите за квалитет се прикажани во табела 12.

**Табела 12. Важност на индикатори за квалитет на згрижување**

| Индикатори за квалитет | Многу важно | Важно | Помалку важно | Воопшто не е важно |
|---|---|---|---|---|
| 1. Убаво уреден простор | 15 | 18 | 9 | / |
| 2. Флексибилно работно време | 22 | 16 | 4 | / |
| 3. Можности децата да престојуваат во природа | 28 | 12 | 2 | / |
| 4. Помал број деца во групата | 15 | 22 | 5 | / |
| 5. Близина до местото на живеење | 19 | 20 | 3 | / |
| 6. Достапна цена на услугите | 25 | 14 | 3 | / |
| 7. Посебна грижа за моето дете кое има дополнителни потреби | 27 | 12 | 3 | / |
| 8. Работа во смени | 15 | 19 | 8 | / |
| 9. Однесувањето на персоналот | 36 | 4 | 2 | / |
| 10. Добро избалансирана и здрава исхрана | 37 | 3 | 2 | / |
| 11. Добри хигиенски услови | 40 | 2 | / | / |
| 12. Воспитно-образовна програма по која се работи во градинката | 36 | 6 | / | / |
| 13. Дополнителни - факултативни активности (учење странски јазик, балет и др.) | 20 | 13 | 9 | / |

Испитаниците беа прашани и што би направиле доколку не најдат соодветно згрижување за своето/те дете/деца од предучилишна возраст. Најголемиот дел, односно 78,5 проценти одговорија дека ќе ги прифатат расположливите услуги за згрижување деца. Друга работа би побарале 9,5 проценти од испитаниците, а други 9,5 проценти одговорија дека ќе платат поголема сума за услуга што ја сакаат. Еден испитаник одговори дека ќе даде отказ од работа.

Во однос на згрижувањето на децата во градинка во текот на последната година, 73,8 проценти одговориле дека немале никакви проблеми. Другите 26,2 проценти изјавија дека се соочиле со одредени проблеми. Од нив, 9,5 проценти имале проблеми со изнаоѓање привремено згрижување, 9,5 проценти со изнаоѓање на згрижување за болно дете, 4,7 проценти се соочиле со немање место поради листа на чекање (недоволен капацитет), а 2,3 проценти од испитаниците напоменаа дека во местото на живеење има недостиг од такви услуги.

За потребите на истражувањето, испитаниците беа прашани дали сметаат дека се потребни некои иновации во системот на заштита на децата. Најголемиот дел од нив (83,3%) одговорија потврдно. Нивните изјави беа во насока на потребите за збогатување на програмите со физички (спортски) активности во природа, поголема соработка со родителите, воведување флексибилно работно време, поголеми занимални, повеќе едукативни содржини, зголемување на капацитетите, едукација на вработените и слично.

Исто така, испитаниците беа прашани за своите ставови за тоа дали видот и

обемот на услугите за ран детски развој во Република Северна Македонија можат да влијаат врз подобрувањето на детската благосостојба, во насока на унапредување на физичкото здравје, развојот и безбедноста, психо-социјалниот и емоционалниот развој, социјалниот развој и однесувањето, како и когнитивниот развој и образовните достигнувања на своето/своите дете/деца. Сите испитаници одговорија потврдно во однос на сите аспекти.

Во однос на унапредувањето на физичкото здравје, испитаниците потврдија дека тоа е значајно за подобрувањето на детската благосостојба поради можноста за стекнување здрави и хигиенски навики, избалансирана исхрана, социјализација (со врсници) и се истакна потребата за зголемување часови за физичко воспитание и спортски активности во природа (задолжителна настава во природа).

Од аспект на развојот и безбедноста на децата, испитаниците одговорија дека улогата на центрите за ран детски развој е голема поради чувството на сигурност и припадност, креирање позитивна слика за себе и за другите, учење преку социјализација и визуализација. Беше напоменато и потребата за повеќе разговори за предизвиците во социјалниот живот, ангажирање логопед за правилен раст и развој (по потреба), како и поставување сигурни и безбедни справи за игра во дворовите.

Испитаниците беа согласни и за тоа дека центрите за ран детски развој имаат влијание и врз унапредувањето на психо-социјалниот и емоционалниот развој на децата, бидејќи тоа придонесува за поголема самодоверба, надминување на срамежливоста, совладување на бесот и гневот, учење искажување чувства, препознавање и доживување емоции. Особено беше нагласено значењето на употребата на позитивен јазик, како и психо-социјалната поддршка на родителите.
Ставовите на испитаниците беа позитивни и во насока на тоа дека услугите за центрите за ран детски развој во Република Северна Македонија можат да влијаат врз подобрувањето на детската благосостојба, во однос на социјалниот развој и однесувањето на своето/своите дете/деца. Тоа беше препознаено во фактите дека децата се социјализираат и се дружат, учат емоционална интелигенција, себеприфаќање и заемно прифаќање, формираат меѓусебна емоционална врска преку која ги збогатуваат своите социјални искуства, учат заемна почит, тимска работа и почитување на различности, учат бон-тон преку игра.

Позитивно влијание беше препознаено и во однос на когнитивниот развој и образовните достигнувања на децата, бидејќи, според ставовите на испитаниците, децата поминуваат време во стимулирачка средина, учат трпение, учат преку игри, песни и приказни, развиваат говор и перцепција со вежби прилагодени на возраста. Притоа, беше напоменато и потребата за воведување повеќе истражувачки активности.

## 6.4. Заклучоци со препораки

Од теоретските сознанија и резултатите од емпириското истражување во овој труд со сите групи на испитаници се изведуваат заклучоци во насока на потврдување на поставените хипотези.

Првата хипотеза, која гласи: „Промената на критериумите за пристап и висината на правата на парична помош од детска заштита ќе го подобри опфатот на децата што живеат во пониско приходни домаќинства, што може да влијае врз намалувањето на стапката на сиромаштија - вкупна и посебно на стапката на детска сиромаштија“, се потврди во ставовите на сите групи испитаници, во насока за зголемен број на опфат на деца. Високи 93,2 проценти од стручните работници во ЦСР потврдија дека со воведувањето нови парични права, како и изменети критериуми за пристап е подобрен опфатот на деца од домаќинства со пониски приходи. Кај корисниците на права од Законот за детска заштита се забележа зголемен опфат на деца со нови права и зголемен износ на права што веќе ги користеле, а високи 68,9 проценти потврдија дека по измените на Законот за заштита на децата во 2019 година се зголемија приходите во нивното домаќинство.

Истражувањето ја потврди и втората хипотеза „Постоечките услуги за згрижување и воспитание на деца не соодветствуваат на перцепциите на стручните работници и родителите за формата и обемот на истите“, во насока на содржините на кратките и долгите програми (во градинките и центрите за ран детски развој) и обемот на достапните услуги (број на опфатени деца во градинките и во центрите за ран детски развој). Имено, високи 76,7 проценти од стручните работници во ЦСР сметаат дека содржините на програмите се соодветни и прилагодени на возраста на децата, како и дека во нив се обезбедени предуслови за исполнување на детските права. Сепак, тие потенцираа дека е неопходно зголемување на капацитетите во градинките и во центрите за ран детски развој, со цел да се опфати поголем број деца на предучилишна возраст. Од друга страна, стручните работници од установите за деца истакнаа дека е неопходно ревидирање на некои сегменти и воведување новитети, релевантни за времето во кое се воспитуваат децата.

Третата хипотеза „Идентификуваните потреби за иновации се разликуваат кај стручните работници и корисниците“, исто така, се потврди со резултатите од истражувањето. Разликите во идентификуваните потреби се согледува од позиција на гледање на испитаниците. Имено, кај стручните работници од ЦСР се издвојуваат потребите за унапредување на системот во однос на начинот за аплицирање за соодветно право, зголемување на соработката со образовните институции, како и поголемо акцентирање на потребата за заштита и поддршка на одредени категории на деца (децата од еднородителски семејства - конкретно деца со починат родител, деца со исчезнат родител и деца со непризнато татковство, децата со попреченост). Кај стручните работници од установите за деца се издвојуваат потреби од аспект на функционирањето на установите за деца, во насока на предлози за отворање дневни центри за деца од семејства со ниски приходи, зголемување на капацитетите во градинките и воведување задолжително предучилишно згрижување на децата, воведување скалесто формирање на цени на

услугите и слично). Предлозите за унапредување на системот на заштита на децата од страна на корисниците на права од Законот за социјалната заштита се однесуваа на нивни размислувања за поголеми износи на сите парични бенефиции (со разни олеснителни критериуми), а корисниците на услугите во установи за деца акцентираа потреби за збогатување на програмите со физички (спортски) активности во природа, поголема соработка со родителите, воведување флексибилно работно време, поголеми занимални, повеќе едукативни содржини и слично.

Четвртата хипотеза „Промената на видот и обемот на услугите за згрижување и воспитание може да влијае врз подобрувањето на детската благосостојба“ е потврдена со ставовите на сите испитаници. Притоа, потврдните ставови од сите испитаници се однесуваат на сите разгледувани аспекти на детската благосостојба, и тоа: унапредување на физичкото здравје, развојот и безбедноста, психо-социјалниот и емоционалниот развој, социјалниот развој и однесувањето, како и когнитивниот развој и образовните достигнувања на детето/децата.

* * *

Согласно добиените резултати од првата хипотеза, докторскиот труд ги нуди следните препораки за поголем опфат на деца, како и за намалување на сиромаштијата.

Зајакнување на центрите за социјална работа преку подобрување на условите за работа, обезбедување средства и методи за работа со корисници, со цел унапредување на превентивната работа, која се остварува преку теренска работа и тесна соработка со образовни, здравствени, невладини, општински и други организации и институции.

Спроведување обуки на стручните работници за подобро таргетирање на потенцијалните корисници за можноста за остварување на парични надоместоци и социјални услуги.

Во однос на добиените резултати од втората хипотеза, препораките што следат, ќе придонесат кон подобрување на програмите за рано учење и развој, кои се спроведуваат во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, како и воведување нови форми на згрижување:

Подобрување на наставните програми за воспитувачите во иницијалното образование.

Промовирање на учење преку игра во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Обезбедување континуирани обуки за кадарот што работи во установите за згрижување и воспитание на деца на предучилишна возраст.

Воведување кратки форми на згрижување со акцент на воспитната компонента, особено во руралните средини и средини каде што нема установи за деца.

Проширување на капацитетите на установите за згрижување и воспитание на деца на возраст до 6 години.

Редовно ревидирање на програмите за рано учење и развој.

Зајакнување на капацитетите на кадарот што работи во установите за згрижување и воспитание во однос на инклузија на деца со попреченост.

Препораките што се однесуваат на третата хипотеза ќе придонесат кон унапредување на системот за социјална заштита и системот за заштита на децата преку воведување иновативни пристапи.

Зголемување на износите на сите парични надоместоци и воведување олеснителни критериуми.

Отворање дневни центри за деца од семејства со ниски приходи.

Зголемување на капацитетите во градинките.

Воведување задолжително предучилишно згрижување на децата.

Ревизија на партиципацијата на родителите за престој во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со воведување скалесто формирање цени на услугите.

Во однос на резултатите добиени од четвртата хипотеза, а кои се однесуваат на подобрување на детската благосостојба, овој докторски труд ги предлага следните препораки.

Развој на физички вештини и способности за подобрување на моториката на децата.

Зголемување на активностите за координација преку игри и танци, како и воведување спортско-рекреативни и активности на отворено.

Воведување алатка со која ќе се следат постигнувањата кај децата, со цел подобрување на програмите за рано учење и развој.

Промовирање на услугата - згрижување деца во домот на физичко лице што е лиценцирано за згрижување деца од предучилишна возраст.

Поддршка на родителите во грижата и воспитувањето на децата, преку отворање советувалишта во градинките и организирање советодавна работа со родители и членови на поширокото семејство.

Учењето за учество и припадност кон одредена група уште од најмала возраст кај детето создава емоционална приврзаност и влијае врз емоционалниот развој на детето, а преку игрите, како индивидуални, така и групни со други деца од иста или од приближна возраст се постигнува развој на психо-социјален план.

Поттикнување интеракција, поврзување и игра, која колку и да е мала, го стимулира развојот на мозокот кај децата и го унапредува нивното здравје и благосостојба.

Препораките од овој труд, кои произлегоа од теоретските анализи и перцепциите на стручните работници и корисниците на системот на детска заштита во Република Северна Македонија, се дадени со надеж дека ќе придонесат за унапредување на квалитетот на животот на децата (особено од ранливите категории) и дека ќе се обезбедат можности за дополнителен иновативен пристап во политиките за заштита на децата.

**Прилог 1 - Структуриран прашалник за стручни работници во цср и установи за деца**

| **I. Основни информации**<br><br>Овој дел вклучува демографски и основни прашања за перцепциите на стручните работници. | |
|---|---|
| **Демографски податоци** | |
| 1. **Пол**<br><br>1. Машки<br>2. Женски | 2. **Возраст**<br>1. 18 до 24<br>2. 25 до 34<br>3. 35 до 44<br>4. 45 до 54<br>5. 55 + |
| 3. **Брачен статус**<br>1. Немажена/неженет<br>2. женет/мажена<br>3. Разведен/а<br>4. Вдовец/вдовица<br>5. Живее во заедница | 4. **Степен на образование**<br>1. Завршено основно образование<br>2. Завршено средно образование<br>3. Завршено високо образование<br>4. Завршени постдипломски студии (Магистерски или докторски) |
| 5. **Етничка припадност**<br>1. Македонци<br>2. Албанци<br>3. Срби<br>4. Власи<br>5. Роми<br>6. Бошњаци<br>7. Друго_____________ | 6. **Каде живеете**<br>1. Град<br>2. Село |
| 7. **Работен статус**<br>1. Вработен<br>2. Самовработен | 8. **Професија**<br>__________________________________________<br>– |

| | |
|---|---|
| 3. Невработен<br>4. Студент<br>5. Друго_____________ | |

| **II. Перцепции на стручните работници за иновации во системот на заштита на децата (предлози за унапредување на дејноста)** |
|---|
| 1. Дали сметате дека промената на критериумите за пристап и висината на правата на парична помош од областа на детската заштита (по законските измени од 2019 година) го подобрија опфатот на децата од домаќинствата со пониски приходи?<br><br>1.1. Ако ДА, како?<br>______________________________<br>1.2. Ако НЕ, зошто?<br>______________________________<br>______________________________ |
| 2. Дали сметате дека промената на критериумите за пристап и висината на правата на парична помош од областа на детската заштита (по законските измени од 2019 година) влијаеше врз намалувањето на стапката на сиромаштија (вкупна и детска сиромаштија)?<br><br>2.1. Ако ДА, како?<br>______________________________<br>2.2. Ако НЕ, зошто?<br>______________________________<br>______________________________ |
| 3. Дали сметате дека се потребни некои иновации во системот на заштита на децата?<br>а. ДА (какви)<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br><br>б. НЕ |
| 4. Дали сметате дека видот и обемот на услугите за ран детски развој во Република Северна Македонија можат да влијаат врз подобрувањето на детската благосостојба, во насока на унапредување на:<br><br>4.1. физичкото здравје на децата<br>4.1.1. ДА (како)<br>______________________________ |

4.1.2. НЕ (зошто)

4.2. развојот и безбедноста на децата

4.2.1. ДА (како)

4.2.2. НЕ (зошто)

4.3. психо-социјалниот и емоционалниот развој на децата

4.3.1. ДА (како)

4.3.2. НЕ (зошто)

4.4. социјалниот развој и однесувањето на децата

4.4.1. ДА (како)

4.4.2. НЕ (зошто)

4.5. когнитивниот развој и образовните достигнувања на децата

4.5.1. ДА (како)

4.5.2. НЕ (зошто)

5. Наведете го Вашето мислење (перцепции) за постоечките услуги за ран детски развој, во однос на:

5.1. содржините на кратките и долгите програми (во градинките и центрите за ран детски развој)

5.2. обемот на достапните услуги (број на опфатени деца во градинките и центрите за ран детски развој)

**Прилог 2 - Структуриран прашалник за корисници на права од Законот за заштита на децата**

**<u>Општи податоци:</u>**
**1. Град / Општина ______________________**

**2. Место на живеење**
а) град
б) село
**3. Етничка припадност**
а) Македонци
б) Албанци
в) Турци
г) Роми
д) Друго (наведете)_________________________

**4. Степен на завршено образование?**
а) Основно образование
б) Средно образование
в) Високо образование
г) Без образование или незавршено основно образование

**5. Кој е Вашиот статус на вработеност? (интервјуираното лице одговара за обата родители)**

| 1. Мајка | 2. Татко |
|---|---|
| Редовен работен однос<br>Работен однос со скратено работно време<br>Работен однос во смени<br>Самовработен со флексибилно работно време<br>Студент<br>Невработен<br>Друго_________________________<br>Не е соодветно | Редовен работен однос<br>Работен однос со скратено работно време<br>Работен однос во смени<br>Самовработен со флексибилно работно време<br>Студент<br>Невработен<br>Друго_______________________<br>Не е соодветно |

**6. Колку лица живеат во Вашето домаќинство, вклучувајќи ве и Вас?**
_____________

**7. Број на деца во домаќинството _______**

**8. Кој е Вашиот сегашен брачен статус?**
а) Мажена/оженет
б) Разведена/разведен

в) Вдовица/вдовец
г) Немажена/неженет
**9. Дали сте самохран родител?**
а) да б) не

| **Прашање** |
|---|
| **10. Дали користевте некое право од Законот за заштита на децата пред измените во 2019 година?**<br><br>а) да, кое? ________________________<br>б) не |
| **11. По измените на Законот за заштита на децата во 2019 година:**<br>а) продолживте да го користите истото право, во зголемен износ<br>б) продолживте да го користите истото право, во ист износ<br>в) покрај постоечкото, се стекнавте со друго право (кое) _____________<br>г) се стекнавте со ново право (кое) _____________________________<br>д) го изгубивте постоечкото право |
| **12. Дали по измените на Законот за заштита на децата во 2019 година се зголемија приходите во Вашето домаќинство?**<br>а. ДА<br>б. НЕ |
| **13. Дали сметате дека се потребни некои иновации во системот на заштита на децата?**<br>а. ДА (какви)<br>________________________________________________________________________<br>________________________________________________________________________<br>________________________________________________________________________<br>б. НЕ |
| |
| |
| |

**Прилог 3 - Структуриран прашалник за корисници на услуги во установи за деца**

**Општи податоци:**

**1. Град / Општина ______________________**

**2. Место на живеење**
а) град б) село

**3. Етничка припадност?**
а) Македонска
б) Албанска
в) Турска
г) Ромска
д) Друго наведи_________________________

**4. Кој е највисокиот степен на образование што сте го стекнале?**
а) Основно образование
б) Средно образование
в) Високо образование
г) Без образование или незавршено основно образование

**5. Кој е Вашиот работен статус?**

| 1. Мајка | 2. Татко |
|---|---|
| Редовен работен однос<br>Работен однос со скратено работно време<br>Работен однос во смени<br>Самовработен со флексибилно работно време<br>Студент<br>Невработен<br>Друго_________________________<br>Не е соодветно | Редовен работен однос<br>Работен однос со скратено работно време<br>Работен однос во смени<br>Самовработен со флексибилно работно време<br>Студент<br>Невработен<br>Друго_______________________<br>Не е соодветно |

**6. Колку лица живеат во Вашето домаќинство, вклучувајќи ве и Вас?**
_____________

**7. Кој е Вашиот сегашен брачен статус?**
а) Мажена/оженет
б) Разведена/разведен
в) Вдовица/вдовец
г) Немажена/неженет

**8. Дали сте самохран родител?**
а) да б) не

**9. Дали во моментот користите услуги за згрижување на деца за Вашето дете/ деца од предучилишна возраст?**
*(Доколку имате деца од двете возрасни групи, одговорете за секоја возрасна група)*

| 0-3 години | 3-6 години |
|---|---|
| а) да<br>б) не | а) да<br>б) не |

(*Доколку одговорите со НЕ за одредена возрасна група, само за неа одете на прашање бр. 15)*

**10. Доколку во моментот користите услуга за згрижување деца, заокружете ја услугата што ја користите**
(*заокружете само една опција за секоја возрасна група*)

| 0-3 години | 3-6 години |
|---|---|
| а) јавна - државна детска градинка<br>б) приватна детска градинка<br>в) домашно згрижување од друго лице (дадилка)<br>г) јавен/државен Центар за ран детски развој<br>д) приватен Центар за ран детски развој | а) јавна - државна детска градинка<br>б) приватна детска градинка<br>в) домашно згрижување од друго лице (дадилка)<br>г) јавен/државен Центар за ран детски развој<br>д) приватен Центар за ран детски развој |

**11. Колку часа дневно Вашето дете користи предучилишно згрижување?**

| 0-3 години | 3-6 год |
|---|---|
| а) од 1-4 часа<br>б) од 4-8 часа<br>в) повеќе од 8 часа | а) од 1-4 часа<br>б) од 4-8 часа<br>в) повеќе од 8 часа |

**12. Доколку Вашето дете посетува државна детска градинка, во кое време вообичаено го земате детето дома?**

| 0-3 години | 3-6 год |
|---|---|
| а) до 12 часот<br>б) од 12 -15 часот<br>в) по 15 часот | а) до 12 часот<br>б) од 12 -15 часот<br>в) по 15 часот |

**13. Дали имате потреба од дополнителни услуги за згрижување на Вашето дете?**
а) да б) не

**14. Ако имате потреба од дополнителни услуги за згрижување на Вашето дете, заокружете ги сите што ви се потребни за секое дете посебно?**

| 0-3 години | 3-6 год |
|---|---|
| а) згрижување во попладневните часови<br>б) згрижување кога е детето болно<br>в) згрижување за време на викенди и<br>празници<br>г) друго______________________ | а) згрижување во попладневните часови<br>б) згрижување кога е детето болно<br>в) згрижување за време на викенди и<br>празници<br>г) друго___________________ |

**15. Наведете ги причините зошто не користите услуга за згрижување на Вашето дете.**
*(Ова прашање **го одговараат само оние родители чии деца не користат услуги за згрижување)***

| 0-3 години | 3-6 год |
|---|---|
| а) сам/а се грижам за моето дете<br>б) имам на располагање друг член од семејството, кој се грижи за моето дете<br>в) не постои предучилишна установа во близина на местото на живеење<br>г) не сум во состојба да го платам надоместокот во установата<br>д) бев одбиен-а поради немање место<br>ѓ) работното време на установата не ми одговара<br>е) имам дете со посебни потреби за кое нема соодветна установа<br>ж)<br>друго_____________________________ | а) сам/а се грижам за моето дете<br>б) имам на располагање друг член од семејството, кој се грижи за моето дете<br>в) не постои предучилишна установа во близина на местото на живеење<br>г) не сум во состојба да го платам надоместокот во установата<br>д) бев одбиена поради немање место<br>ѓ) работното време на установата не ми одговара<br>е) имам дете со посебни потреби за кое нема соодветна установа<br>ж) друго<br>___________________________________<br>___________________________________ |

**16. Кога би имале можност да изберете кој начин на згрижување би го избрале за Вашето дете?**
*(изберете само еден одговор за секоја возрасна група доколку имате деца од двете возрасни групи)*

| 0-3 години | 3-6 год |
|---|---|
| а) државна детска градинка<br>б) приватна детска градинка<br>в) член од семејството<br>г) дадилка во домот<br>д) центар за ран детски развој | а) државна детска градинка<br>б) приватна детска градинка<br>в) член од семејството<br>г) дадилка во домот<br>д) центар за ран детски развој |

| | |
|---|---|
| ѓ) друго ______________________________ ________________________________________ | ѓ) друго _____________________ _________________________________ |

**17. Каква потреба имате за згрижување на Вашето дете во однос на времетраењето на згрижувањето?**
*(изберете само еден одговор за секоја возрасна група доколку имате деца од двете возрасни групи)*

| 0-3 години | 3-6 год |
|---|---|
| а) целодневно згрижување<br>б) полудневно згрижување (до 12.30 часот)<br>в) флексибилно згрижување<br>г) згрижување во смени<br>д) згрижување до 3 часа<br>ѓ) друго________________________<br>__________________________________ | а) целодневно згрижување<br>б) полудневно згрижување (до 12.30 часот)<br>в) флексибилно згрижување<br>г) згрижување во смени<br>д) згрижување до 3 часа<br>ѓ) друго_____________________________<br>_______________________________________ |

**18. Дали има потреба од воведување задолжителна предучилишна подготовка на децата пред поаѓање на училиште?**

а) Да
б) Не
в) Не знам

**19. Доколку имате дете во основно училиште, дали имате потреба од негово згрижување по завршување на часовите?**
*(Родителите/старателите кои немаат училишно дете заокружуваат под в) не е соодветно)*

а) Да
б) Не
в) Не е соодветно

**20. Кои од наведените индикатори за квалитет за згрижување на деца се најважни за Вас и Вашето дете/деца**
*(Ве молиме означете го секој индикатор за квалитет по важност*)

| Индикатори за квалитет | Многу важно | Важно | Помалку важно | Воопшто не е важно |
|---|---|---|---|---|
| 14. Убаво уреден простор | | | | |
| 15. Флексибилно работно време | | | | |
| 16. Можности децата да престојуваат во природа | | | | |
| 17. Помал број на деца во групата | | | | |
| 18. Близина до местото на живеење | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. Достапна цена на услугите | | | | |
| 20. Посебна грижа за моето дете кое има дополнителни потреби | | | | |
| 21. Работа во смени | | | | |
| 22. Однесувањето на персоналот | | | | |
| 23. Добро избалансирана и здрава исхрана | | | | |
| 24. Добри хигиенски услови | | | | |
| 25. Воспитно образовна програма по која се работи во градинката | | | | |
| 26. Дополнителни - факултативни активности (учење на странски јазик, балет и др.) | | | | |

**21. Што би направиле доколку не најдете соодветно згрижување за Вашето дете/ деца од предучилишна возраст**

а) Ќе дадам оставка од работа
б) Ќе најдам друга работа
в) Ќе ги прифатам расположливите услуги за згрижување деца
г) Ќе платам поголема сума за услуга што јас ја сакам
д) Немам потреба од згрижување на моето дете

**22. Дали сте имале какви било проблеми со згрижување на Вашето дете во градинка во текот на последната година?**

а) Да б) Не

**23. Доколку Вашиот одговор на претходното прашање е ДА, какви биле тие проблеми?**

а) Висока цена на чинење
б) Изнаоѓање на привремено згрижување
в) Изнаоѓање на згрижување за болно дете
г) Изнаоѓање на згрижување на дете со посебни потреби
д) Немање место поради листа на чекање (недоволен капацитет???)
ѓ) Недостиг од вакви услуги во моето место на живеење
е) Оддалеченост и соодветен превоз
ж) Друго наведи

____________________________________________

**24. Дали сметате дека се потребни некои иновации во системот на заштита на децата?**

а. ДА (какви)

____________________________________________________

____________________________________________________

б. НЕ

**25. Дали сметате дека видот и обемот на услугите за ран детски развој во**

**Република Северна Македонија можат да влијаат врз подобрувањето на детската благосостојба, во насока на унапредување на:**

25.1. физичкото здравје на Вашите деца

25.1.1. ДА (како)

___

___

25.1.2. НЕ (зошто)

___

25.2. развојот и безбедноста на Вашите деца

25.2.1. ДА (како)

___

___

25.2.2. НЕ (зошто)

___

25.3. психо-социјалниот и емоционалниот развој на Вашите деца

25.3.1. ДА (како)

___

___

25.3.2. НЕ (зошто)

___

___

25.4. социјалниот развој и однесувањето на Вашите деца

25.4.1. ДА (како)

___

___

25.4.2. НЕ (зошто)

___

___

25.5. когнитивниот развој и образовните достигнувања на Вашите деца

25.5.1. ДА (како)

___

25.5.2. НЕ (зошто)

___

___

# Библиографија

Acheson, D., (1998), Independent Inquiry into Inequalities in Health: Report, London: The Stationery Office

